**91.** Оние не го ценат Аллаха со цената Негова вистинска кога зборуваа: “Аллах ништо не му објави на ниеден човек!” Кажи: “Кој ја објави Книгата со која дојде Муса: Светлина и Патоказ за луѓето, која ја ставате на листови за да ја обелодените а многу од неа криете, и со која ве поучи во она што не го знаевте, ни вие ни предците ваши? Кажи: “Аллах!” И остави ги да си играат со лагите свои!

وَمَا قَدَرُوا۟ ٱللَّهَ حَقَّ قَدْرِهِۦٓ إِذْ قَالُوا۟ مَآ أَنزَلَ ٱللَّهُ عَلَىٰ
بَشَرٍ مِّن شَىْءٍ ۗ قُلْ مَنْ أَنزَلَ ٱلْكِتَٰبَ ٱلَّذِى جَآءَ بِهِۦ
مُوسَىٰ نُورًا وَهُدًى لِّلنَّاسِ ۖ تَجْعَلُونَهُۥ قَرَاطِيسَ
تُبْدُونَهَا وَتُخْفُونَ كَثِيرًا ۖ وَعُلِّمْتُم مَّا لَمْ تَعْلَمُوٓا۟ أَنتُمْ
وَلَآ ءَابَآؤُكُمْ ۖ قُلِ ٱللَّهُ ۖ ثُمَّ ذَرْهُمْ فِى خَوْضِهِمْ
يَلْعَبُونَ ﴿٩١﴾

**92.** Ова е Книга што Ние му ја објавивме, Благословена и Потврда за она што е пред неа, и за

وَهَٰذَا كِتَٰبٌ أَنزَلْنَٰهُ مُبَارَكٌ مُّصَدِّقُ ٱلَّذِى بَيْنَ
يَدَيْهِ وَلِتُنذِرَ أُمَّ ٱلْقُرَىٰ وَمَنْ حَوْلَهَا ۚ وَٱلَّذِينَ يُؤْمِنُونَ

да се опомене Уммул-кура и оние околу неа. Оние кои веруваат во Ахирет, веруваат во неа, внимаваат на намазот свој.

بِٱلْأَخِرَةِ يُؤْمِنُونَ بِهِۦ وَهُمْ عَلَىٰ صَلَاتِهِمْ
يُحَافِظُونَ ﴿٩٢﴾

**93.** А кој е поголем зулумќар од оној кој фрла лага врз Аллах? Или кој зборува: “Мене ми е објавено,” а нему ништо не му е објавено, или, пак, кој зборува: “Ќе објавам нешто што е слично на она што го објави Аллах.” Е, само кога би ги видел зулумќарите кога ќе бидат во смртните маки а мелеките веќе ги пружаат рацете свои: “Исфрлете ги душите ваши! Денес одите таму каде што ќе бидете казнети со казна неподнослива заради невистината што ја зборувавте за Аллах и заради што се надувавте кон ајетите Негови.

وَمَنْ أَظْلَمُ مِمَّنِ ٱفْتَرَىٰ عَلَى ٱللَّهِ كَذِبًا أَوْ قَالَ أُوحِىَ
إِلَىَّ وَلَمْ يُوحَ إِلَيْهِ شَىْءٌ وَمَن قَالَ سَأُنزِلُ مِثْلَ مَآ أَنزَلَ
ٱللَّهُ وَلَوْ تَرَىٰٓ إِذِ ٱلظَّٰلِمُونَ فِى غَمَرَٰتِ ٱلْمَوْتِ
وَٱلْمَلَٰٓئِكَةُ بَاسِطُوٓا۟ أَيْدِيهِمْ أَخْرِجُوٓا۟
أَنفُسَكُمُ ٱلْيَوْمَ تُجْزَوْنَ عَذَابَ ٱلْهُونِ
بِمَا كُنتُمْ تَقُولُونَ عَلَى ٱللَّهِ غَيْرَ ٱلْحَقِّ
وَكُنتُمْ عَنْ ءَايَٰتِهِۦ تَسْتَكْبِرُونَ ﴿٩٣﴾

**94.** И, секако, ќе ни доаѓате, поединечно, токму онака како што ве создадовме првпат и зад себе ќе го оставите она со што ве дарувавме; и Ние не ги гледаме со вас посредувачи ваши, здружениците за кои вие мислевте дека, навистина, ќе бидат со вас. Меѓу вас има, секако, врска прекината. Оние, меѓу вас, кои ги замислувавте здруженици, веќе скршнаа!

وَلَقَدْ جِئْتُمُونَا فُرَٰدَىٰ كَمَا خَلَقْنَٰكُمْ أَوَّلَ مَرَّةٍ
وَتَرَكْتُم مَّا خَوَّلْنَٰكُمْ وَرَآءَ ظُهُورِكُمْ وَمَا نَرَىٰ
مَعَكُمْ شُفَعَآءَكُمُ ٱلَّذِينَ زَعَمْتُمْ أَنَّهُمْ فِيكُمْ شُرَكَٰٓؤُا۟
لَقَد تَّقَطَّعَ بَيْنَكُمْ وَضَلَّ عَنكُم
مَّا كُنتُمْ تَزْعُمُونَ ﴿٩٤﴾

**95.** Аллах, навистина, е Расцепувач на зрната и голушките. Он од живо вади мртво, и Он од

۞ إِنَّ ٱللَّهَ فَالِقُ ٱلْحَبِّ وَٱلنَّوَىٰ يُخْرِجُ ٱلْحَىَّ
مِنَ ٱلْمَيِّتِ وَمُخْرِجُ ٱلْمَيِّتِ مِنَ ٱلْحَىِّ ذَٰلِكُمُ ٱللَّهُ فَأَنَّىٰ

мртво вади живо. Ете, тоа ви е Аллах. Та, каде сте кинисале!?

تُؤْفَكُونَ ﴿٩٥﴾

**96.** Он е Расцепувач на муграта. Он ноќта ја определи за смирна, а Сонцето и Месечината за сметање на времето. Ете, тоа е одредба на Силниот и Зналецот!

فَالِقُ ٱلْإِصْبَاحِ وَجَعَلَ ٱلَّيْلَ سَكَنًا وَٱلشَّمْسَ
وَٱلْقَمَرَ حُسْبَانًا ذَٰلِكَ تَقْدِيرُ ٱلْعَزِيزِ ٱلْعَلِيمِ ﴿٩٦﴾

**97.** Он ви ги определи ѕвездите за да се управувате по нив низ темнини и по море и по копно. Ние, секако, ги толкуваме знаменијата Наши за луѓето кои знаат!

وَهُوَ ٱلَّذِي جَعَلَ لَكُمُ ٱلنُّجُومَ لِتَهْتَدُوا۟
بِهَا فِي ظُلُمَٰتِ ٱلْبَرِّ وَٱلْبَحْرِ قَدْ فَصَّلْنَا ٱلْءَايَٰتِ لِقَوْمٍ
يَعْلَمُونَ ﴿٩٧﴾

**98.** И Он ве создаде од еден човек да се настаните на земјата и на неа да се погребите. Ние, секако, ги толкуваме знаменијата за луѓето кои сфаќаат!

وَهُوَ ٱلَّذِيٓ أَنشَأَكُم مِّن نَّفْسٍ وَٰحِدَةٍ فَمُسْتَقَرٌّ
وَمُسْتَوْدَعٌ قَدْ فَصَّلْنَا ٱلْءَايَٰتِ لِقَوْمٍ
يَفْقَهُونَ ﴿٩٨﴾

**99.**И Он од небо спушта вода па, со помош нејзина, вадиме сеаков вид на билки, а од нив вадиме зеленило од кое, пак, вадиме класје густо; вадиме и од урмите и од семето нивно, и гроздови лесно берливи, и градини со лозја зелени и маслинки, и шипки, слични и различни. Видете ги плодовите од сето тоа кои ‘ртат и кои цутат! Ете, во тоа има знаменија за луѓето кои веруваат, навистина!

وَهُوَ ٱلَّذِيٓ أَنزَلَ مِنَ ٱلسَّمَآءِ مَآءً فَأَخْرَجْنَا بِهِۦ
نَبَاتَ كُلِّ شَيْءٍ فَأَخْرَجْنَا مِنْهُ خَضِرًا نُّخْرِجُ
مِنْهُ حَبًّا مُّتَرَاكِبًا وَمِنَ ٱلنَّخْلِ مِن طَلْعِهَا
قِنْوَانٌ دَانِيَةٌ وَجَنَّٰتٍ مِّنْ أَعْنَابٍ وَٱلزَّيْتُونَ
وَٱلرُّمَّانَ مُشْتَبِهًا وَغَيْرَ مُتَشَٰبِهٍ ٱنظُرُوٓا۟
إِلَىٰ ثَمَرِهِۦٓ إِذَآ أَثْمَرَ وَيَنْعِهِۦٓ إِنَّ فِي ذَٰلِكُمْ
لَءَايَٰتٍ لِّقَوْمٍ يُؤْمِنُونَ ﴿٩٩﴾

**100.** И ние на Аллах здруженици му припишуваат: џинови - а Он нив ги создаде. И оние, без да

وَجَعَلُوا۟ لِلَّهِ شُرَكَآءَ ٱلْجِنَّ وَخَلَقَهُمْ وَخَرَقُوا۟ لَهُۥ بَنِينَ
وَبَنَٰتٍۭ بِغَيْرِ عِلْمٍ سُبْحَٰنَهُۥ وَتَعَٰلَىٰ عَمَّا

знаат, Му измислија синови и ќерки. Славен нека е и Возвишен Он, над она што Го опишуваат!

يَصِفُونَ ﴿١٠٠﴾

**101.** Создател на небесата и на Земјата! Како Он да има дете а нема жена? Он ја создава секоја ствар! Он знае сѐ!

بَدِيعُ ٱلسَّمَٰوَٰتِ وَٱلْأَرْضِ أَنَّىٰ يَكُونُ لَهُۥ وَلَدٌ وَلَمْ تَكُن لَّهُۥ صَٰحِبَةٌ وَخَلَقَ كُلَّ شَىْءٍ وَهُوَ بِكُلِّ شَىْءٍ عَلِيمٌ ﴿١٠١﴾

**102.** Ете, тоа е Аллах, Господарот ваш. Нема друг бог освен Него; Творител на секоја ствар - та, обожавајте Го! Он е Закрилник над секоја ствар!

ذَٰلِكُمُ ٱللَّهُ رَبُّكُمْ لَآ إِلَٰهَ إِلَّا هُوَ خَٰلِقُ كُلِّ شَىْءٍ فَٱعْبُدُوهُ وَهُوَ عَلَىٰ كُلِّ شَىْءٍ وَكِيلٌ ﴿١٠٢﴾

**103.** До Него не допираат очите, а Он допира до очите. Он е Сочувствителен и Известен!

لَّا تُدْرِكُهُ ٱلْأَبْصَٰرُ وَهُوَ يُدْرِكُ ٱلْأَبْصَٰرَ وَهُوَ ٱللَّطِيفُ ٱلْخَبِيرُ ﴿١٠٣﴾

**104.** Веќе ви дојдоа погледи од Господарот ваш, секако! Па, кој ќе погледа - тоа е за него, а кој ќе остане слеп - тоа е против него. Јас не сум ваш чувар!

قَدْ جَآءَكُم بَصَآئِرُ مِن رَّبِّكُمْ فَمَنْ أَبْصَرَ فَلِنَفْسِهِۦ وَمَنْ عَمِىَ فَعَلَيْهَا وَمَآ أَنَا۠ عَلَيْكُم بِحَفِيظٍ ﴿١٠٤﴾

**105.** И, ете, така Ние ги толкуваме знаменијата за да кажат: “Ти тоа го научи.” И за да им го објасниме на луѓето кои знаат!

وَكَذَٰلِكَ نُصَرِّفُ ٱلْءَايَٰتِ وَلِيَقُولُوا۟ دَرَسْتَ وَلِنُبَيِّنَهُۥ لِقَوْمٍ يَعْلَمُونَ ﴿١٠٥﴾

**106.** И следи го она што ти се објавува од Господарот твој. Нема друг бог освен Него! Оддалечи се од оние кои Му припишуваат здруженик!

ٱتَّبِعْ مَآ أُوحِىَ إِلَيْكَ مِن رَّبِّكَ لَآ إِلَٰهَ إِلَّا هُوَ وَأَعْرِضْ عَنِ ٱلْمُشْرِكِينَ ﴿١٠٦﴾

**107.** Аллах да сакаше оние немаше да Му припишуваат здруженик. И Ние не те определивме да бидеш нивни чувар а ниту нивни закрилник!

وَلَوْ شَاءَ اللَّهُ مَا أَشْرَكُوا ۗ وَمَا جَعَلْنَاكَ عَلَيْهِمْ
حَفِيظًا ۖ وَمَا أَنتَ عَلَيْهِم بِوَكِيلٍ ﴿١٠٧﴾

**108.** Не навредувај ги оние на кои, покрај Аллах, ги повикуваат другите па да го грдат Аллаха од незнаење и непријателство. Ние постапките нивни, како и за секој народ, им ги разубавуваме. Потоа кај Господарот свој ќе се вратат и Он ќе ги извести за она што го работеа.

وَلَا تَسُبُّوا الَّذِينَ يَدْعُونَ مِن دُونِ اللَّهِ
فَيَسُبُّوا اللَّهَ عَدْوًا بِغَيْرِ عِلْمٍ ۗ كَذَٰلِكَ زَيَّنَّا لِكُلِّ أُمَّةٍ
عَمَلَهُمْ ثُمَّ إِلَىٰ رَبِّهِم مَّرْجِعُهُمْ فَيُنَبِّئُهُم بِمَا كَانُوا
يَعْمَلُونَ ﴿١٠٨﴾

**109.** Се колнат во Аллах, со најтешка заклетва дека, ако им дојде знамение, ќе веруваат, секако, во него! Кажи: “Знаменијата се кај Аллах, навистина!” Но, кој е од вас свесен дека, ако им дојдат, не ќе бидат верници.

وَأَقْسَمُوا بِاللَّهِ جَهْدَ أَيْمَانِهِمْ لَئِن جَاءَتْهُمْ آيَةٌ
لَّيُؤْمِنُنَّ بِهَا ۚ قُلْ إِنَّمَا الْآيَاتُ عِندَ اللَّهِ ۖ وَمَا يُشْعِرُكُمْ
أَنَّهَا إِذَا جَاءَتْ لَا يُؤْمِنُونَ ﴿١٠٩﴾

**110.** И Ние ги превртуваме и срцата нивни и погледите нивни како што не веруваа првпат. И Ние ќе ги оставиме да талкаат во пакоста нивна!

وَنُقَلِّبُ أَفْئِدَتَهُمْ وَأَبْصَارَهُمْ كَمَا لَمْ يُؤْمِنُوا بِهِ
أَوَّلَ مَرَّةٍ وَنَذَرُهُمْ فِي طُغْيَانِهِمْ يَعْمَهُونَ ﴿١١٠﴾

**111.** И, навистина, Ние да им спуштевме мелеки, и да им зборуваа мртвите и да ги зберевме сите нешта за нив, за прилики нивни, не би верувале

۞ وَلَوْ أَنَّنَا نَزَّلْنَا إِلَيْهِمُ الْمَلَائِكَةَ وَكَلَّمَهُمُ
الْمَوْتَىٰ وَحَشَرْنَا عَلَيْهِمْ كُلَّ شَيْءٍ قُبُلًا مَّا كَانُوا لِيُؤْمِنُوا
إِلَّا أَن يَشَاءَ اللَّهُ وَلَٰكِنَّ أَكْثَرَهُمْ يَجْهَلُونَ ﴿١١١﴾

освен со посак Аллахов. Но, мнозинството од нив не знаат.

**112.** И ете, така за секој пејгамбер Ние определивме непријател: шејтани, луѓе и џинови кои еднисодруги се воодушевуваат со лажно разубавување на зборови. А да сака Господарот твој оние тоа нема да го прават. Па, остави ги, нив и она што го измислуваат,

وَكَذَٰلِكَ جَعَلْنَا لِكُلِّ نَبِيٍّ عَدُوًّا شَيَٰطِينَ ٱلْإِنسِ
وَٱلْجِنِّ يُوحِي بَعْضُهُمْ إِلَىٰ بَعْضٍ زُخْرُفَ
ٱلْقَوْلِ غُرُورًا ۚ وَلَوْ شَآءَ رَبُّكَ مَا فَعَلُوهُ ۖ
فَذَرْهُمْ وَمَا يَفْتَرُونَ ﴿١١٢﴾

**113.** и за срцата на оние кои не веруваат во Ахирет да тежнеат кон тоа, и да бидат задоволни со тоа, и да го постигнат она што, токму, го постигнуваат.

وَلِتَصْغَىٰٓ إِلَيْهِ أَفْـِٔدَةُ ٱلَّذِينَ لَا يُؤْمِنُونَ
بِٱلْءَاخِرَةِ وَلِيَرْضَوْهُ وَلِيَقْتَرِفُوا۟ مَا هُم
مُّقْتَرِفُونَ ﴿١١٣﴾

**114.** Освен Аллах да барам ли судија? Он, токму, ви објави Книга потенко објаснета. Оние со дадената им Книга знаат дека таа, навистина, е објавена од Господарот твој со вистина. И никако немој да бидеш од сомневачите!

أَفَغَيْرَ ٱللَّهِ أَبْتَغِي حَكَمًا وَهُوَ ٱلَّذِيٓ أَنزَلَ
إِلَيْكُمُ ٱلْكِتَٰبَ مُفَصَّلًا ۚ وَٱلَّذِينَ ءَاتَيْنَٰهُمُ
ٱلْكِتَٰبَ يَعْلَمُونَ أَنَّهُۥ مُنَزَّلٌ مِّن رَّبِّكَ بِٱلْحَقِّ ۖ
فَلَا تَكُونَنَّ مِنَ ٱلْمُمْتَرِينَ ﴿١١٤﴾

**115.** А Зборот од Господарот твој е исполнет и со вистина и со правдина. И никој не може да ги промени зборовите Негови. Он е Слушач и Зналец!

وَتَمَّتْ كَلِمَتُ رَبِّكَ صِدْقًا وَعَدْلًا ۚ لَّا مُبَدِّلَ
لِكَلِمَٰتِهِۦ ۚ وَهُوَ ٱلسَّمِيعُ ٱلْعَلِيمُ ﴿١١٥﴾

**116.** Ако му бидеш послушен на мнозинството од оние кои се на земјата - ќе те скршнат во заблуда од Аллаховиот пат: само сомневање следат и само безмислици зборуваат!

وَإِن تُطِعْ أَكْثَرَ مَن فِي ٱلْأَرْضِ يُضِلُّوكَ
عَن سَبِيلِ ٱللَّهِ ۚ إِن يَتَّبِعُونَ إِلَّا ٱلظَّنَّ وَإِنْ هُمْ
إِلَّا يَخْرُصُونَ ﴿١١٦﴾

**117.** Господарот твој, навистина, е Оној кој подобро го знае оној кој скршнал во заблуда од патот Негов. И Он најдобро ги знае упатените!

إِنَّ رَبَّكَ هُوَ أَعْلَمُ مَن يَضِلُّ عَن سَبِيلِهِۦ وَهُوَ
أَعْلَمُ بِٱلْمُهْتَدِينَ ﴿١١٧﴾

**118.** Па, јадете од она при чие колење е споменато името Аллахово, ако, секако, верувате во ајетите Негови.

فَكُلُوا۟ مِمَّا ذُكِرَ ٱسْمُ ٱللَّهِ عَلَيْهِ إِن كُنتُم بِـَٔايَٰتِهِۦ
مُؤْمِنِينَ ﴿١١٨﴾

**119.** А зошто да не јадете од она при чие колење е споменато името Аллахово? Он ви го објасни, секако, она што ви го забрани, освен, ако сте присилени. Многу луѓе, навистина, со желбите свои, без знаење, другите ги скршнаа во заблуда. Да, Господарот твој е Оној кој најдобро ги знае претерувачите.

وَمَا لَكُمْ أَلَّا تَأْكُلُوا۟ مِمَّا ذُكِرَ ٱسْمُ ٱللَّهِ عَلَيْهِ
وَقَدْ فَصَّلَ لَكُم مَّا حَرَّمَ عَلَيْكُمْ إِلَّا مَا ٱضْطُرِرْتُمْ
إِلَيْهِ ۗ وَإِنَّ كَثِيرًا لَّيُضِلُّونَ بِأَهْوَآئِهِم بِغَيْرِ عِلْمٍ ۗ
إِنَّ رَبَّكَ هُوَ أَعْلَمُ بِٱلْمُعْتَدِينَ ﴿١١٩﴾

**120.** И оставете го грешењето, било да е јавно било да е скришно. Оние кои печалат грев ќе бидат казнети за она што го постигнаа.

وَذَرُوا۟ ظَٰهِرَ ٱلْإِثْمِ وَبَاطِنَهُۥٓ ۚ إِنَّ ٱلَّذِينَ
يَكْسِبُونَ ٱلْإِثْمَ سَيُجْزَوْنَ بِمَا كَانُوا۟ يَقْتَرِفُونَ ﴿١٢٠﴾

**121.** И не јадете од она при чие колење не е споменато името Аллахово. Тоа, навистина, е грев. А шејтаните, секако, ги тераат заштитниците свои да расправаат со вас. Ако им бидете послушни вие, навистина, ќе бидете многубошци.

وَلَا تَأْكُلُوا۟ مِمَّا لَمْ يُذْكَرِ ٱسْمُ ٱللَّهِ عَلَيْهِ وَإِنَّهُۥ
لَفِسْقٌ ۗ وَإِنَّ ٱلشَّيَٰطِينَ لَيُوحُونَ إِلَىٰٓ أَوْلِيَآئِهِمْ
لِيُجَٰدِلُوكُمْ ۖ وَإِنْ أَطَعْتُمُوهُمْ إِنَّكُمْ لَمُشْرِكُونَ ﴿١٢١﴾

أَوَمَن كَانَ مَيْتًا فَأَحْيَيْنَٰهُ وَجَعَلْنَا لَهُۥ نُورًا
يَمْشِى بِهِۦ فِى ٱلنَّاسِ كَمَن مَّثَلُهُۥ فِى ٱلظُّلُمَٰتِ
لَيْسَ بِخَارِجٍ مِّنْهَا ۚ كَذَٰلِكَ زُيِّنَ لِلْكَٰفِرِينَ
مَا كَانُوا۟ يَعْمَلُونَ ١٢٢

**122.** Може ли да биде сличен оној кој е мртов, па Ние го ожививме и му определивме светлина по која оди меѓу луѓето со оној кој е во темници и не може од нив да излезе? Ете, така им се разубавува на неверниците она што го работеа.

وَكَذَٰلِكَ جَعَلْنَا فِى كُلِّ قَرْيَةٍ أَكَٰبِرَ
مُجْرِمِيهَا لِيَمْكُرُوا۟ فِيهَا ۖ
وَمَا يَمْكُرُونَ إِلَّا بِأَنفُسِهِمْ وَمَا يَشْعُرُونَ ١٢٣

**123.** И, ете, така Ние определивме во секој град да бидат големци силниците нивни за да сплеткарат во нив. Но, оние само за себеси сплеткарат а не усетуваат.

وَإِذَا جَآءَتْهُمْ ءَايَةٌ قَالُوا۟ لَن نُّؤْمِنَ حَتَّىٰ نُؤْتَىٰ
مِثْلَ مَآ أُوتِىَ رُسُلُ ٱللَّهِ ۘ ٱللَّهُ أَعْلَمُ حَيْثُ يَجْعَلُ
رِسَالَتَهُۥ ۗ سَيُصِيبُ ٱلَّذِينَ أَجْرَمُوا۟ صَغَارٌ
عِندَ ٱللَّهِ وَعَذَابٌ شَدِيدٌۢ بِمَا كَانُوا۟ يَمْكُرُونَ ١٢٤

**124.** И кога ќе им се објавеше ајет, зборуваа: “Не ќе веруваме сѐ додека не ни се даде нешто слично на она што им е дадено на пејгамберите Аллахови!” - А Аллах најдобро знае кому ќе му го определи пратението Негово. На оние кои грешат казна жестока и понижување Аллахово ќе им се случи. Сѐ заради сплетките што ги правеа.

فَمَن يُرِدِ ٱللَّهُ أَن يَهْدِيَهُۥ يَشْرَحْ صَدْرَهُۥ لِلْإِسْلَٰمِ ۖ
وَمَن يُرِدْ أَن يُضِلَّهُۥ يَجْعَلْ صَدْرَهُۥ ضَيِّقًا
حَرَجًا كَأَنَّمَا يَصَّعَّدُ فِى ٱلسَّمَآءِ ۚ
كَذَٰلِكَ يَجْعَلُ ٱللَّهُ ٱلرِّجْسَ عَلَى ٱلَّذِينَ
لَا يُؤْمِنُونَ ١٢٥

**125.** Па, кого Аллах сака да упати ќе му ги отвори градите кон исламот. А Аллах кого сака да скршне во заблуда ќе му ги стесни градите - како да се впрегнуваат да се извишат на небо. Ете, така Аллах ја означува валканоста на оние кои не веруваат.

**126.** И ова е патот на Господарот твој - вистинскиот! Ние, секако, потенко ги објаснивме ајетите за оние кои се сеќаваат!

وَهَٰذَا صِرَٰطُ رَبِّكَ مُسۡتَقِيمٗاۗ قَدۡ فَصَّلۡنَا ٱلۡأٓيَٰتِ
لِقَوۡمٖ يَذَّكَّرُونَ ١٢٦

**127.** За нив, куќата на Спасот, е кај Господарот нивни. Он е Заштитник нивни за она што го работеа.

۞لَهُمۡ دَارُ ٱلسَّلَٰمِ عِندَ رَبِّهِمۡۖ وَهُوَ وَلِيُّهُم
بِمَا كَانُواْ يَعۡمَلُونَ ١٢٧

**128.** И Денот во кој Он ќе ги збере сите: “О дружино џиновска! Вие измамивте голем број луѓе.” А заштитниците од луѓето нивни ќе речат: “Господаре наш, ние посакувавме еднисодруги уживање и еве стигнавме до часот кој Ти ни го определи!” Он ќе рече: “Огнот е - престојувалиштето ваше; таму ќе се остане за навек освен, секако, со посак Аллахов. Господарот твој, навистина, е Мудар и Зналец!

وَيَوۡمَ يَحۡشُرُهُمۡ جَمِيعٗا يَٰمَعۡشَرَ ٱلۡجِنِّ
قَدِ ٱسۡتَكۡثَرۡتُم مِّنَ ٱلۡإِنسِۖ وَقَالَ أَوۡلِيَآؤُهُم
مِّنَ ٱلۡإِنسِ رَبَّنَا ٱسۡتَمۡتَعَ بَعۡضُنَا بِبَعۡضٖ وَبَلَغۡنَآ
أَجَلَنَا ٱلَّذِيٓ أَجَّلۡتَ لَنَاۚ قَالَ ٱلنَّارُ مَثۡوَىٰكُمۡ خَٰلِدِينَ
فِيهَآ إِلَّا مَا شَآءَ ٱللَّهُۗ إِنَّ رَبَّكَ حَكِيمٌ عَلِيمٞ ١٢٨

**129.** И ете, така Ние власта им ја даваме неизменично на зулумќарите заради она што го спечалија.

وَكَذَٰلِكَ نُوَلِّي بَعۡضَ ٱلظَّٰلِمِينَ بَعۡضَۢا
بِمَا كَانُواْ يَكۡسِبُونَ ١٢٩

**130.** О дружино на џинови и луѓе, не ли ви доаѓаа пејгамбери, меѓу вас, кои ви ги кажуваа знаменијата и кои ве опоменуваа за Средбата со овој Ден ваш. Ќе речат: “Сведоци сме против самите нас.” Ги измами животот

يَٰمَعۡشَرَ ٱلۡجِنِّ وَٱلۡإِنسِ أَلَمۡ يَأۡتِكُمۡ رُسُلٞ مِّنكُمۡ
يَقُصُّونَ عَلَيۡكُمۡ ءَايَٰتِي وَيُنذِرُونَكُمۡ لِقَآءَ
يَوۡمِكُمۡ هَٰذَاۚ قَالُواْ شَهِدۡنَا عَلَىٰٓ أَنفُسِنَاۖ وَغَرَّتۡهُمُ
ٱلۡحَيَوٰةُ ٱلدُّنۡيَا وَشَهِدُواْ عَلَىٰٓ أَنفُسِهِمۡ أَنَّهُمۡ كَانُواْ
كَٰفِرِينَ ١٣٠

на овој свет; сведочеа против самите себеси, дека, навистина, беа неверници.

**131.** И ете, така не е од Господарот твој да ги уништи градовите заради зулумот пред да не бидат жителите нивни рамнодушни.

ذَٰلِكَ أَن لَّمْ يَكُن رَّبُّكَ مُهْلِكَ ٱلْقُرَىٰ بِظُلْمٍ
وَأَهْلُهَا غَٰفِلُونَ ١٣١

**132.** И за сите ќе има степени за она што го работеа. И Господарот твој не е невнимателен кон она што го работат!

وَلِكُلٍّ دَرَجَٰتٌ مِّمَّا عَمِلُوا۟ ۚ وَمَا رَبُّكَ
بِغَٰفِلٍ عَمَّا يَعْمَلُونَ ١٣٢

**133.** И Господарот твој е Богат и Сопственик на милоста. Ако Он сака ќе ве отстрани и, по вас, со посак Негов, ќе донесе наследници, токму онака како што од потомството на другите народи вас ве создаде!

وَرَبُّكَ ٱلْغَنِىُّ ذُو ٱلرَّحْمَةِ ۚ إِن يَشَأْ
يُذْهِبْكُمْ وَيَسْتَخْلِفْ مِنۢ بَعْدِكُم
مَّا يَشَآءُ كَمَآ أَنشَأَكُم مِّن ذُرِّيَّةِ قَوْمٍ
ءَاخَرِينَ ١٣٣

**134.** Она со што ви се заканува ќе дојде, навистина! Немоќни сте пред тоа!

إِنَّ مَا تُوعَدُونَ لَءَاتٍ ۖ وَمَآ أَنتُم
بِمُعْجِزِينَ ١٣٤

**135.** Кажи: “О народе мој, работете на вашите места, а и јас, навистина, ќе работам! Па, ќе узнаете кој ќе биде во Домот среќен ; зулумќарите, навистина, не ќе успеат!

قُلْ يَٰقَوْمِ ٱعْمَلُوا۟ عَلَىٰ مَكَانَتِكُمْ إِنِّى عَامِلٌ ۖ
فَسَوْفَ تَعْلَمُونَ مَن تَكُونُ لَهُۥ عَٰقِبَةُ
ٱلدَّارِ ۗ إِنَّهُۥ لَا يُفْلِحُ ٱلظَّٰلِمُونَ ١٣٥

**136.** И оние на Аллах му определуваат дел од она што Он го создаде, и од летнината и од добитокот, зборувајќи: “Ова е Аллахово,” како замислуваат, “ а ова е за божествата наши.” А

وَجَعَلُوا۟ لِلَّهِ مِمَّا ذَرَأَ مِنَ ٱلْحَرْثِ
وَٱلْأَنْعَٰمِ نَصِيبًا فَقَالُوا۟ هَٰذَا لِلَّهِ
بِزَعْمِهِمْ وَهَٰذَا لِشُرَكَآئِنَا ۖ فَمَا كَانَ
لِشُرَكَآئِهِمْ فَلَا يَصِلُ إِلَى ٱللَّهِ

она што е од божествата нивни не стигнува до Аллах, а она што е за Аллах, стигнува до божествата нивни. Е, само колку лошо е она како просудуваат!?

وَمَا كَانَ لِلَّهِ فَهُوَ يَصِلُ إِلَىٰ
شُرَكَآئِهِمْ ۗ سَآءَ مَا يَحْكُمُونَ ﴿١٣٦﴾

**137.** И така на многу од многубошците Шејтанот им го разубави убивањето на децата нивни за да ги упропастат и да ја искриват верата нивна. А Аллах да сакаше - тоа немаше да го прават. Остави ги и нив и она што го измислуваат!

وَكَذَٰلِكَ زَيَّنَ لِكَثِيرٍ مِّنَ
ٱلْمُشْرِكِينَ قَتْلَ أَوْلَٰدِهِمْ
شُرَكَآؤُهُمْ لِيُرْدُوهُمْ وَلِيَلْبِسُوا۟
عَلَيْهِمْ دِينَهُمْ ۖ وَلَوْ شَآءَ ٱللَّهُ مَا فَعَلُوهُ
فَذَرْهُمْ وَمَا يَفْتَرُونَ ﴿١٣٧﴾

**138.** И зборуваат: “Овие животни и летнини се забранети. Можат да ги јадат само оние кои ние сакаме” - како замислуваат - - и од животните чие јавање е забрането и од животните при чие колење не се споменува името Аллахово, така измислувајќи лаги. И ќе бидат казнети затоа што лаги измислуваат!

وَقَالُوا۟ هَٰذِهِۦٓ أَنْعَٰمٌ وَحَرْثٌ حِجْرٌ
لَّا يَطْعَمُهَآ إِلَّا مَن نَّشَآءُ بِزَعْمِهِمْ
وَأَنْعَٰمٌ حُرِّمَتْ ظُهُورُهَا وَأَنْعَٰمٌ لَّا يَذْكُرُونَ
ٱسْمَ ٱللَّهِ عَلَيْهَا ٱفْتِرَآءً عَلَيْهِ ۚ سَيَجْزِيهِم
بِمَا كَانُوا۟ يَفْتَرُونَ ﴿١٣٨﴾

**139.** И оние зборуваат: “Она што е во утробите на овие животни дозволено е за мажите наши а забрането е за жените наши.” А ако е тоа мртво животно - здруженици се во тоа. А Аллах ќе ги казни за таквите нивни тврдења. Он, навистина, е Мудар и Зналец!

وَقَالُوا۟ مَا فِى بُطُونِ هَٰذِهِ ٱلْأَنْعَٰمِ
خَالِصَةٌ لِّذُكُورِنَا وَمُحَرَّمٌ عَلَىٰٓ أَزْوَٰجِنَا ۖ
وَإِن يَكُن مَّيْتَةً فَهُمْ فِيهِ شُرَكَآءُ ۚ
سَيَجْزِيهِمْ وَصْفَهُمْ ۚ إِنَّهُۥ حَكِيمٌ
عَلِيمٌ ﴿١٣٩﴾

**140.** Пропаднаа, секако, оние кои ги убиваа децата свои не знаејќи, заради безумието, што прават; и кои го забрануваа она со што ги снабде Аллах. Врз Аллах лага фрлаа, скршнаа и не беа упатени.

قَدْ خَسِرَ ٱلَّذِينَ قَتَلُوٓا۟ أَوْلَٰدَهُمْ سَفَهًۢا بِغَيْرِ
عِلْمٍ وَحَرَّمُوا۟ مَا رَزَقَهُمُ ٱللَّهُ ٱفْتِرَآءً عَلَى ٱللَّهِ ۚ
قَدْ ضَلُّوا۟ وَمَا كَانُوا۟ مُهْتَدِينَ ﴿١٤٠﴾

**141.** И Он е Оној кој создаде бавчи заградени и бавчи не заградени, и урми, и посеви со вкусови различни, и маслинки и шипки, еднакви и нееднакви. Јадете ги плодовите нивни кога ќе дадат плод, и снабдете ги, на денот на жетвата, оние кои имаат право на тоа. Не претерувајте! Аллах, навистина, не ги љуби претерувачите!

۞ وَهُوَ ٱلَّذِىٓ أَنشَأَ جَنَّٰتٍ مَّعْرُوشَٰتٍ وَغَيْرَ
مَعْرُوشَٰتٍ وَٱلنَّخْلَ وَٱلزَّرْعَ مُخْتَلِفًا أُكُلُهُۥ
وَٱلزَّيْتُونَ وَٱلرُّمَّانَ مُتَشَٰبِهًا وَغَيْرَ
مُتَشَٰبِهٍ ۚ كُلُوا۟ مِن ثَمَرِهِۦٓ إِذَآ أَثْمَرَ وَءَاتُوا۟
حَقَّهُۥ يَوْمَ حَصَادِهِۦ ۖ وَلَا تُسْرِفُوٓا۟ ۚ إِنَّهُۥ
لَا يُحِبُّ ٱلْمُسْرِفِينَ ﴿١٤١﴾

**142.** И од животните има кои се товарат и кои се јаваат. Јадете од нафаката што ви ја даде Аллах и не следете ги стапалките шејтанови. Он ви е, навистина, јасен непријател!

وَمِنَ ٱلْأَنْعَٰمِ حَمُولَةً وَفَرْشًا ۚ كُلُوا۟
مِمَّا رَزَقَكُمُ ٱللَّهُ وَلَا تَتَّبِعُوا۟ خُطُوَٰتِ ٱلشَّيْطَٰنِ ۚ
إِنَّهُۥ لَكُمْ عَدُوٌّ مُّبِينٌ ﴿١٤٢﴾

**143.** И тоа осум парови: пар овци и пар кози. Кажи: "Машките ли се кои Он ги забрани или се, пак, тоа женските, или се, пак, тоа оние кои се во утробите? Кажете ми, знаејќи, ако сте искрени!"

ثَمَٰنِيَةَ أَزْوَٰجٍ ۖ مِّنَ ٱلضَّأْنِ ٱثْنَيْنِ
وَمِنَ ٱلْمَعْزِ ٱثْنَيْنِ ۗ قُلْ ءَآلذَّكَرَيْنِ حَرَّمَ
أَمِ ٱلْأُنثَيَيْنِ أَمَّا ٱشْتَمَلَتْ عَلَيْهِ أَرْحَامُ
ٱلْأُنثَيَيْنِ ۖ نَبِّـُٔونِى بِعِلْمٍ إِن كُنتُمْ
صَٰدِقِينَ ﴿١٤٣﴾

**144.** Пар камили и пар крави. Кажи: "Машките ли се кои Он

وَمِنَ ٱلْإِبِلِ ٱثْنَيْنِ وَمِنَ ٱلْبَقَرِ ٱثْنَيْنِ ۗ قُلْ

ги забрани или, пак, тоа се женските кои Он ги забрани или се, пак, тоа оние коие се во утробите на женските? Или: “Бевте ли сведоци кога ова Аллах ви го пропиша?” А кој е поголем зулумќар од оној кој фрла лаги врз Аллах за да, без знаење, ги скршне во заблуда луѓето? Аллах, навистина, не го упатува народот зулумќарски!

ءَآلذَّكَرَيْنِ حَرَّمَ أَمِ ٱلْأُنثَيَيْنِ أَمَّا ٱشْتَمَلَتْ
عَلَيْهِ أَرْحَامُ ٱلْأُنثَيَيْنِ ۖ أَمْ كُنتُمْ شُهَدَآءَ
إِذْ وَصَّىٰكُمُ ٱللَّهُ بِهَٰذَا ۚ فَمَنْ أَظْلَمُ مِمَّنِ
ٱفْتَرَىٰ عَلَى ٱللَّهِ كَذِبًا لِّيُضِلَّ ٱلنَّاسَ بِغَيْرِ
عِلْمٍ ۗ إِنَّ ٱللَّهَ لَا يَهْدِى ٱلْقَوْمَ ٱلظَّٰلِمِينَ ﴿١٤٤﴾

**145.** Кажи: “Во она што ми се објавува јас ништо не наоѓам забрането за никого освен мртво животно или крв што тече или свинско месо, - ова, навистина, е гнасно или одвратно, - или нешто при чие колење не е споменато името Аллахово. Освен оној кој е присилен, не сакајќи и не поминувајќи преку потребното - та, Господарот твој, навистина, е Простувач и Сомилосен!

قُل لَّآ أَجِدُ فِى مَآ أُوحِىَ إِلَىَّ مُحَرَّمًا عَلَىٰ طَاعِمٍ
يَطْعَمُهُۥٓ إِلَّآ أَن يَكُونَ مَيْتَةً أَوْ دَمًا مَّسْفُوحًا
أَوْ لَحْمَ خِنزِيرٍ فَإِنَّهُۥ رِجْسٌ أَوْ فِسْقًا أُهِلَّ
لِغَيْرِ ٱللَّهِ بِهِۦ ۚ فَمَنِ ٱضْطُرَّ غَيْرَ بَاغٍ وَلَا عَادٍ فَإِنَّ
رَبَّكَ غَفُورٌ رَّحِيمٌ ﴿١٤٥﴾

**146.** На оние кои се Евреи Ние им ги забранивме сите животни кои имаат копита, а од кравите и бравчињата лојот им го забранивме, освен она што е нараснато на плеќите нивни, или, пак, на цревата или, пак, она што е помешано со коски. И ете, Ние ги казнивме заради насилството нивно и Ние сме, навистина, искрени!

وَعَلَى ٱلَّذِينَ هَادُوا۟ حَرَّمْنَا كُلَّ ذِى ظُفُرٍ ۖ
وَمِنَ ٱلْبَقَرِ وَٱلْغَنَمِ حَرَّمْنَا عَلَيْهِمْ
شُحُومَهُمَآ إِلَّا مَا حَمَلَتْ ظُهُورُهُمَآ
أَوِ ٱلْحَوَايَآ أَوْ مَا ٱخْتَلَطَ بِعَظْمٍ ۚ ذَٰلِكَ
جَزَيْنَٰهُم بِبَغْيِهِمْ ۖ وَإِنَّا لَصَٰدِقُونَ ﴿١٤٦﴾

**147.** Ако ти фрлаат лага па, кажи: “Господарот ваш поседува милост неизмерна, а строгоста Негова не ќе биде отстранета од народот насилнички.”

فَإِن كَذَّبُوكَ فَقُل رَّبُّكُمْ ذُو رَحْمَةٍ
وَاسِعَةٍ وَلَا يُرَدُّ بَأْسُهُ عَنِ الْقَوْمِ
الْمُجْرِمِينَ ١٤٧

**148.** Оние кои на Аллах му припишуваат здруженик, ќе речат: “Да сакаше Аллах ние не ќе Му припишувавме здруженик, а ни предците наши, и ништо не ќе си забранивме.” Ете, така лажеа и оние пред нив сѐ додека не ја искусија строгоста Наша. Кажи: “Има ли кај вас знаење? Обелоденете ни го! Вие само сомневање следите и само лажете!”

سَيَقُولُ الَّذِينَ أَشْرَكُوا لَوْ شَاءَ اللَّهُ مَا أَشْرَكْنَا
وَلَا آبَاؤُنَا وَلَا حَرَّمْنَا مِن شَيْءٍ كَذَٰلِكَ
كَذَّبَ الَّذِينَ مِن قَبْلِهِمْ حَتَّىٰ ذَاقُوا بَأْسَنَا
قُلْ هَلْ عِندَكُم مِّنْ عِلْمٍ فَتُخْرِجُوهُ لَنَا
إِن تَتَّبِعُونَ إِلَّا الظَّنَّ وَإِنْ أَنتُمْ
إِلَّا تَخْرُصُونَ ١٤٨

**149.** Кажи: “Доказот јасен е - Аллахов! Па, кога би посакал би ве упатил сите.

قُلْ فَلِلَّهِ الْحُجَّةُ الْبَالِغَةُ فَلَوْ شَاءَ لَهَدَاكُمْ
أَجْمَعِينَ ١٤٩

**150.** Кажи: “Приведете ги сведоците ваши кои сведочат дека Аллах, навистина, го забрани ова. Па, ако посведочат, ти не сведочи со нив, ниту пак следи ги желбите на оние кои ги сметаа за лажни ајетите Наши, и оние кои не веруваа во Ахирет, и кои, токму, Господарот свој го сметаат рамен со други.

قُلْ هَلُمَّ شُهَدَاءَكُمُ الَّذِينَ يَشْهَدُونَ أَنَّ اللَّهَ
حَرَّمَ هَٰذَا فَإِن شَهِدُوا فَلَا تَشْهَدْ مَعَهُمْ
وَلَا تَتَّبِعْ أَهْوَاءَ الَّذِينَ كَذَّبُوا بِآيَاتِنَا
وَالَّذِينَ لَا يُؤْمِنُونَ بِالْآخِرَةِ وَهُم بِرَبِّهِمْ
يَعْدِلُونَ ١٥٠

**151.** Кажи: “Дојдете! Ќе ви го кажам она што ви го забрани Госаподарот ваш: здруженик да

۞ قُلْ تَعَالَوْا أَتْلُ مَا حَرَّمَ رَبُّكُمْ
عَلَيْكُمْ أَلَّا تُشْرِكُوا بِهِ شَيْئًا وَبِالْوَالِدَيْنِ

не Му припишувате, на родителите добро да им правите, да не ги убивате децата ваши заради немаштија зашто и вам и ним Ние ви дадовме нафака... , не приближувајте се кон срамните работи било тие да се јавни или тајни, и не убивајте човек за кого такво нешто Аллах забрани освен по правда. Ете, тоа Аллах ви го остави така да биде за да се вразумите.

إِحْسَٰنًا وَلَا تَقْتُلُوٓا۟ أَوْلَٰدَكُم مِّنْ إِمْلَٰقٍ
نَّحْنُ نَرْزُقُكُمْ وَإِيَّاهُمْ وَلَا تَقْرَبُوا۟
ٱلْفَوَٰحِشَ مَا ظَهَرَ مِنْهَا وَمَا بَطَنَ
وَلَا تَقْتُلُوا۟ ٱلنَّفْسَ ٱلَّتِى حَرَّمَ ٱللَّهُ إِلَّا بِٱلْحَقِّ
ذَٰلِكُمْ وَصَّىٰكُم بِهِۦ لَعَلَّكُمْ تَعْقِلُونَ ١٥١

**152.** И не приближувајте се кон имотот на јетимот, освен учтиво, сѐ додека не стане полнолетен, и праведно мерете и вагајте. Ние никого не оптоваруваме над можноста негова. И кога ќе зборувате бидете праведни па макар да се работи и за ваша роднина. И исполнете го ветувањето кон Аллах. Ете, тоа Аллах така ви остави да биде за да се сеќавате!

وَلَا تَقْرَبُوا۟ مَالَ ٱلْيَتِيمِ إِلَّا بِٱلَّتِى هِىَ أَحْسَنُ
حَتَّىٰ يَبْلُغَ أَشُدَّهُۥ وَأَوْفُوا۟ ٱلْكَيْلَ وَٱلْمِيزَانَ
بِٱلْقِسْطِ لَا نُكَلِّفُ نَفْسًا إِلَّا وُسْعَهَا
وَإِذَا قُلْتُمْ فَٱعْدِلُوا۟ وَلَوْ كَانَ ذَا قُرْبَىٰ وَبِعَهْدِ
ٱللَّهِ أَوْفُوا۟ ذَٰلِكُمْ وَصَّىٰكُم بِهِۦ لَعَلَّكُمْ
تَذَكَّرُونَ ١٥٢

**153.** Овој мој пат, навистина, е вистинскиот пат - та, следете го! Не следете ги другите патишта па да ве оддалечат од патот Негов. Ете, тоа Аллах ви го остави така да биде за да бидете богобојазливи!

وَأَنَّ هَٰذَا صِرَٰطِى مُسْتَقِيمًا فَٱتَّبِعُوهُ
وَلَا تَتَّبِعُوا۟ ٱلسُّبُلَ فَتَفَرَّقَ بِكُمْ عَن سَبِيلِهِۦ
ذَٰلِكُمْ وَصَّىٰكُم بِهِۦ لَعَلَّكُمْ تَتَّقُونَ ١٥٣

**154.** Потоа на Муса Ние му дадовме Книга, надополнувајќи го доброто што го направи, и

ثُمَّ ءَاتَيْنَا مُوسَى ٱلْكِتَٰبَ تَمَامًا عَلَى ٱلَّذِىٓ
أَحْسَنَ وَتَفْصِيلًا لِّكُلِّ شَىْءٍ وَهُدًى وَرَحْمَةً

објаснувајќи ја секоја работа, и Патоказ, и Милост за да веруваат во Средбата со Господарот свој!

لَعَلَّهُم بِلِقَآءِ رَبِّهِمْ يُؤْمِنُونَ ١٥٤

**155.** И ова е Книга што Ние ја објавивме, благословена; следете ја, тогаш, и бидете богобојазливи, Аллах, можеби, за да ви се смилува!

وَهَٰذَا كِتَٰبٌ أَنزَلْنَٰهُ مُبَارَكٌ فَاتَّبِعُوهُ وَاتَّقُوا
لَعَلَّكُمْ تُرْحَمُونَ ١٥٥

**156.** И да не кажете: “Книгата, секако, е објавена до два народа пред нас и ние, навистина, не можевме да ја читаме.”

أَن تَقُولُوٓا إِنَّمَآ أُنزِلَ الْكِتَٰبُ عَلَىٰ طَآئِفَتَيْنِ
مِن قَبْلِنَا وَإِن كُنَّا عَن دِرَاسَتِهِمْ لَغَٰفِلِينَ ١٥٦

**157.** Или да не кажете: “Книгата да ни беше нам објавена ќе бевме од нив поупатени. И објаснување ви дојде, навистина! Од Господарот ваш. И Патоказ и Милост. Па, кој е поголем зулумќар од оној кој фрла лага врз ајетите Аллахови и кој од нив се врти? Ќе ги казниме оние кои се вртат од ајетите Наши со лоша казна, токму, заради тоа што се вртеа!

أَوْ تَقُولُوا لَوْ أَنَّآ أُنزِلَ عَلَيْنَا الْكِتَٰبُ لَكُنَّآ أَهْدَىٰ
مِنْهُمْ فَقَدْ جَآءَكُم بَيِّنَةٌ مِّن رَّبِّكُمْ
وَهُدًى وَرَحْمَةٌ فَمَنْ أَظْلَمُ مِمَّن كَذَّبَ بِـَٔايَٰتِ
اللَّهِ وَصَدَفَ عَنْهَا سَنَجْزِي الَّذِينَ يَصْدِفُونَ
عَنْ ءَايَٰتِنَا سُوٓءَ الْعَذَابِ بِمَا كَانُوا يَصْدِفُونَ ١٥٧

**158.** Чекаат ли да им дојдат мелеки или да им дојде Господарот твој или да дојде некој ајет од Господарот твој? На Денот кога ќе дојдат некои знаменија од Господарот твој никому не ќе му користи верувањето негово, ако од порано не верувал или

هَلْ يَنظُرُونَ إِلَّآ أَن تَأْتِيَهُمُ الْمَلَٰٓئِكَةُ أَوْ يَأْتِيَ
رَبُّكَ أَوْ يَأْتِيَ بَعْضُ ءَايَٰتِ رَبِّكَ يَوْمَ يَأْتِي بَعْضُ
ءَايَٰتِ رَبِّكَ لَا يَنفَعُ نَفْسًا إِيمَٰنُهَا لَمْ تَكُنْ ءَامَنَتْ
مِن قَبْلُ أَوْ كَسَبَتْ فِيٓ إِيمَٰنِهَا خَيْرًا قُلِ انتَظِرُوٓا
إِنَّا مُنتَظِرُونَ ١٥٨

ако, во своето верување, не спечалил некакво добро. Кажи: “Очекувајте! Ние, навистина, очекуваме!”

**159.** Ти во ништо не си од оние кои ја разделија верата своја и кои се претворија во странки. Работата нивна се враќа кај Аллах а потоа Он ќе ги извести за она што го работеа.

إِنَّ ٱلَّذِينَ فَرَّقُوا۟ دِينَهُمْ وَكَانُوا۟ شِيَعًا لَّسْتَ مِنْهُمْ فِى شَىْءٍ ۚ إِنَّمَآ أَمْرُهُمْ إِلَى ٱللَّهِ ثُمَّ يُنَبِّئُهُم بِمَا كَانُوا۟ يَفْعَلُونَ ﴿١٥٩﴾

**160.** Кој ќе дојде со добро му припаѓа десетократна награда, а кој ќе дојде со зло, му припаѓа казна еднаква на тоа. Не ќе бидат, всушност, оштетени.

مَن جَآءَ بِٱلْحَسَنَةِ فَلَهُۥ عَشْرُ أَمْثَالِهَا ۖ وَمَن جَآءَ بِٱلسَّيِّئَةِ فَلَا يُجْزَىٰٓ إِلَّا مِثْلَهَا وَهُمْ لَا يُظْلَمُونَ ﴿١٦٠﴾

**161.** Кажи: “Мене, навистина, Господарот мој ме упати по патот вистински, кон вистинската вера, чистата вера Ибрахимова. Тој не беше меѓу многубожците!”

قُلْ إِنَّنِى هَدَىٰنِى رَبِّىٓ إِلَىٰ صِرَٰطٍ مُّسْتَقِيمٍ دِينًا قِيَمًا مِّلَّةَ إِبْرَٰهِيمَ حَنِيفًا ۚ وَمَا كَانَ مِنَ ٱلْمُشْرِكِينَ ﴿١٦١﴾

**162.** Кажи: “И намазот мој, и обредите мои, и животот мој, и смртта моја се - Аллахови, навистина, од Господарот на световите!”

قُلْ إِنَّ صَلَاتِى وَنُسُكِى وَمَحْيَاىَ وَمَمَاتِى لِلَّهِ رَبِّ ٱلْعَٰلَمِينَ ﴿١٦٢﴾

**163.** Он нема Свој здруженик! Тоа ми е, ете, наредено и јас сум прв муслиман!

لَا شَرِيكَ لَهُۥ ۖ وَبِذَٰلِكَ أُمِرْتُ وَأَنَا۠ أَوَّلُ ٱلْمُسْلِمِينَ ﴿١٦٣﴾

**164.** Кажи: “Ќе барам ли друг господар освен Аллах?” А Он е Господарот на сè. Секој што ќе спечали за себеси ќе си спечали: секој своето бреме ќе си го понесе. Потоа враќањето ваше води кон Господсарот ваш и ќе

قُلْ أَغَيْرَ ٱللَّهِ أَبْغِى رَبًّا وَهُوَ رَبُّ كُلِّ شَىْءٍ ۚ وَلَا تَكْسِبُ كُلُّ نَفْسٍ إِلَّا عَلَيْهَا ۚ وَلَا تَزِرُ وَازِرَةٌ وِزْرَ أُخْرَىٰ ۚ ثُمَّ إِلَىٰ رَبِّكُم مَّرْجِعُكُمْ فَيُنَبِّئُكُم بِمَا كُنتُمْ فِيهِ تَخْتَلِفُونَ ﴿١٦٤﴾

ве извести за она за што станавте деленици.

**165.** И Он е Оној кој ве определи халифи на земјата и кој ве воздигна, со степени, еднинадруги за да ве испроба во она што, токму, ви го даде. Господарот твој, навистина, е Брз Казнувач и Он, навистина, е Простувач и Сомилосен!

وَهُوَ ٱلَّذِى جَعَلَكُمْ خَلَٰٓئِفَ ٱلْأَرْضِ وَرَفَعَ
بَعْضَكُمْ فَوْقَ بَعْضٍ دَرَجَٰتٍ لِّيَبْلُوَكُمْ
فِى مَآ ءَاتَىٰكُمْ ۗ إِنَّ رَبَّكَ سَرِيعُ ٱلْعِقَابِ وَإِنَّهُۥ
لَغَفُورٌ رَّحِيمٌۢ ١٦٥

## *ЕЛ-А'РАФ* (Бедеми)|VII

سُورَةُ الأَعْرَافِ

**Во името на Аллах, Милостивиот Сомилосен!**

بِسْمِ ٱللَّهِ ٱلرَّحْمَٰنِ ٱلرَّحِيمِ

**1.** Елиф, Лам, Мим, Сад!

الٓمٓصٓ ١

**2.** Книга која ти се објавува! Па, нека во градите твои не ти се стеснува од неа за да не опоменуваш со неа. Опомена за верниците:

كِتَٰبٌ أُنزِلَ إِلَيْكَ فَلَا يَكُن فِى صَدْرِكَ حَرَجٌ مِّنْهُ
لِتُنذِرَ بِهِۦ وَذِكْرَىٰ لِلْمُؤْمِنِينَ ٢

**3.** следете го она што ви се објавува од Господарот ваш и не следете, освен Него, други заштитници! Малку е она врз што вие се сеќавате!

ٱتَّبِعُوا۟ مَآ أُنزِلَ إِلَيْكُم مِّن رَّبِّكُمْ وَلَا تَتَّبِعُوا۟
مِن دُونِهِۦٓ أَوْلِيَآءَ ۗ قَلِيلًا مَّا تَذَكَّرُونَ ٣

**4.** И колку градови Ние уништивме! До нив, тогаш, допре строгоста Наша додека се одмараа ноќе или додека отседнуваа дење.

وَكَم مِّن قَرْيَةٍ أَهْلَكْنَٰهَا فَجَآءَهَا بَأْسُنَا بَيَٰتًا
أَوْ هُمْ قَآئِلُونَ ٤

**5.** Ништо не можеа да повикаат, кога ќе им дојдеше Нашата строгост, освен што ќе речеа: “Ние бевме, навистина, зулумќари!”

فَمَا كَانَ دَعْوَىٰهُمْ إِذْ جَآءَهُم بَأْسُنَآ إِلَّآ أَن قَالُوٓاْ
إِنَّا كُنَّا ظَٰلِمِينَ ٥

**6.** Ние ќе ги повикаме на одговорност оние на кои им се испратени пејгамбери, секако, а ќе ги повикаме на одговорност и пејгамберите, навистина!

فَلَنَسْـَٔلَنَّ ٱلَّذِينَ أُرْسِلَ إِلَيْهِمْ وَلَنَسْـَٔلَنَّ
ٱلْمُرْسَلِينَ ٦

**7.** И потоа, сигурно, Ние ќе им го кажуваме сѐ она, по Наше знаење, зашто, навистина, не бевме отсутни!

فَلَنَقُصَّنَّ عَلَيْهِم بِعِلْمٍ وَمَا كُنَّا غَآئِبِينَ ٧

**8.** И на Денот тој праведно ќе се мери на вага. И оние чии ваги ќе натежнат - се спасени!

وَٱلْوَزْنُ يَوْمَئِذٍ ٱلْحَقُّ فَمَن ثَقُلَتْ مَوَٰزِينُهُۥ
فَأُوْلَٰٓئِكَ هُمُ ٱلْمُفْلِحُونَ ٨

**9.** А оние чии дела се полесни на вагите, тогаш, ќе страдаат душите нивни. Зашто ајетите Наши, секако, не ги признаваат.

وَمَنْ خَفَّتْ مَوَٰزِينُهُۥ فَأُوْلَٰٓئِكَ ٱلَّذِينَ خَسِرُوٓاْ
أَنفُسَهُم بِمَا كَانُواْ بِـَٔايَٰتِنَا يَظْلِمُونَ ٩

**10.** И на земјата Ние веќе ве сместивме и на неа ви определивме животни намирници. Малку е она за што се заблагодарувате.

وَلَقَدْ مَكَّنَّٰكُمْ فِى ٱلْأَرْضِ وَجَعَلْنَا لَكُمْ فِيهَا
مَعَٰيِشَ قَلِيلًا مَّا تَشْكُرُونَ ١٠

**11.** И, секако, Ние ве создадовме; ви дадовме изглед, потоа им рековме на мелеките: “Паднете му на сеџде на Адем!” - Сите паднаа на сеџде, а Иблисот

وَلَقَدْ خَلَقْنَٰكُمْ ثُمَّ صَوَّرْنَٰكُمْ ثُمَّ قُلْنَا لِلْمَلَٰٓئِكَةِ
ٱسْجُدُواْ لِءَادَمَ فَسَجَدُوٓاْ إِلَّآ إِبْلِيسَ
لَمْ يَكُن مِّنَ ٱلسَّٰجِدِينَ ١١

не. Не беше меѓу оние кои падннаа на сеџде.

**12.** Аллах рече: “Што те спречи па да не паднеш на сеџде кога веќе ти наредив?” Иблис рече: “Јас сум подобар од него. Мене ме создаде од оган а него го создаде од глина.”

قَالَ مَا مَنَعَكَ أَلَّا تَسْجُدَ إِذْ أَمَرْتُكَ قَالَ أَنَا خَيْرٌ مِّنْهُ
خَلَقْتَنِي مِن نَّارٍ وَخَلَقْتَهُۥ مِن طِينٍ ١٢

**13.** Аллах рече: “Слегувај од него, тогаш! Не ти доликува во Џеннетот да се дуваш. Излегувај, ти си, навистина, меѓу понижените!”

قَالَ فَٱهْبِطْ مِنْهَا فَمَا يَكُونُ لَكَ أَن تَتَكَبَّرَ
فِيهَا فَٱخْرُجْ إِنَّكَ مِنَ ٱلصَّٰغِرِينَ ١٣

**14.** Иблис рече: “Дај ми рок до Денот во кој ќе бидат оживеани.”

قَالَ أَنظِرْنِي إِلَىٰ يَوْمِ يُبْعَثُونَ ١٤

**15.** Аллах рече: “Ти си, навистина, меѓу оние на кои им е даден рок.”

قَالَ إِنَّكَ مِنَ ٱلْمُنظَرِينَ ١٥

**16.** Иблис рече: “Но затоа што ме заведе, јас, сосем сигурно, ќе им поставам стапици на Твојот пат вистински.

قَالَ فَبِمَآ أَغْوَيْتَنِي لَأَقْعُدَنَّ لَهُمْ صِرَٰطَكَ ٱلْمُسْتَقِيمَ ١٦

**17.** Потоа ќе им приоѓам пред нив и зад нив, и од нивната лева страна и од нивната десна страна и ќе ги најдеш, мнозинството од нив, неблагодарни.”

ثُمَّ لَءَاتِيَنَّهُم مِّنۢ بَيْنِ أَيْدِيهِمْ وَمِنْ خَلْفِهِمْ وَعَنْ أَيْمَٰنِهِمْ
وَعَن شَمَآئِلِهِمْ وَلَا تَجِدُ أَكْثَرَهُمْ شَٰكِرِينَ ١٧

**18.** А Аллах рече: “Излези од него, понижен и отфрлен! Со оние што те следат од нив, и оние од вас, и со сите тие, ќе го исполнам Џехеннемот, навистина!”

قَالَ ٱخْرُجْ مِنْهَا مَذْءُومًا مَّدْحُورًا لَّمَن تَبِعَكَ مِنْهُمْ
لَأَمْلَأَنَّ جَهَنَّمَ مِنكُمْ أَجْمَعِينَ ١٨

**19.** О Адеме, живејте ти и жената твоја во Џеннетот, и јадете од каде што сакате и не приближувајте се кон ова стебло зашто ќе бидете меѓу зулумќарите!

وَيَٰٓـَٔادَمُ ٱسْكُنْ أَنتَ وَزَوْجُكَ ٱلْجَنَّةَ فَكُلَا مِنْ حَيْثُ
شِئْتُمَا وَلَا تَقْرَبَا هَٰذِهِ ٱلشَّجَرَةَ فَتَكُونَا مِنَ ٱلظَّٰلِمِينَ ١٩

**20.** Па Шејтанот им шепна за да им го открие она што еденадруг им беше скриено, нивните срамни места, и рече: “Господарот ваш ви го забрани ова стебло за да не станете мелеки или да не бидете за навек;” -

فَوَسْوَسَ لَهُمَا ٱلشَّيْطَٰنُ لِيُبْدِىَ لَهُمَا مَا وُۥرِىَ
عَنْهُمَا مِن سَوْءَٰتِهِمَا وَقَالَ مَا نَهَىٰكُمَا رَبُّكُمَا
عَنْ هَٰذِهِ ٱلشَّجَرَةِ إِلَّآ أَن تَكُونَا مَلَكَيْنِ أَوْ تَكُونَا
مِنَ ٱلْخَٰلِدِينَ ٢٠

**21.** и им се колнеше: “Јас сум, навистина, ваш советник.”

وَقَاسَمَهُمَآ إِنِّى لَكُمَا لَمِنَ ٱلنَّٰصِحِينَ ٢١

**22.** И ги заведе со измамата. Бидејќи вкусија од стеблото им се покажаа нивните срамни места и почнаа да ги покриваат со џеннетско лисје. И Господарот нивни им рече: “Нели ви го забранив стеблото и нели ви реков дека Шејтанот, навистина, е вашиот јасен непријател!”

فَدَلَّىٰهُمَا بِغُرُورٍ فَلَمَّا ذَاقَا ٱلشَّجَرَةَ بَدَتْ لَهُمَا
سَوْءَٰتُهُمَا وَطَفِقَا يَخْصِفَانِ عَلَيْهِمَا مِن وَرَقِ ٱلْجَنَّةِ
وَنَادَىٰهُمَا رَبُّهُمَآ أَلَمْ أَنْهَكُمَا عَن تِلْكُمَا
ٱلشَّجَرَةِ وَأَقُل لَّكُمَآ إِنَّ ٱلشَّيْطَٰنَ لَكُمَا عَدُوٌّ مُّبِينٌ ٢٢

**23.** Рекоа: “Господаре наш, сами себеси си направивме зулум и ако не ни простиш и ако не ни се смилуваш, ќе бидеме, секако, меѓу поразените.”

قَالَا رَبَّنَا ظَلَمْنَآ أَنفُسَنَا وَإِن لَّمْ تَغْفِرْ لَنَا وَتَرْحَمْنَا
لَنَكُونَنَّ مِنَ ٱلْخَٰسِرِينَ ٢٣

**24.** Аллах рече: “Слегувајте! Еднинадруги непријатели ќе бидете. За вас земјата ќе биде утврдувалиште и уживање ваше до едно време определено.”

قَالَ ٱهْبِطُوا۟ بَعْضُكُمْ لِبَعْضٍ عَدُوٌّ
وَلَكُمْ فِى ٱلْأَرْضِ مُسْتَقَرٌّ وَمَتَٰعٌ إِلَىٰ حِينٍ ٢٤

**25.**Аллах рече: "На земјата ќе живеете и на неа ќе умрете и од неа ќе излезете!"

قَالَ فِيهَا تَحْيَوْنَ وَفِيهَا تَمُوتُونَ وَمِنْهَا
تُخْرَجُونَ ٢٥

**26.**О синови Адемови, Ние ви испративме облека, секако, за да ги покриете срамните места ваши, и одела, но облеката на богобојазливоста, всушност, е најдобрата. Ете, тоа е едно од знаменијата Аллахови за да се сеќаваат.

يَٰبَنِيٓ ءَادَمَ قَدْ أَنزَلْنَا عَلَيْكُمْ لِبَاسًا يُوَٰرِي سَوْءَٰتِكُمْ
وَرِيشًا وَلِبَاسُ ٱلتَّقْوَىٰ ذَٰلِكَ خَيْرٌ
ذَٰلِكَ مِنْ ءَايَٰتِ ٱللَّهِ لَعَلَّهُمْ يَذَّكَّرُونَ ٢٦

**27.**О синови Адемови, нека Шејтанот не ве заведе онака како што ги изведе од Џеннетот родителите ваши, соблекувајќи ја облеката нивна за да им ги покаже срамните места. Шејтанот и неговата дружба, навистина, ве гледаат отаде од кадешто вие не ги гледате. Ние ги определивме шејтаните, секако, да бидат заштитници за оние кои не веруваат.

يَٰبَنِيٓ ءَادَمَ لَا يَفْتِنَنَّكُمُ ٱلشَّيْطَٰنُ كَمَآ أَخْرَجَ
أَبَوَيْكُم مِّنَ ٱلْجَنَّةِ يَنزِعُ عَنْهُمَا لِبَاسَهُمَا لِيُرِيَهُمَا
سَوْءَٰتِهِمَآ إِنَّهُۥ يَرَىٰكُمْ هُوَ وَقَبِيلُهُۥ مِنْ حَيْثُ
لَا تَرَوْنَهُمْ إِنَّا جَعَلْنَا ٱلشَّيَٰطِينَ أَوْلِيَآءَ
لِلَّذِينَ لَا يُؤْمِنُونَ ٢٧

**28.**И кога ќе направат срамно дело, велат: "Ние ги затекнавме родителите наши во тоа и Аллах тоа ни го нареди. Кажи: "Аллах, навистина, не наредува срамно дело. Ќе го зборувате ли за Аллах она што не го знаете!?"

وَإِذَا فَعَلُوا۟ فَٰحِشَةً قَالُوا۟ وَجَدْنَا عَلَيْهَآ ءَابَآءَنَا
وَٱللَّهُ أَمَرَنَا بِهَا قُلْ إِنَّ ٱللَّهَ لَا يَأْمُرُ بِٱلْفَحْشَآءِ
أَتَقُولُونَ عَلَى ٱللَّهِ مَا لَا تَعْلَمُونَ ٢٨

**29.**Кажи: "Господарот мој ми нареди праведност." И управете ги лицата ваши, при секој намаз,

قُلْ أَمَرَ رَبِّي بِٱلْقِسْطِ وَأَقِيمُوا۟ وُجُوهَكُمْ عِندَ
كُلِّ مَسْجِدٍ وَٱدْعُوهُ مُخْلِصِينَ لَهُ ٱلدِّينَ

кон Него, повикувајќи Го: чисти во верата Негова; како што започна со вас така и ќе заврши.

كَمَا بَدَأَكُمْ تَعُودُونَ ﴿٢٩﴾

30. Едни ги упатуваше а други, со право, во заблуда ги оставаше: овие, навистина, ги земаа шејтаните место Аллаха за заштитници, мислејќи, секако, дека се упатените!

فَرِيقًا هَدَىٰ وَفَرِيقًا حَقَّ عَلَيْهِمُ ٱلضَّلَٰلَةُ ۗ إِنَّهُمُ
ٱتَّخَذُوا۟ ٱلشَّيَٰطِينَ أَوْلِيَآءَ مِن دُونِ ٱللَّهِ
وَيَحْسَبُونَ أَنَّهُم مُّهْتَدُونَ ﴿٣٠﴾

31. О синови Адемови, при секој намаз облечете се свечено, јадете и пијте, но не претерувајте. Аллах, навистина, не ги љуби претерувачите!

۞ يَٰبَنِىٓ ءَادَمَ خُذُوا۟ زِينَتَكُمْ عِندَ كُلِّ مَسْجِدٍ وَكُلُوا۟
وَٱشْرَبُوا۟ وَلَا تُسْرِفُوٓا۟ ۚ إِنَّهُۥ لَا يُحِبُّ ٱلْمُسْرِفِينَ ﴿٣١﴾

32. Кажи: “Кој ги забрани накитите Аллахови кои Он за робовите Свои ги вади, и добрата на ‘рскот?” Кажи: “Овие се на овој свет за оние кои веруваат, а особено на оној свет.” Ете, така Ние ги објаснуваме знаменијата за луѓето кои знаат.

قُلْ مَنْ حَرَّمَ زِينَةَ ٱللَّهِ ٱلَّتِىٓ أَخْرَجَ لِعِبَادِهِۦ
وَٱلطَّيِّبَٰتِ مِنَ ٱلرِّزْقِ ۚ قُلْ هِىَ لِلَّذِينَ ءَامَنُوا۟
فِى ٱلْحَيَوٰةِ ٱلدُّنْيَا خَالِصَةً يَوْمَ ٱلْقِيَٰمَةِ ۗ كَذَٰلِكَ
نُفَصِّلُ ٱلْءَايَٰتِ لِقَوْمٍ يَعْلَمُونَ ﴿٣٢﴾

33. Кажи: “Господарот мој, навистина, забрани: “Срамни дела, било да се јавни било да се тајни, и грев, и сила бесправно и да му здружувате на Аллах нешто за што Он не објави доказ, и да го зборувате за Аллах она што не го знаете!”

قُلْ إِنَّمَا حَرَّمَ رَبِّىَ ٱلْفَوَٰحِشَ مَا ظَهَرَ مِنْهَا وَمَا بَطَنَ
وَٱلْإِثْمَ وَٱلْبَغْىَ بِغَيْرِ ٱلْحَقِّ وَأَن تُشْرِكُوا۟ بِٱللَّهِ مَا لَمْ يُنَزِّلْ
بِهِۦ سُلْطَٰنًا وَأَن تَقُولُوا۟ عَلَى ٱللَّهِ مَا لَا تَعْلَمُونَ ﴿٣٣﴾

34. И секој народ има рок определен. Па, кога ќе дојде нивниот

وَلِكُلِّ أُمَّةٍ أَجَلٌ ۖ فَإِذَا جَآءَ أَجَلُهُمْ لَا يَسْتَـْٔخِرُونَ

определен рок... та, ни за миг не ќе можат да го задоцнат а ниту да го забрзаат.

سَاعَةً وَلَا يَسْتَقْدِمُونَ ﴿٣٤﴾

**35.** О синови Адемови, од вас ќе ви дојдат пејгамбери кои ќе ви ги кажуваат знаменијата Мои - та, оние кои ќе се плашат и кои ќе се поправат не ќе стравуваат и не ќе тагуваат.

يَٰبَنِيٓ ءَادَمَ إِمَّا يَأْتِيَنَّكُمْ رُسُلٌ مِّنكُمْ يَقُصُّونَ
عَلَيْكُمْ ءَايَٰتِي فَمَنِ ٱتَّقَىٰ وَأَصْلَحَ فَلَا خَوْفٌ عَلَيْهِمْ
وَلَا هُمْ يَحْزَنُونَ ﴿٣٥﴾

**36.** А оние кои ќе ги сметаат за лажни знаменијата Наши и кои дрско ќе се вртат од нив - онаквите се жители на огнот и во него за навек ќе останат.

وَٱلَّذِينَ كَذَّبُوا۟ بِـَٔايَٰتِنَا وَٱسْتَكْبَرُوا۟ عَنْهَآ أُو۟لَٰٓئِكَ
أَصْحَٰبُ ٱلنَّارِ ۖ هُمْ فِيهَا خَٰلِدُونَ ﴿٣٦﴾

**37.** Па, кој прави поголем зулум од оној кој фрла лага врз Аллах или кој ги смета за лажни ајетите Негови? Онаквите ќе си го постигнат делот нивни што е определен во Книгата. А кога ќе им дојдат пратениците мелеки од Нас да им ја земаат душата, ги прашуваат: “Каде се оние до кои, освен Аллах, се повикувавте?” Ќе речат: “Ни се изгубија.” Да, против самите себеси ќе сведочат дека, навистина, беа неверници!

فَمَنْ أَظْلَمُ مِمَّنِ ٱفْتَرَىٰ عَلَى ٱللَّهِ كَذِبًا أَوْ كَذَّبَ بِـَٔايَٰتِهِۦٓ ۚ
أُو۟لَٰٓئِكَ يَنَالُهُمْ نَصِيبُهُم مِّنَ ٱلْكِتَٰبِ ۖ حَتَّىٰٓ إِذَا جَآءَتْهُمْ
رُسُلُنَا يَتَوَفَّوْنَهُمْ قَالُوٓا۟ أَيْنَ مَا كُنتُمْ تَدْعُونَ
مِن دُونِ ٱللَّهِ ۖ قَالُوا۟ ضَلُّوا۟ عَنَّا وَشَهِدُوا۟
عَلَىٰٓ أَنفُسِهِمْ أَنَّهُمْ كَانُوا۟ كَٰفِرِينَ ﴿٣٧﴾

**38.** Аллах ќе рече: “Влезете во огнот заедно со народите кои беа пред вас и кои пропаднаа, и со луѓето и со џиновите. И секојпат кога ќе влезе еден народ ќе го проколнува нему сличниот; и кога ќе се најдат во него заедно потчинетите ќе им речат на

قَالَ ٱدْخُلُوا۟ فِيٓ أُمَمٍ قَدْ خَلَتْ مِن قَبْلِكُم مِّنَ ٱلْجِنِّ
وَٱلْإِنسِ فِي ٱلنَّارِ ۖ كُلَّمَا دَخَلَتْ أُمَّةٌ لَّعَنَتْ أُخْتَهَا ۖ
حَتَّىٰٓ إِذَا ٱدَّارَكُوا۟ فِيهَا جَمِيعًا قَالَتْ أُخْرَىٰهُمْ
لِأُولَىٰهُمْ رَبَّنَا هَٰٓؤُلَآءِ أَضَلُّونَا فَـَٔاتِهِمْ عَذَابًا ضِعْفًا
مِّنَ ٱلنَّارِ ۖ قَالَ لِكُلٍّ ضِعْفٌ وَلَٰكِن لَّا تَعْلَمُونَ ﴿٣٨﴾

властодршците: "Господаре наш, оние нѐ скршнаа во заблуда и дај им, тогаш, двојна казна огнена." Аллах ќе рече: "За секого имам двојна казна, но, ете, не знаете!"

**39.** И потчинетите ќе им речат на потчинителите: "Немавте никаква преднос над нас!" Па, вкусете ја казната за она што го спечаливте!"

وَقَالَتْ أُولَىٰهُمْ لِأُخْرَىٰهُمْ فَمَا كَانَ لَكُمْ عَلَيْنَا
مِن فَضْلٍ فَذُوقُوا۟ ٱلْعَذَابَ بِمَا كُنتُمْ
تَكْسِبُونَ ﴿٣٩﴾

**40.** Да, на оние кои фрлаа лага врз ајетите Наши и кои дрско се вртеа од нив не ќе им бидат отворени вратите небесни, и не ќе влезат во Џеннетот пред камилата да помине низ иглени уши. Ете, така Ние ќе ги казниме силниците!

إِنَّ ٱلَّذِينَ كَذَّبُوا۟ بِـَٔايَٰتِنَا وَٱسْتَكْبَرُوا۟ عَنْهَا لَا تُفَتَّحُ
لَهُمْ أَبْوَٰبُ ٱلسَّمَآءِ وَلَا يَدْخُلُونَ ٱلْجَنَّةَ حَتَّىٰ يَلِجَ ٱلْجَمَلُ
فِى سَمِّ ٱلْخِيَاطِ ۚ وَكَذَٰلِكَ نَجْزِى
ٱلْمُجْرِمِينَ ﴿٤٠﴾

**41.** За нив има огнени лежаи и огнени јоргани. Ете, така Ние ќе ги казниме зулумќарите!

لَهُم مِّن جَهَنَّمَ مِهَادٌ وَمِن فَوْقِهِمْ غَوَاشٍ ۚ
وَكَذَٰلِكَ نَجْزِى ٱلظَّٰلِمِينَ ﴿٤١﴾

**42.** Оние кои веруваат и кои работат добри дела - а Ние никого не оптоваруваме над можноста негова - оние жители џеннетски се и во него за навек ќе останат.

وَٱلَّذِينَ ءَامَنُوا۟ وَعَمِلُوا۟ ٱلصَّٰلِحَٰتِ
لَا نُكَلِّفُ نَفْسًا إِلَّا وُسْعَهَآ أُو۟لَٰٓئِكَ أَصْحَٰبُ
ٱلْجَنَّةِ ۖ هُمْ فِيهَا خَٰلِدُونَ ﴿٤٢﴾

**43.** Ние ја оттргнавме пакоста од градите нивни. Под нив ќе течат реки, и ќе речат: "Благодарение на Аллах кој нѐ упати кон ова. Аллах да не нѐ упатеше не ќе бевме, навистина, упатени." И

وَنَزَعْنَا مَا فِى صُدُورِهِم مِّنْ غِلٍّ تَجْرِى مِن تَحْتِهِمُ
ٱلْأَنْهَٰرُ ۖ وَقَالُوا۟ ٱلْحَمْدُ لِلَّهِ ٱلَّذِى هَدَىٰنَا لِهَٰذَا
وَمَا كُنَّا لِنَهْتَدِىَ لَوْلَآ أَنْ هَدَىٰنَا ٱللَّهُ ۖ لَقَدْ جَآءَتْ
رُسُلُ رَبِّنَا بِٱلْحَقِّ ۖ وَنُودُوٓا۟ أَن تِلْكُمُ ٱلْجَنَّةُ

веќе им доаѓаа пејгамбери со вистина од Господарот наш, и ќе им се рече: “Тоа е Џеннетот ваш кој го наследивте за она што, токму, го работевте!”

أُورِثْتُمُوهَا بِمَا كُنتُمْ تَعْمَلُونَ ﴿٤٣﴾

**44.**Џеннетските жители ќе им довикуваат на џехеннемските жители: “Го најдовме она што ни го вети Господарот наш, навистина! А дали, пак, го најдовте она што ви го вети Господарот ваш, навистина? Ќе речат: “Да!” Па, гласникот ќе возгласи меѓу нив: “Проклетството Аллахово е врз неверниците!”

وَنَادَىٰٓ أَصْحَٰبُ ٱلْجَنَّةِ أَصْحَٰبَ ٱلنَّارِ أَن قَدْ وَجَدْنَا مَا وَعَدَنَا رَبُّنَا حَقًّا فَهَلْ وَجَدتُّم مَّا وَعَدَ رَبُّكُمْ حَقًّا ۖ قَالُوا۟ نَعَمْ ۚ فَأَذَّنَ مُؤَذِّنٌۢ بَيْنَهُمْ أَن لَّعْنَةُ ٱللَّهِ عَلَى ٱلظَّٰلِمِينَ ﴿٤٤﴾

**45.**Оние кои одвраќаат од Аллаховиот пат и кои настојуваат да го искриват, оние, токму, во Ахирет не веруваат.

ٱلَّذِينَ يَصُدُّونَ عَن سَبِيلِ ٱللَّهِ وَيَبْغُونَهَا عِوَجًا وَهُم بِٱلْءَاخِرَةِ كَٰفِرُونَ ﴿٤٥﴾

**46.**Меѓу нив има завеса а на Бедемите ќе има луѓе кои ќе ги познаваат луѓето по изгледот нивни. На жителите џеннетски ќе им возгласат: “Селамун алејкум!” - додека не се влезени а одвај ќе чекаат.

وَبَيْنَهُمَا حِجَابٌ ۚ وَعَلَى ٱلْأَعْرَافِ رِجَالٌ يَعْرِفُونَ كُلًّۢا بِسِيمَىٰهُمْ ۚ وَنَادَوْا۟ أَصْحَٰبَ ٱلْجَنَّةِ أَن سَلَٰمٌ عَلَيْكُمْ ۚ لَمْ يَدْخُلُوهَا وَهُمْ يَطْمَعُونَ ﴿٤٦﴾

**47.**И кога погледите нивни ќе бидат свртени кон Средбата со жителите на огнот, ќе речат: “ Господаре наш, не задржувај нѐ со народот неправеден!”

۞ وَإِذَا صُرِفَتْ أَبْصَٰرُهُمْ تِلْقَآءَ أَصْحَٰبِ ٱلنَّارِ قَالُوا۟ رَبَّنَا لَا تَجْعَلْنَا مَعَ ٱلْقَوْمِ ٱلظَّٰلِمِينَ ﴿٤٧﴾

**48.**И жителите на Бедемите ќе ги повикуваат луѓето кои ги познаваат по изгледот нивни и ќе речат: “Ни вашето собирање

وَنَادَىٰٓ أَصْحَٰبُ ٱلْأَعْرَافِ رِجَالًا يَعْرِفُونَهُم بِسِيمَىٰهُمْ قَالُوا۟ مَآ أَغْنَىٰ عَنكُمْ جَمْعُكُمْ وَمَا كُنتُمْ تَسْتَكْبِرُونَ ﴿٤٨﴾

ни вашата надуеност во ништо не ќе ви користат!"

**49.** Оние ли се за кои се колневте дека нив не ќе ги опфати милоста Аллахова? Влезете во Џеннетот! Вие не ќе стравувате и не ќе тагувате.

أَهَٰٓؤُلَآءِ ٱلَّذِينَ أَقۡسَمۡتُمۡ لَا يَنَالُهُمُ ٱللَّهُ بِرَحۡمَةٍۚ
ٱدۡخُلُواْ ٱلۡجَنَّةَ لَا خَوۡفٌ عَلَيۡكُمۡ وَلَآ أَنتُمۡ
تَحۡزَنُونَ ﴿٤٩﴾

**50.** И жителите на огнот ќе им довикуваат на жителите џеннетски: "Посипајте нѐ со вода или со нафаката што ви ја даде Аллах." Ќе им речат: "Аллах, навистина, ова го забрани за неверниците!"

وَنَادَىٰٓ أَصۡحَٰبُ ٱلنَّارِ أَصۡحَٰبَ ٱلۡجَنَّةِ أَنۡ أَفِيضُواْ
عَلَيۡنَا مِنَ ٱلۡمَآءِ أَوۡ مِمَّا رَزَقَكُمُ ٱللَّهُۚ قَالُوٓاْ
إِنَّ ٱللَّهَ حَرَّمَهُمَا عَلَى ٱلۡكَٰفِرِينَ ﴿٥٠﴾

**51.** Оние кои ја земаат верата своја за игра и забава и кои ги завел животот на овој свет... па, нив ќе ги заборавиме на Денот онака како што заборавија на Средбата на овој нивни Ден, и ајетите Наши ги пренебрегнуваа.

ٱلَّذِينَ ٱتَّخَذُواْ دِينَهُمۡ لَهۡوٗا وَلَعِبٗا
وَغَرَّتۡهُمُ ٱلۡحَيَوٰةُ ٱلدُّنۡيَاۚ فَٱلۡيَوۡمَ نَنسَىٰهُمۡ
كَمَا نَسُواْ لِقَآءَ يَوۡمِهِمۡ هَٰذَا وَمَا كَانُواْ
بِـَٔايَٰتِنَا يَجۡحَدُونَ ﴿٥١﴾

**52.** Ние им дадовме Книга во која, секако, го објаснивме знаењето во целост: Патоказ и Милост за луѓето кои веруваат!

وَلَقَدۡ جِئۡنَٰهُم بِكِتَٰبٖ فَصَّلۡنَٰهُ عَلَىٰ عِلۡمٍ هُدٗى
وَرَحۡمَةٗ لِّقَوۡمٖ يُؤۡمِنُونَ ﴿٥٢﴾

**53.** Што очекуваат освен остварување нејзино? На Денот кога ќе се обелодени Книгата оние кои заборавиле на тоа од порано ќе речат: "Веќе ви доаѓаа пејгамбери од Господарот наш со вистина. Имаме ли, тогаш, посредници кои ќе се заземат за нас или, пак, да бидеме вратени па да работиме поинаку од она што

هَلۡ يَنظُرُونَ إِلَّا تَأۡوِيلَهُۥۚ يَوۡمَ يَأۡتِي تَأۡوِيلُهُۥ يَقُولُ
ٱلَّذِينَ نَسُوهُ مِن قَبۡلُ قَدۡ جَآءَتۡ رُسُلُ رَبِّنَا
بِٱلۡحَقِّ فَهَل لَّنَا مِن شُفَعَآءَ فَيَشۡفَعُواْ لَنَآ أَوۡ نُرَدُّ
فَنَعۡمَلَ غَيۡرَ ٱلَّذِي كُنَّا نَعۡمَلُۚ قَدۡ خَسِرُوٓاْ أَنفُسَهُمۡ
وَضَلَّ عَنۡهُم مَّا كَانُواْ يَفۡتَرُونَ ﴿٥٣﴾

го работевме.” Секако, себеси си наштетија и се оддалечија од нив оние што ги измислуваа.

**54.** Господарот ваш, навистина, е Аллах кој ги создаде небесата и Земјата за шест дена, а потоа се утврди на Аршот. Он го покрива денот со ноќ, а ноќта веднаш го бара денот. И Сонцето и Месечината и ѕвездите...потчинети се на наредбата Негова. Создавањето и Наредбата се - само Негови! Славен нека е Аллах, Господарот на световите!

إِنَّ رَبَّكُمُ ٱللَّهُ ٱلَّذِى خَلَقَ ٱلسَّمَٰوَٰتِ وَٱلْأَرْضَ
فِى سِتَّةِ أَيَّامٍ ثُمَّ ٱسْتَوَىٰ عَلَى ٱلْعَرْشِ يُغْشِى
ٱلَّيْلَ ٱلنَّهَارَ يَطْلُبُهُۥ حَثِيثًا وَٱلشَّمْسَ وَٱلْقَمَرَ
وَٱلنُّجُومَ مُسَخَّرَٰتٍۭ بِأَمْرِهِۦٓ ۗ أَلَا لَهُ ٱلْخَلْقُ
وَٱلْأَمْرُ ۗ تَبَارَكَ ٱللَّهُ رَبُّ ٱلْعَٰلَمِينَ ﴿٥٤﴾

**55.** Повикувајте го Господарот ваш потчинето и скришно! Он, навистина, не ги љуби претерувачите!

ٱدْعُوا۟ رَبَّكُمْ تَضَرُّعًا وَخُفْيَةً ۚ إِنَّهُۥ لَا يُحِبُّ
ٱلْمُعْتَدِينَ ﴿٥٥﴾

**56.** И не правете безредие на Земјата по веќе воспоставениот ред. Повикувајте Го бојазливо и стремежливо. Милоста Аллахова, навистина, е блиску до доброчинителите.

وَلَا تُفْسِدُوا۟ فِى ٱلْأَرْضِ بَعْدَ إِصْلَٰحِهَا
وَٱدْعُوهُ خَوْفًا وَطَمَعًا ۚ إِنَّ رَحْمَتَ ٱللَّهِ قَرِيبٌ
مِّنَ ٱلْمُحْسِنِينَ ﴿٥٦﴾

**57.** И Он е оној кој го испраќа ветрот како радосница пред да дојде Милоста Негова: кога ќе ги понесе тешките облаци Ние ги управуваме кон мртвиот предел па со нив спуштаме вода, со чија помош, тогаш, вадиме плодови секакви. Ете, така Ние ги вадиме мртвите да се сеќавате!

وَهُوَ ٱلَّذِى يُرْسِلُ ٱلرِّيَٰحَ بُشْرًۢا بَيْنَ يَدَىْ
رَحْمَتِهِۦ ۖ حَتَّىٰٓ إِذَآ أَقَلَّتْ سَحَابًا ثِقَالًا سُقْنَٰهُ
**8.** да ја овистини вистината а да ја уништи невистината, па макар тоа го мразеле силниците!

لِيُحِقَّ ٱلۡحَقَّ وَيُبۡطِلَ ٱلۡبَٰطِلَ وَلَوۡ كَرِهَ
ٱلۡمُجۡرِمُونَ ٨

**9.** Кога баравте помош од Господарот ваш, Он ви се оѕва. Јас, навистина, ве поддржав со илјада мелеки кои доаѓаа едни-задруги.

إِذۡ تَسۡتَغِيثُونَ رَبَّكُمۡ فَٱسۡتَجَابَ لَكُمۡ أَنِّي
مُمِدُّكُم بِأَلۡفٖ مِّنَ ٱلۡمَلَٰٓئِكَةِ مُرۡدِفِينَ ٩

**10.** Аллах тоа го направи само да ве зарадува и во тоа да ги смирете срцата ваши. Помошта е само кај Аллах. Аллах, навистина, е Силен и Мудар!

وَمَا جَعَلَهُ ٱللَّهُ إِلَّا بُشۡرَىٰ وَلِتَطۡمَئِنَّ بِهِۦ قُلُوبُكُمۡۚ
وَمَا ٱلنَّصۡرُ إِلَّا مِنۡ عِندِ ٱللَّهِۚ إِنَّ ٱللَّهَ
عَزِيزٌ حَكِيمٌ ١٠

**11.** И кога Он ви одреди лесен сон да ве обземе, да ве заштити од Своја страна, и кога ви спушти од небо вода за да ве очисти со неа и да ја отстрани од вас нечистотијата шејтанска и да ги поврзе срцата ваши и да ги зацврсти стапалките...

إِذۡ يُغَشِّيكُمُ ٱلنُّعَاسَ أَمَنَةٗ مِّنۡهُ وَيُنَزِّلُ عَلَيۡكُم
مِّنَ ٱلسَّمَآءِ مَآءٗ لِّيُطَهِّرَكُم بِهِۦ وَيُذۡهِبَ عَنكُمۡ
رِجۡزَ ٱلشَّيۡطَٰنِ وَلِيَرۡبِطَ عَلَىٰ قُلُوبِكُمۡ
وَيُثَبِّتَ بِهِ ٱلۡأَقۡدَامَ ١١

**12.** и кога Господарот твој им вдахна на мелеките: "Јас сум, навистина, со вас: бодрете ги, тогаш, оние кои веруваат." Во

إِذۡ يُوحِي رَبُّكَ إِلَى ٱلۡمَلَٰٓئِكَةِ أَنِّي مَعَكُمۡ فَثَبِّتُواْ
ٱلَّذِينَ ءَامَنُواْۚ سَأُلۡقِي فِي قُلُوبِ ٱلَّذِينَ كَفَرُواْ

срцата на оние кои не веруваат ќе фрлам страв. Па, удирајте ги по вратовите и по прстите!

الرُّعْبَ فَاضْرِبُوا فَوْقَ الْأَعْنَاقِ وَاضْرِبُوا مِنْهُمْ
كُلَّ بَنَانٍ ١٢

**13.** Заради противењето нивно и на Аллах и на пејгамберот Негов. А оној кој се противи на Аллах и на пејгамберот Негов - та, Аллах е Силен Казнувач!

ذَٰلِكَ بِأَنَّهُمْ شَاقُّوا اللَّهَ وَرَسُولَهُ ۚ وَمَن يُشَاقِقِ
اللَّهَ وَرَسُولَهُ فَإِنَّ اللَّهَ شَدِيدُ الْعِقَابِ ١٣

**14.** Ете, така ви е. Искусете ја казната, а за неверниците, навистина, има казна огнена.

ذَٰلِكُمْ فَذُوقُوهُ وَأَنَّ لِلْكَافِرِينَ
عَذَابَ النَّارِ ١٤

**15.** О верници, кога ќе се справите со оние кои не веруваат, кои доаѓаат во редови,тогаш, не вртете ги плеќите!

يَا أَيُّهَا الَّذِينَ آمَنُوا إِذَا لَقِيتُمُ الَّذِينَ كَفَرُوا
زَحْفًا فَلَا تُوَلُّوهُمُ الْأَدْبَارَ ١٥

**16.** Оној кој ќе побегне тогаш, освен оној кој привидно бега за да се врати во борба, или кој се придржува на друга дружина, секако, се враќа со лутината Аллахова и Џехеннемот е – престојувалиштето негово! Е, само колку лошо свратилиште е тоа!

وَمَن يُوَلِّهِمْ يَوْمَئِذٍ دُبُرَهُ إِلَّا مُتَحَرِّفًا لِّقِتَالٍ
أَوْ مُتَحَيِّزًا إِلَىٰ فِئَةٍ فَقَدْ بَاءَ بِغَضَبٍ
مِّنَ اللَّهِ وَمَأْوَاهُ جَهَنَّمُ ۖ وَبِئْسَ الْمَصِيرُ ١٦

**17.** И вие не ги убивавте, туку Аллах ги убиваше. И кога фрлаше ти не фрлаше, туку Аллах фрлаше за да ги испроба верниците со искушение убаво. Аллах, навистина, е Слушач и Зналец!

فَلَمْ تَقْتُلُوهُمْ وَلَٰكِنَّ اللَّهَ قَتَلَهُمْ ۚ وَمَا رَمَيْتَ
إِذْ رَمَيْتَ وَلَٰكِنَّ اللَّهَ رَمَىٰ ۚ
وَلِيُبْلِيَ الْمُؤْمِنِينَ مِنْهُ بَلَاءً حَسَنًا ۚ
إِنَّ اللَّهَ سَمِيعٌ عَلِيمٌ ١٧

**18.** Ете, така ви е. Аллах, навистина, чини да венат сплетките на неверниците!

ذَٰلِكُمْ وَأَنَّ اللَّهَ مُوهِنُ كَيْدِ الْكَافِرِينَ ١٨

**19.** Ако баравте да победите па, ете, победата ви дојде. А ако прекинете - та, тоа е подобро за вас. А ако, пак, се вратите и Ние ќе се вратиме. Дружината ваша во ништо не ќе ви користи и без оглед на бројот. Аллах, навистина, е со верниците!

إِن تَسْتَفْتِحُوا۟ فَقَدْ جَآءَكُمُ ٱلْفَتْحُ
وَإِن تَنتَهُوا۟ فَهُوَ خَيْرٌ لَّكُمْ وَإِن تَعُودُوا۟ نَعُدْ
وَلَن تُغْنِىَ عَنكُمْ فِئَتُكُمْ شَيْـًٔا وَلَوْ كَثُرَتْ
وَأَنَّ ٱللَّهَ مَعَ ٱلْمُؤْمِنِينَ ١٩

**20.** О верници, бидете послушни и на Аллах и на пејгамберот Негов. И не вртете Му ги плеќите. Вие, токму, слушате!

يَٰٓأَيُّهَا ٱلَّذِينَ ءَامَنُوٓا۟ أَطِيعُوا۟ ٱللَّهَ وَرَسُولَهُۥ
وَلَا تَوَلَّوْا۟ عَنْهُ وَأَنتُمْ تَسْمَعُونَ ٢٠

**21.** И не бидете како оние кои зборуваа: “Слушаме,” а, всушност, не слушаат

وَلَا تَكُونُوا۟ كَٱلَّذِينَ قَالُوا۟ سَمِعْنَا وَهُمْ
لَا يَسْمَعُونَ ٢١

**22.** зашто најлоши битија кај Аллах, навистина, се оние кои се глувонеми, оние кои ништо не сфаќаат.

۞ إِنَّ شَرَّ ٱلدَّوَآبِّ عِندَ ٱللَّهِ ٱلصُّمُّ ٱلْبُكْمُ
ٱلَّذِينَ لَا يَعْقِلُونَ ٢٢

**23.** А Аллах да знаеше дека кај нив има некакво добро Он ќе ги натераше да слушаат. А да ги натераше да слушаат пак ќе ги свртат плеќите зашто тие, секако, рамнодушни се и онака.

وَلَوْ عَلِمَ ٱللَّهُ فِيهِمْ خَيْرًا لَّأَسْمَعَهُمْ وَلَوْ أَسْمَعَهُمْ
لَتَوَلَّوا۟ وَّهُم مُّعْرِضُونَ ٢٣

**24.** О верници, оѕвијте се на Аллах и на пејгамберот Негов кога ве повикуваат зашто тоа ќе ве заживее. Знајте дека Аллах, навистина, се вмешува меѓу човекот и срцето негово и дека, секако, кај Него ќе се зберете.

يَٰٓأَيُّهَا ٱلَّذِينَ ءَامَنُوا۟ ٱسْتَجِيبُوا۟ لِلَّهِ وَلِلرَّسُولِ
إِذَا دَعَاكُمْ لِمَا يُحْيِيكُمْ وَٱعْلَمُوٓا۟ أَنَّ ٱللَّهَ
يَحُولُ بَيْنَ ٱلْمَرْءِ وَقَلْبِهِۦ وَأَنَّهُۥٓ إِلَيْهِ
تُحْشَرُونَ ٢٤

**25.** И чувајте се од сплетки кои ќе ги погодат само оние меѓу вас кои зулум направија. И знајте дека Аллах, навистина, е Силен Казнувач!

وَٱتَّقُواْ فِتۡنَةٗ لَّا تُصِيبَنَّ ٱلَّذِينَ ظَلَمُواْ مِنكُمۡ
خَآصَّةٗۖ وَٱعۡلَمُوٓاْ أَنَّ ٱللَّهَ شَدِيدُ ٱلۡعِقَابِ ٢٥

**26.** И сетете се кога бевте малкумина, кога ве сметаа за слаби, плашејќи се да не ве фатат луѓето и кога Он, со помошта Своја, ве поддржа и ве зајакна, и ве снабде со добра за да бидете благодарни.

وَٱذۡكُرُوٓاْ إِذۡ أَنتُمۡ قَلِيلٞ مُّسۡتَضۡعَفُونَ فِي ٱلۡأَرۡضِ
تَخَافُونَ أَن يَتَخَطَّفَكُمُ ٱلنَّاسُ فَـَٔاوَىٰكُمۡ
وَأَيَّدَكُم بِنَصۡرِهِۦ وَرَزَقَكُم مِّنَ ٱلطَّيِّبَٰتِ
لَعَلَّكُمۡ تَشۡكُرُونَ ٢٦

**27.** О верници, не изневерувајте Го Аллаха и пејгамберот Негов, и аманетот ваш еднисодруги не изневерувајте го. Вие, секако, знаете!

يَٰٓأَيُّهَا ٱلَّذِينَ ءَامَنُواْ لَا تَخُونُواْ ٱللَّهَ وَٱلرَّسُولَ
وَتَخُونُوٓاْ أَمَٰنَٰتِكُمۡ وَأَنتُمۡ تَعۡلَمُونَ ٢٧

**28.** Знајте дека, навистина, имотот ваш и децата ваши се искушение и дека, секако, кај Аллах има награда голема.

وَٱعۡلَمُوٓاْ أَنَّمَآ أَمۡوَٰلُكُمۡ وَأَوۡلَٰدُكُمۡ فِتۡنَةٞ
وَأَنَّ ٱللَّهَ عِندَهُۥٓ أَجۡرٌ عَظِيمٞ ٢٨

**29.** О верници, ако се плашите од Аллах ќе ве оспособи да просудувате што е добро а што е зло, и ќе ги занемари злите постапки ваши, и ќе ви прости. Аллах поседува добротија голема!

يَٰٓأَيُّهَا ٱلَّذِينَ ءَامَنُوٓاْ إِن تَتَّقُواْ ٱللَّهَ يَجۡعَل لَّكُمۡ
فُرۡقَانٗا وَيُكَفِّرۡ عَنكُمۡ سَيِّـَٔاتِكُمۡ وَيَغۡفِرۡ
لَكُمۡۗ وَٱللَّهُ ذُو ٱلۡفَضۡلِ ٱلۡعَظِيمِ ٢٩

**30.** И кога неверниците ти правеа сплетки за да те затворат или да те убијат или да те истераат... Правеа сплетки а

وَإِذۡ يَمۡكُرُ بِكَ ٱلَّذِينَ كَفَرُواْ لِيُثۡبِتُوكَ أَوۡ يَقۡتُلُوكَ
أَوۡ يُخۡرِجُوكَۚ وَيَمۡكُرُونَ وَيَمۡكُرُ ٱللَّهُۖ
وَٱللَّهُ خَيۡرُ ٱلۡمَٰكِرِينَ ٣٠

Аллах ги отстрани. Аллах е најдобар во тоа!

**31.** И кога им се кажувани ајетите Наши, рекоа: “Слушнавме веќе и, да посакаме, ќе кажуваме слично на тоа; ова се само прикаски на поколенијата одамнешни.”

وَإِذَا تُتْلَىٰ عَلَيْهِمْ ءَايَٰتُنَا قَالُوا۟ قَدْ سَمِعْنَا
لَوْ نَشَآءُ لَقُلْنَا مِثْلَ هَٰذَآ إِنْ هَٰذَآ
إِلَّآ أَسَٰطِيرُ ٱلْأَوَّلِينَ ﴿٣١﴾

**32.** И кога рекоа: “Господаре, ако е ова вистина од Тебе, спушти ни, тогаш, камења од небо место дожд или дај ни казна болна.”

وَإِذْ قَالُوا۟ ٱللَّهُمَّ إِن كَانَ هَٰذَا هُوَ ٱلْحَقَّ
مِنْ عِندِكَ فَأَمْطِرْ عَلَيْنَا حِجَارَةً مِّنَ ٱلسَّمَآءِ
أَوِ ٱئْتِنَا بِعَذَابٍ أَلِيمٍ ﴿٣٢﴾

**33.** Аллах не ги казнува во присуство твое. Аллах не е казнувач нивни - оние, всушност, бараат прошка.

وَمَا كَانَ ٱللَّهُ لِيُعَذِّبَهُمْ وَأَنتَ فِيهِمْ
وَمَا كَانَ ٱللَّهُ مُعَذِّبَهُمْ وَهُمْ يَسْتَغْفِرُونَ ﴿٣٣﴾

**34.** Казнувањето нивно од Аллах е оправдано зашто оние оддалечуваат други од Месџидил Харам и не се заштитници Негови. Заштитниците негови се богобојазливи, но мнозинството од нив не знаат.

وَمَا لَهُمْ أَلَّا يُعَذِّبَهُمُ ٱللَّهُ وَهُمْ يَصُدُّونَ
عَنِ ٱلْمَسْجِدِ ٱلْحَرَامِ وَمَا كَانُوٓا۟ أَوْلِيَآءَهُۥٓ
إِنْ أَوْلِيَآؤُهُۥٓ إِلَّا ٱلْمُتَّقُونَ وَلَٰكِنَّ أَكْثَرَهُمْ
لَا يَعْلَمُونَ ﴿٣٤﴾

**35.** Намазот нивни во Месџидул Харам е само дрдорење и плескање. Пробајте ја, тогаш, казната затоа што не верувавте!

وَمَا كَانَ صَلَاتُهُمْ عِندَ ٱلْبَيْتِ إِلَّا مُكَآءً
وَتَصْدِيَةً فَذُوقُوا۟ ٱلْعَذَابَ بِمَا كُنتُمْ
تَكْفُرُونَ ﴿٣٥﴾

**36.** Оние кои не веруваат, навистина, го трошат имотот свој за да одвраќаат од Аллаховиот пат. Та, ќе го потрошат и ќе

إِنَّ ٱلَّذِينَ كَفَرُوا۟ يُنفِقُونَ أَمْوَٰلَهُمْ لِيَصُدُّوا۟
عَن سَبِيلِ ٱللَّهِ فَسَيُنفِقُونَهَا ثُمَّ تَكُونُ عَلَيْهِمْ
حَسْرَةً ثُمَّ يُغْلَبُونَ وَٱلَّذِينَ كَفَرُوٓا۟ إِلَىٰ جَهَنَّمَ

зажалат и на крај ќе изгубат. Оние кои не веруваат во Џехеннемот ќе се зберат:

يُحْشَرُونَ ﴿٣٦﴾

**37.** за Аллах да го оддели доброто од злото и Он злото нивно да го напласти еднинадруги па да ги натрупа сите и да ги фрли во Џехеннемот! Онаквите се, токму, поразени!

لِيَمِيزَ ٱللَّهُ ٱلْخَبِيثَ مِنَ ٱلطَّيِّبِ وَيَجْعَلَ ٱلْخَبِيثَ
بَعْضَهُۥ عَلَىٰ بَعْضٍ فَيَرْكُمَهُۥ جَمِيعًا فَيَجْعَلَهُۥ
فِى جَهَنَّمَ ۚ أُو۟لَـٰٓئِكَ هُمُ ٱلْخَـٰسِرُونَ ﴿٣٧﴾

**38.** Кажи им на оние кои не веруваат дека ако престанат ќе им биде простено она што поминало, а ако, пак, се вратат... та, искуството на одамнешните поколенија е познато.

قُل لِّلَّذِينَ كَفَرُوٓا۟ إِن يَنتَهُوا۟ يُغْفَرْ لَهُم
مَّا قَدْ سَلَفَ وَإِن يَعُودُوا۟ فَقَدْ مَضَتْ سُنَّتُ
ٱلْأَوَّلِينَ ﴿٣٨﴾

**39.** И борете се против нив сѐ додека го снема сплеткарењето и додека верата Аллахова не биде присутна. А ако престанат... та, Аллах го гледа она што го работат,

وَقَـٰتِلُوهُمْ حَتَّىٰ لَا تَكُونَ فِتْنَةٌ وَيَكُونَ
ٱلدِّينُ كُلُّهُۥ لِلَّهِ ۚ فَإِنِ ٱنتَهَوْا۟ فَإِنَّ ٱللَّهَ
بِمَا يَعْمَلُونَ بَصِيرٌ ﴿٣٩﴾

**40.** а ако ги свртат плеќите, знајте дека Аллах, навистина, е Заштитник ваш. Е, само колку добар Заштитник е Он и само колку добар Поддржник е Он!

وَإِن تَوَلَّوْا۟ فَٱعْلَمُوٓا۟ أَنَّ ٱللَّهَ مَوْلَىٰكُمْ ۚ نِعْمَ ٱلْمَوْلَىٰ
وَنِعْمَ ٱلنَّصِيرُ ﴿٤٠﴾

**41.** И знајте дека, навистина, од она што ќе го заплените во борба, тогаш, една петина му припаѓа на Аллах и на пејгамберот, и на роднината негова, и на јетимите и на сиромашните, и на патниците доколку верувате во

۞ وَٱعْلَمُوٓا۟ أَنَّمَا غَنِمْتُم مِّن شَىْءٍ فَأَنَّ لِلَّهِ خُمُسَهُۥ
وَلِلرَّسُولِ وَلِذِى ٱلْقُرْبَىٰ وَٱلْيَتَـٰمَىٰ وَٱلْمَسَـٰكِينِ
وَٱبْنِ ٱلسَّبِيلِ إِن كُنتُمْ ءَامَنتُم بِٱللَّهِ وَمَآ أَنزَلْنَا
عَلَىٰ عَبْدِنَا يَوْمَ ٱلْفُرْقَانِ يَوْمَ ٱلْتَقَى ٱلْجَمْعَانِ ۗ
وَٱللَّهُ عَلَىٰ كُلِّ شَىْءٍ قَدِيرٌ ﴿٤١﴾

Аллах и во она што е објавено до робот Наш, и во денот во кој се одделија вистината и невистината, во денот во кој се судрија две војски. А Аллах е Кадар за сè!

**42.** Кога вие бевте во падината поблиска, а оние во падината подалечна, а караванот беше многу подолу од вас: а ако се договоревте немаше да се договорете за времето на судирот, но Аллах ја определи наредбата која стана делотворна: да пропадне оној кој што треба да пропадне за да му биде јасно, а да остане во живот оној кој што треба да остане во живот за да му биде јасно. Аллах, навистина, е Слушач и Гледач!

إِذْ أَنتُم بِٱلْعُدْوَةِ ٱلدُّنْيَا وَهُم بِٱلْعُدْوَةِ ٱلْقُصْوَىٰ
وَٱلرَّكْبُ أَسْفَلَ مِنكُمْ ۚ وَلَوْ تَوَاعَدتُّمْ
لَٱخْتَلَفْتُمْ فِى ٱلْمِيعَٰدِ ۙ وَلَٰكِن لِّيَقْضِىَ ٱللَّهُ
أَمْرًا كَانَ مَفْعُولًا لِّيَهْلِكَ مَنْ هَلَكَ
عَنۢ بَيِّنَةٍ وَيَحْيَىٰ مَنْ حَىَّ عَنۢ بَيِّنَةٍ ۗ وَإِنَّ ٱللَّهَ
لَسَمِيعٌ عَلِيمٌ ﴿٤٢﴾

**43.** Кога Аллах во сон ти покажа дека се малку, а да ви покажевме дека се многу, ќе изгубевте и ќе се каравте, но Аллах, ете, донесе спас. Он, навистина, го знае она што е во градите!

إِذْ يُرِيكَهُمُ ٱللَّهُ فِى مَنَامِكَ قَلِيلًا ۖ
وَلَوْ أَرَىٰكَهُمْ كَثِيرًا لَّفَشِلْتُمْ وَلَتَنَٰزَعْتُمْ
فِى ٱلْأَمْرِ وَلَٰكِنَّ ٱللَّهَ سَلَّمَ ۗ إِنَّهُۥ عَلِيمٌۢ
بِذَاتِ ٱلصُّدُورِ ﴿٤٣﴾

**44.** И кога се соочивте Он во очите ваши, смалувајќи ги, ги прикажа малку за Аллах да ја определи наредбата која се изврши. Кон Аллах работите се враќаат!

وَإِذْ يُرِيكُمُوهُمْ إِذِ ٱلْتَقَيْتُمْ فِىٓ أَعْيُنِكُمْ قَلِيلًا
وَيُقَلِّلُكُمْ فِىٓ أَعْيُنِهِمْ لِيَقْضِىَ ٱللَّهُ أَمْرًا
كَانَ مَفْعُولًا ۗ وَإِلَى ٱللَّهِ تُرْجَعُ ٱلْأُمُورُ ﴿٤٤﴾

**45.** О верници, кога ќе се судрите со некоја чета, бидете

يَٰٓأَيُّهَا ٱلَّذِينَ ءَامَنُوٓا۟ إِذَا لَقِيتُمْ فِئَةً فَٱثْبُتُوا۟

цврсти и споменувајте Го Аллаха многу за да се спасите!

وَٱذۡكُرُواْ ٱللَّهَ كَثِيرٗا لَّعَلَّكُمۡ تُفۡلِحُونَ ﴿٤٥﴾

**46.** И бидете послушни и на Аллах и на пејгамберот Негов; не карајте се еднисодруги зашто ќе ослабнете и ќе ви исчезне моќта. Бидете трпеливи! Аллах, навистина, е со трпеливите!

وَأَطِيعُواْ ٱللَّهَ وَرَسُولَهُۥ وَلَا تَنَٰزَعُواْ فَتَفۡشَلُواْ
وَتَذۡهَبَ رِيحُكُمۡۖ وَٱصۡبِرُوٓاْۚ إِنَّ ٱللَّهَ
مَعَ ٱلصَّٰبِرِينَ ﴿٤٦﴾

**47.** И не бидете како оние кои излегоа од домовите свои горделиво, очигледно пред луѓето, а кои, всушност, одвраќаат од Аллаховиот пат. Аллах го опфаќа она што го работат!

وَلَا تَكُونُواْ كَٱلَّذِينَ خَرَجُواْ مِن دِيَٰرِهِم بَطَرٗا
وَرِئَآءَ ٱلنَّاسِ وَيَصُدُّونَ عَن سَبِيلِ ٱللَّهِۚ
وَٱللَّهُ بِمَا يَعۡمَلُونَ مُحِيطٞ ﴿٤٧﴾

**48.** И кога Шејтанот им ги разубави делата нивни, рекоа: “Денес никој меѓу луѓето не може да ве победи зашто јас сум заштитникот ваш!” И бидејќи две чети се сретнаа очи в очи Шејтанот се повлече по стапалките свои, и рече: “Да, јас сум далеку од вас и јас, навистина, го гледам она што вие не го гледате, и да, јас стравувам од Аллах! Аллах е Силен Казнувач!”

وَإِذۡ زَيَّنَ لَهُمُ ٱلشَّيۡطَٰنُ أَعۡمَٰلَهُمۡ وَقَالَ لَا غَالِبَ
لَكُمُ ٱلۡيَوۡمَ مِنَ ٱلنَّاسِ وَإِنِّي جَارٞ
لَّكُمۡۖ فَلَمَّا تَرَآءَتِ ٱلۡفِئَتَانِ نَكَصَ عَلَىٰ عَقِبَيۡهِ
وَقَالَ إِنِّي بَرِيٓءٞ مِّنكُمۡ إِنِّيٓ أَرَىٰ مَا لَا تَرَوۡنَ
إِنِّيٓ أَخَافُ ٱللَّهَۚ وَٱللَّهُ شَدِيدُ ٱلۡعِقَابِ ﴿٤٨﴾

**49.** Кога дволичните и оние во чии срца има болештина зборуваа: “Нив верата нивна ги измами.” А оној кој ќе се потпре врз Аллах ... па, Аллах, навистина, е Силен и Мудар!

إِذۡ يَقُولُ ٱلۡمُنَٰفِقُونَ وَٱلَّذِينَ فِي قُلُوبِهِم
مَّرَضٌ غَرَّ هَٰٓؤُلَآءِ دِينُهُمۡۗ وَمَن يَتَوَكَّلۡ عَلَى ٱللَّهِ
فَإِنَّ ٱللَّهَ عَزِيزٌ حَكِيمٞ ﴿٤٩﴾

**50.** Е, само да видиш кога мелеките на оние кои не веруваа како ќе им ги земаат душите, удирајќи ги по лицата нивни и по плеќите нивни: “Искусете ја казната огнена!

وَلَوْ تَرَىٰٓ إِذْ يَتَوَفَّى ٱلَّذِينَ كَفَرُوا۟ ۙ ٱلْمَلَـٰٓئِكَةُ
يَضْرِبُونَ وُجُوهَهُمْ وَأَدْبَـٰرَهُمْ
وَذُوقُوا۟ عَذَابَ ٱلْحَرِيقِ ٥٠

**51.** Ете, тоа е заради она што го направија рацете ваши. А Аллах, навистина, не е зулумќар кон робовите!”

ذَٰلِكَ بِمَا قَدَّمَتْ أَيْدِيكُمْ وَأَنَّ ٱللَّهَ لَيْسَ
بِظَلَّـٰمٍ لِّلْعَبِيدِ ٥١

**52.** Слично на обичајот на фараоновите луѓе и оние кои беа пред нив. Не веруваа во знаменијата на Аллах... па, Аллах ги казни заради гревовите нивни. Аллах, навистина, е Јак, Силен Казнувач!

كَدَأْبِ ءَالِ فِرْعَوْنَ ۙ وَٱلَّذِينَ مِن قَبْلِهِمْ ۚ كَفَرُوا۟
بِـَٔايَـٰتِ ٱللَّهِ فَأَخَذَهُمُ ٱللَّهُ بِذُنُوبِهِمْ ۗ إِنَّ ٱللَّهَ
قَوِىٌّ شَدِيدُ ٱلْعِقَابِ ٥٢

**53.** Бидејќи е така, Аллах, навистина, не го менува благодатот кој го подари на луѓето сѐ додека оние не се изменат самите себеси. Аллах, навистина, е Слушач и Зналец!

ذَٰلِكَ بِأَنَّ ٱللَّهَ لَمْ يَكُ مُغَيِّرًا نِّعْمَةً أَنْعَمَهَا عَلَىٰ قَوْمٍ
حَتَّىٰ يُغَيِّرُوا۟ مَا بِأَنفُسِهِمْ ۙ وَأَنَّ ٱللَّهَ سَمِيعٌ عَلِيمٌ ٥٣

**54.** Слично на обичајот на фараоновите луѓе и оние што беа пред нив. Ги сметаа за лажни знаменијата од Господарот свој, па Ние ги уништивме заради гревовите нивни и го потопивме семејството фараоново. Сите беа зулумќари!

كَدَأْبِ ءَالِ فِرْعَوْنَ ۙ وَٱلَّذِينَ مِن قَبْلِهِمْ ۚ
كَذَّبُوا۟ بِـَٔايَـٰتِ رَبِّهِمْ فَأَهْلَكْنَـٰهُم بِذُنُوبِهِمْ
وَأَغْرَقْنَآ ءَالَ فِرْعَوْنَ ۚ وَكُلٌّ كَانُوا۟ ظَـٰلِمِينَ ٥٤

**55.** Најлошите суштества кај Аллах се оние кои пренебрегнуваат; тогаш, оние кои не веруваат,

إِنَّ شَرَّ ٱلدَّوَآبِّ عِندَ ٱللَّهِ ٱلَّذِينَ كَفَرُوا۟ فَهُمْ
لَا يُؤْمِنُونَ ٥٥

**56.** оние со кои ти склучи договор па, потоа, го кршат договорот свој секојпат, оние не се богобојазливи.

ٱلَّذِينَ عَٰهَدتَّ مِنْهُمْ ثُمَّ يَنقُضُونَ عَهْدَهُمْ
فِى كُلِّ مَرَّةٍ وَهُمْ لَا يَتَّقُونَ ﴿٥٦﴾

**57.** А ако се судриш со нив во борба, тогаш, истерај ги за да се сетат оние по нив.

فَإِمَّا تَثْقَفَنَّهُمْ فِى ٱلْحَرْبِ فَشَرِّدْ بِهِم مَّنْ خَلْفَهُمْ
لَعَلَّهُمْ يَذَّكَّرُونَ ﴿٥٧﴾

**58.** А ако, пак, се плашиш да не те издаде народот, тогаш, возврати им на ист начин. Аллах, навистина, не ги љуби предавниците!

وَإِمَّا تَخَافَنَّ مِن قَوْمٍ خِيَانَةً فَٱنۢبِذْ إِلَيْهِمْ
عَلَىٰ سَوَآءٍ إِنَّ ٱللَّهَ لَا يُحِبُّ ٱلْخَآئِنِينَ ﴿٥٨﴾

**59.** Нека неверниците, секако, не сметаат дека ќе ја избегнат казната. Оние, навистина, не можат да ја избегнат казната Негова!

وَلَا يَحْسَبَنَّ ٱلَّذِينَ كَفَرُوا۟ سَبَقُوٓا۟ إِنَّهُمْ
لَا يُعْجِزُونَ ﴿٥٩﴾

**60.** Подгответе против нив моќ која можете да ја смогнете, и коњи за војна со што ќе ги заплашите и непријателот на Аллах и непријателот ваш и други освен нив. Вие не ги знаете, а Аллах ги знае. А она што ќе го поделите на Аллаховиот пат ќе ви се надополни и нема да ви се направи зло!

وَأَعِدُّوا۟ لَهُم مَّا ٱسْتَطَعْتُم مِّن قُوَّةٍ
وَمِن رِّبَاطِ ٱلْخَيْلِ تُرْهِبُونَ بِهِۦ عَدُوَّ ٱللَّهِ
وَعَدُوَّكُمْ وَءَاخَرِينَ مِن دُونِهِمْ لَا تَعْلَمُونَهُمُ
ٱللَّهُ يَعْلَمُهُمْ وَمَا تُنفِقُوا۟ مِن شَىْءٍ فِى سَبِيلِ
ٱللَّهِ يُوَفَّ إِلَيْكُمْ وَأَنتُمْ لَا تُظْلَمُونَ ﴿٦٠﴾

**61.** А ако се наклонети кон мир па, и ти биди наклонет кон мир, и потпри се врз Аллах. Он, навистина, е Слушач и Зналец!

۞ وَإِن جَنَحُوا۟ لِلسَّلْمِ فَٱجْنَحْ لَهَا وَتَوَكَّلْ عَلَى ٱللَّهِ
إِنَّهُۥ هُوَ ٱلسَّمِيعُ ٱلْعَلِيمُ ﴿٦١﴾

**62.** А ако посакуваат да те измамат... па, за тебе доволен е

وَإِن يُرِيدُوٓا۟ أَن يَخْدَعُوكَ فَإِنَّ حَسْبَكَ ٱللَّهُ

Аллах. Он те крепи со помошта Своја а и со верниците!

هُوَ ٱلَّذِىٓ أَيَّدَكَ بِنَصْرِهِۦ وَبِٱلْمُؤْمِنِينَ ﴿٦٢﴾

**63.** И Он ги спои срцата нивни. И сѐ што е на земјата да го потрошиш не би ги споил срцата нивни, но Аллах нив ги спои. Он, навистина, е Силен и Мудар!

وَأَلَّفَ بَيْنَ قُلُوبِهِمْ ۚ لَوْ أَنفَقْتَ مَا فِى ٱلْأَرْضِ جَمِيعًا مَّآ أَلَّفْتَ بَيْنَ قُلُوبِهِمْ وَلَـٰكِنَّ ٱللَّهَ أَلَّفَ بَيْنَهُمْ ۚ إِنَّهُۥ عَزِيزٌ حَكِيمٌ ﴿٦٣﴾

**64.** О пејгамберу, Аллах ти е Доволен и верниците кои те следат.

يَـٰٓأَيُّهَا ٱلنَّبِىُّ حَسْبُكَ ٱللَّهُ وَمَنِ ٱتَّبَعَكَ مِنَ ٱلْمُؤْمِنِينَ ﴿٦٤﴾

**65.** О пејгамберу, поттикнувај ги верниците кон борба. Ако меѓу вас има дваесет трпеливи ќе победат двесте, а ако, пак, меѓу вас има сто ќе победат илјада од оние кои не веруваат зашто оние се, навистина, луѓе кои не сфаќаат.

يَـٰٓأَيُّهَا ٱلنَّبِىُّ حَرِّضِ ٱلْمُؤْمِنِينَ عَلَى ٱلْقِتَالِ ۚ إِن يَكُن مِّنكُمْ عِشْرُونَ صَـٰبِرُونَ يَغْلِبُوا۟ مِا۟ئَتَيْنِ ۚ وَإِن يَكُن مِّنكُم مِّا۟ئَةٌ يَغْلِبُوٓا۟ أَلْفًا مِّنَ ٱلَّذِينَ كَفَرُوا۟ بِأَنَّهُمْ قَوْمٌ لَّا يَفْقَهُونَ ﴿٦٥﴾

**66.** Е, сега, Аллах ви олесни, и Он знае дека сте, навистина, истоштени. Па, ако меѓу вас има сто трпеливи ќе победат двесте, а ако, пак, меѓу вас има илјада, ќе победат, со одобрението Аллахово, две илјади. А Аллах е со трпеливите!

ٱلْـَٔـٰنَ خَفَّفَ ٱللَّهُ عَنكُمْ وَعَلِمَ أَنَّ فِيكُمْ ضَعْفًا ۚ فَإِن يَكُن مِّنكُم مِّا۟ئَةٌ صَابِرَةٌ يَغْلِبُوا۟ مِا۟ئَتَيْنِ ۚ وَإِن يَكُن مِّنكُمْ أَلْفٌ يَغْلِبُوٓا۟ أَلْفَيْنِ بِإِذْنِ ٱللَّهِ ۗ وَٱللَّهُ مَعَ ٱلصَّـٰبِرِينَ ﴿٦٦﴾

**67.** На пејгамбер не му е дозволено да има заробеници се додека не извојува победа на земјата. Вие ги посакувате добрата од овој свет, а Аллах го

مَا كَانَ لِنَبِىٍّ أَن يَكُونَ لَهُۥٓ أَسْرَىٰ حَتَّىٰ يُثْخِنَ فِى ٱلْأَرْضِ ۚ تُرِيدُونَ عَرَضَ ٱلدُّنْيَا وَٱللَّهُ يُرِيدُ ٱلْـَٔاخِرَةَ ۗ وَٱللَّهُ عَزِيزٌ حَكِيمٌ ﴿٦٧﴾

посакува Ахирет. Аллах е Силен и Мудар!

**68.** Кога не би била Одлуката на Аллах од порано во она што го земавте ќе ве погодеше казна голема, сигурно!

لَّوۡلَا كِتَٰبٞ مِّنَ ٱللَّهِ سَبَقَ لَمَسَّكُمۡ فِيمَآ أَخَذۡتُمۡ
عَذَابٌ عَظِيمٞ ﴿٦٨﴾

**69.** Па, јадете го она што го запленивте, што е халал убава храна. И плашете се од Аллах. Аллах, навистина, е Простувач и Сомилосен!

فَكُلُواْ مِمَّا غَنِمۡتُمۡ حَلَٰلٗا طَيِّبٗاۚ وَٱتَّقُواْ ٱللَّهَۚ
إِنَّ ٱللَّهَ غَفُورٞ رَّحِيمٞ ﴿٦٩﴾

**70.** О пејгамберу, кажи им на заробениците кои се во рацете твои: “Ако Аллах види во срцата ваши добро Он ќе ви даде добро од она што ви е одземено, и Он ќе ви прости.” Аллах е Простувач и Сомилосен!

يَٰٓأَيُّهَا ٱلنَّبِيُّ قُل لِّمَن فِيٓ أَيۡدِيكُم مِّنَ ٱلۡأَسۡرَىٰٓ
إِن يَعۡلَمِ ٱللَّهُ فِي قُلُوبِكُمۡ خَيۡرٗا يُؤۡتِكُمۡ خَيۡرٗا مِّمَّآ
أُخِذَ مِنكُمۡ وَيَغۡفِرۡ لَكُمۡۗ
وَٱللَّهُ غَفُورٞ رَّحِيمٞ ﴿٧٠﴾

**71.** А ако, пак, посакаат да те изневерат па, оние и пред тоа го изневеруваа Аллаха: тогаш, Он најде начин против нив. Аллах е Зналец и Мудар!

وَإِن يُرِيدُواْ خِيَانَتَكَ فَقَدۡ خَانُواْ ٱللَّهَ مِن قَبۡلُ
فَأَمۡكَنَ مِنۡهُمۡۗ وَٱللَّهُ عَلِيمٌ حَكِيمٌ ﴿٧١﴾

**72.** Оние кои веруваа и кои се иселија и кои се бореа на Аллаховиот пат и со имотот свој и со животот свој, и оние кои згрижуваа и кои помагаа... се заштитници еднинадруги. А на оние кои веруваа а не се иселија во ништо не можете да бидете заштитници нивни сè додека не

إِنَّ ٱلَّذِينَ ءَامَنُواْ وَهَاجَرُواْ وَجَٰهَدُواْ بِأَمۡوَٰلِهِمۡ
وَأَنفُسِهِمۡ فِي سَبِيلِ ٱللَّهِ وَٱلَّذِينَ ءَاوَواْ وَّنَصَرُوٓاْ
أُوْلَٰٓئِكَ بَعۡضُهُمۡ أَوۡلِيَآءُ بَعۡضٖۚ وَٱلَّذِينَ ءَامَنُواْ
وَلَمۡ يُهَاجِرُواْ مَا لَكُم مِّن وَلَٰيَتِهِم مِّن شَيۡءٍ
حَتَّىٰ يُهَاجِرُواْۚ وَإِنِ ٱسۡتَنصَرُوكُمۡ فِي ٱلدِّينِ
فَعَلَيۡكُمُ ٱلنَّصۡرُ إِلَّا عَلَىٰ قَوۡمِۭ بَيۡنَكُمۡ وَبَيۡنَهُم
مِّيثَٰقٞۗ وَٱللَّهُ بِمَا تَعۡمَلُونَ بَصِيرٞ ﴿٧٢﴾

помош од вас, во верата, тогаш, должност ви е да им помогнете, но не и против народот меѓу кого и вас има договор. А Аллах го гледа она што го работите;

**73.** а оние кои не веруваат заштитници се еднинадруги. Ако вие не постапите така на земјата ќе има и сплетка и безредие големо.

وَٱلَّذِينَ كَفَرُواْ بَعۡضُهُمۡ أَوۡلِيَآءُ بَعۡضٍۚ إِلَّا تَفۡعَلُوهُ
تَكُن فِتۡنَةٞ فِي ٱلۡأَرۡضِ وَفَسَادٞ كَبِيرٞ ﴿٧٣﴾

**74.** А оние кои веруваа, и кои се иселија, и кои се бореа на Аллаховиот пат, и оние кои згрижуваа и кои помагаа... вистински се верници, навистина! За нив има и прошка и нафака благородна!

وَٱلَّذِينَ ءَامَنُواْ وَهَاجَرُواْ وَجَٰهَدُواْ فِي سَبِيلِ
ٱللَّهِ وَٱلَّذِينَ ءَاوَواْ وَّنَصَرُوٓاْ أُوْلَٰٓئِكَ هُمُ
ٱلۡمُؤۡمِنُونَ حَقّٗاۚ لَّهُم مَّغۡفِرَةٞ وَرِزۡقٞ كَرِيمٞ ﴿٧٤﴾

**75.** А оние кои веруваа по тоа, и кои се иселија, и кои се бореа со вас, секако, од вас се! А роднините, според Книгата на Аллах, поголеми заштитници се еднисодруги. Аллах, навистина, знае сè!

وَٱلَّذِينَ ءَامَنُواْ مِنۢ بَعۡدُ وَهَاجَرُواْ وَجَٰهَدُواْ مَعَكُمۡ
فَأُوْلَٰٓئِكَ مِنكُمۡۚ وَأُوْلُواْ ٱلۡأَرۡحَامِ بَعۡضُهُمۡ أَوۡلَىٰ بِبَعۡضٖ
فِي كِتَٰبِ ٱللَّهِۚ إِنَّ ٱللَّهَ بِكُلِّ شَيۡءٍ عَلِيمُۢ ﴿٧٥﴾

## *ЕТ-ТЕВБА* (Покајание) IX

سُورَةُ التَّوۡبَةِ

**1.** Опомена од страна на Аллах и од пејгамберот Негов до многубошците со кои договор склучивте!

بَرَآءَةٞ مِّنَ ٱللَّهِ وَرَسُولِهِۦٓ إِلَى ٱلَّذِينَ عَٰهَدتُّم
مِّنَ ٱلۡمُشۡرِكِينَ ﴿١﴾

**2.** “Па, патувајте по земјата четири месеци и знајте дека сте,

فَسِيحُواْ فِي ٱلۡأَرۡضِ أَرۡبَعَةَ أَشۡهُرٖ وَٱعۡلَمُوٓاْ أَنَّكُمۡ

навистина, немоќни пред Аллах. А Аллах, навистина, ќе ја открие страмотата на неверниците! “

غَيْرُ مُعْجِزِي ٱللَّهِ وَأَنَّ ٱللَّهَ مُخْزِي ٱلْكَٰفِرِينَ ﴿٢﴾

**3.** Повикот од Аллах и од пејгамберот Негов до луѓето на Денот од големиот хаџџ: Аллах, навистина, е далеку од многубошците, а и пејгамберот Негов. Та, ако се покаете тоа е подобро за вас а ако, пак, ги свртете плеќите, знајте дека сте вие, навистина, немоќни, и зарадувај ги оние кои не веруваат со казна болна!

وَأَذَٰنٌ مِّنَ ٱللَّهِ وَرَسُولِهِۦٓ إِلَى ٱلنَّاسِ يَوْمَ ٱلْحَجِّ
ٱلْأَكْبَرِ أَنَّ ٱللَّهَ بَرِيٓءٌ مِّنَ ٱلْمُشْرِكِينَ وَرَسُولُهُۥ
فَإِن تُبْتُمْ فَهُوَ خَيْرٌ لَّكُمْ وَإِن تَوَلَّيْتُمْ فَٱعْلَمُوٓا۟
أَنَّكُمْ غَيْرُ مُعْجِزِي ٱللَّهِ وَبَشِّرِ ٱلَّذِينَ كَفَرُوا۟
بِعَذَابٍ أَلِيمٍ ﴿٣﴾

**4.** Изземајќи ги многубошците со кои склучивте договор а кои, по тоа, со ништо не го прекршија кон вас, а ниту пак некого помогнаа против вас; па, исполнете го договорот кон нив до денот за тоа определен. Аллах, навистина, ги љуби богобојазливите!

إِلَّا ٱلَّذِينَ عَٰهَدتُّم مِّنَ ٱلْمُشْرِكِينَ ثُمَّ لَمْ
يَنقُصُوكُمْ شَيْـًٔا وَلَمْ يُظَٰهِرُوا۟ عَلَيْكُمْ أَحَدًا
فَأَتِمُّوٓا۟ إِلَيْهِمْ عَهْدَهُمْ إِلَىٰ مُدَّتِهِمْ إِنَّ ٱللَّهَ يُحِبُّ
ٱلْمُتَّقِينَ ﴿٤﴾

**5.** Па, кога светите месеци ќе поминат борете се против многубошците, каде било да ги најдете, заробувајте ги, опколувајте ги, чекајте ги во заседа од секој вид! Па, ако се покајат, и ако намаз извршуваат, и ако зекат даваат, пуштете го патот нивни. Аллах, навистина, е Простувач и Сомилосен!

فَإِذَا ٱنسَلَخَ ٱلْأَشْهُرُ ٱلْحُرُمُ فَٱقْتُلُوا۟ ٱلْمُشْرِكِينَ
حَيْثُ وَجَدتُّمُوهُمْ وَخُذُوهُمْ وَٱحْصُرُوهُمْ وَٱقْعُدُوا۟
لَهُمْ كُلَّ مَرْصَدٍ فَإِن تَابُوا۟ وَأَقَامُوا۟ ٱلصَّلَوٰةَ
وَءَاتَوُا۟ ٱلزَّكَوٰةَ فَخَلُّوا۟ سَبِيلَهُمْ إِنَّ ٱللَّهَ
غَفُورٌ رَّحِيمٌ ﴿٥﴾

**6.** А ако некој меѓу многубошците побара од тебе засолниште, тогаш, згрижи го сè додека не го слушне Аллаховиот збор, а потоа одведи го до безбедно место. Ете, тоа е заради тоа што се луѓе кои, навистина, не знаат.

وَإِنْ أَحَدٌ مِّنَ الْمُشْرِكِينَ اسْتَجَارَكَ فَأَجِرْهُ
حَتَّىٰ يَسْمَعَ كَلَامَ اللَّهِ ثُمَّ أَبْلِغْهُ مَأْمَنَهُ ۚ ذَٰلِكَ بِأَنَّهُمْ
قَوْمٌ لَّا يَعْلَمُونَ ٦

**7.** Како да има договор меѓу многубошците и Аллах и пејгамберот Негов, освен оние кои склучија договор при Месџидул Харам. Според тоа, ако се придржуваат кон договорот со вас придржувајте се и вие кон договорот со нив. Аллах, навистина, ги љуби богобојазливите!

كَيْفَ يَكُونُ لِلْمُشْرِكِينَ عَهْدٌ عِندَ
اللَّهِ وَعِندَ رَسُولِهِ إِلَّا الَّذِينَ عَاهَدتُّمْ
عِندَ الْمَسْجِدِ الْحَرَامِ ۖ فَمَا اسْتَقَامُوا لَكُمْ
فَاسْتَقِيمُوا لَهُمْ ۚ إِنَّ اللَّهَ يُحِبُّ الْمُتَّقِينَ ٧

**8.** Како? Ако ве победат не го почитуваат, кога сте вие во прашање, ни договорот ни пропишаната вера. Ви се умилуваат со устите свои, а одбиваат со срцата свои. А мнозинството меѓу нив се расипани!

كَيْفَ وَإِن يَظْهَرُوا عَلَيْكُمْ لَا يَرْقُبُوا
فِيكُمْ إِلًّا وَلَا ذِمَّةً ۚ يُرْضُونَكُم بِأَفْوَاهِهِمْ وَتَأْبَىٰ
قُلُوبُهُمْ وَأَكْثَرُهُمْ فَاسِقُونَ ٨

**9.** Ги заменија ајетите Аллахови за нешто што малку вреди и уште одвраќаат од Аллаховиот пат. Е, само колку е лошо она што го работат!

اشْتَرَوْا بِآيَاتِ اللَّهِ ثَمَنًا قَلِيلًا فَصَدُّوا
عَن سَبِيلِهِ ۚ إِنَّهُمْ سَاءَ مَا كَانُوا يَعْمَلُونَ ٩

**10.** Оние не ја почитуваат, во врска со верникот, ни зиммијата

لَا يَرْقُبُونَ فِي مُؤْمِنٍ إِلًّا وَلَا ذِمَّةً ۚ وَأُولَٰئِكَ

ни роднината - токму, претеруваат.

هُمُ ٱلۡمُعۡتَدُونَ ﴿١٠﴾

**11.** Па, ако се покајат, и ако намаз извршуваат, и ако зекат даваат, тогаш, браќа се ваши по вера. Ние ајетите потенко ги објаснуваме за луѓето кои знаат!

فَإِن تَابُواْ وَأَقَامُواْ ٱلصَّلَوٰةَ وَءَاتَوُاْ ٱلزَّكَوٰةَ
فَإِخۡوَٰنُكُمۡ فِي ٱلدِّينِۗ وَنُفَصِّلُ ٱلۡأٓيَٰتِ لِقَوۡمٖ
يَعۡلَمُونَ ﴿١١﴾

**12.** А ако по договорот свој ги прекршат заклетвите свои, и ако ја нападнат верата ваша, тогаш, борете се против водачите на неверството. Тие немаат заклетви за да престанат!

وَإِن نَّكَثُوٓاْ أَيۡمَٰنَهُم مِّنۢ بَعۡدِ عَهۡدِهِمۡ وَطَعَنُواْ
فِي دِينِكُمۡ فَقَٰتِلُوٓاْ أَئِمَّةَ ٱلۡكُفۡرِ إِنَّهُمۡ
لَآ أَيۡمَٰنَ لَهُمۡ لَعَلَّهُمۡ يَنتَهُونَ ﴿١٢﴾

**13.** Не ќе се борите ли кон луѓето кои ги прекршија заклетвите нивни и кои сакаа да го истераат пејгамберот? Оние, всушност, први ве нападнаа. Се плашите ли од нив? Па, Аллах има повеќе право, ако сте верници, да се плашите од Него!

أَلَا تُقَٰتِلُونَ قَوۡمٗا نَّكَثُوٓاْ أَيۡمَٰنَهُمۡ
وَهَمُّواْ بِإِخۡرَاجِ ٱلرَّسُولِ وَهُم
بَدَءُوكُمۡ أَوَّلَ مَرَّةٍۚ أَتَخۡشَوۡنَهُمۡۚ
فَٱللَّهُ أَحَقُّ أَن تَخۡشَوۡهُ إِن كُنتُم مُّؤۡمِنِينَ ﴿١٣﴾

**14.** Борете се против нив, а Аллах ќе ги казни со рацете ваши, и ќе ги понизи, а вам ќе ви помогне против нив, и Он ќе ги излечи градите на народот вернички!

قَٰتِلُوهُمۡ يُعَذِّبۡهُمُ ٱللَّهُ بِأَيۡدِيكُمۡ وَيُخۡزِهِمۡ
وَيَنصُرۡكُمۡ عَلَيۡهِمۡ وَيَشۡفِ صُدُورَ
قَوۡمٖ مُّؤۡمِنِينَ ﴿١٤﴾

**15.** И грижата од срцата нивни ќе ја снема. Аллах простува кому сака. Аллах е Зналец и Мудар!

وَيُذۡهِبۡ غَيۡظَ قُلُوبِهِمۡۗ وَيَتُوبُ ٱللَّهُ
عَلَىٰ مَن يَشَآءُۗ وَٱللَّهُ عَلِيمٌ حَكِيمٌ ﴿١٥﴾

**16.** Или, пак, сметате ли дека ќе бидете оставени и дека Аллах не

أَمۡ حَسِبۡتُمۡ أَن تُتۡرَكُواْ وَلَمَّا يَعۡلَمِ ٱللَّهُ ٱلَّذِينَ

ги знае меѓу вас оние кои се бореа и кои, освен Аллах и пејгамберот Негов и верниците, не земаа други заштитници. А Аллах е Известен за она што го работите!

جٰهدوا منكم ولم يتخذوا من دون الله
ولا رسوله ولا المؤمنين وليجة والله
خبير بما تعملون ﴿١٦﴾

**17.** Не им доликува на многубошците да градат Аллахови џамии кога оние со неверувањето сведочат против себеси? Делата нивни пропаднаа и оние во огнот за навек ќе останат.

ما كان للمشركين أن يعمروا مسٰجد الله
شٰهدين على أنفسهم بالكفر أولٰئك
حبطت أعمٰلهم وفي النار هم خٰلدون ﴿١٧﴾

**18.** Џамиите Аллахови, навистина, ги градат оние кои веруваат и во Аллах и во Денот суден, и кои намаз извршуваат, и кои зекат даваат, и кои само од Аллах стравуваат. Па, тоа се, токму, упатените!

إنما يعمر مسٰجد الله من ءامن بالله واليوم
الأخر وأقام الصلوٰة وءاتى الزكوٰة
ولم يخش إلا الله فعسىٰ أولٰئك أن يكونوا
من المهتدين ﴿١٨﴾

**19.** Сметате ли дека поителот на хаџијата, и оној кој се грижи за Месџидул Харам е како оној кој верува во Аллах и во Денот ахиретски и кој се бори на Аллаховиот пат? Не се еднакви кај Аллах. А Аллах нема да го упати народот зулумќарски!

۞ أجعلتم سقاية الحاج وعمارة المسجد الحرام
كمن ءامن بالله واليوم الأخر وجٰهد في سبيل الله
لا يستوون عند الله والله لا يهدي القوم
الظٰلمين ﴿١٩﴾

**20.** Оние кои веруваа, кои се иселија и кои се бореа на Аллаховиот пат со имотот свој и со животите свои кај Аллах се на повисок степен. Оние, токму, се победниците!

الذين ءامنوا وهاجروا وجٰهدوا في سبيل الله
بأموٰلهم وأنفسهم أعظم درجة عند الله وأولٰئك
هم الفائزون ﴿٢٠﴾

**21.** Господарот нивни им донесува радосница: милост од Него и задоволство и бавчи со благодати постојани,

يُبَشِّرُهُمْ رَبُّهُم بِرَحْمَةٍ مِّنْهُ وَرِضْوَٰنٍ وَجَنَّٰتٍ
لَّهُمْ فِيهَا نَعِيمٌ مُّقِيمٌ ٢١

**22.** во нив за навек ќе останат. Кај Аллах, навистина, има награда голема.

خَٰلِدِينَ فِيهَآ أَبَدًا ۚ إِنَّ ٱللَّهَ عِندَهُۥٓ
أَجْرٌ عَظِيمٌ ٢٢

**23.** О верници, не земајте ги заштитници ни бабовците ваши ни браќата ваши ако, секако, повеќе го сакаат неверувањето од верувањето. Оние кои ќе ги свртат плеќите од вас - па, зулумќари се!

يَٰٓأَيُّهَا ٱلَّذِينَ ءَامَنُوا۟ لَا تَتَّخِذُوٓا۟ ءَابَآءَكُمْ
وَإِخْوَٰنَكُمْ أَوْلِيَآءَ إِنِ ٱسْتَحَبُّوا۟ ٱلْكُفْرَ
عَلَى ٱلْإِيمَٰنِ ۚ وَمَن يَتَوَلَّهُم مِّنكُمْ فَأُو۟لَٰٓئِكَ
هُمُ ٱلظَّٰلِمُونَ ٢٣

**24.** Кажи: "Ако ви се бабовците ваши, и децата ваши, и браќата ваши, и жените ваши, и родот ваш, и имотот ваш кој го спечаливте, и трговијата за која се плашите дека ќе пропадне, и местата ваши со кои сте задоволни... помили од Аллах и од пејгамберот Негов и од борбата на Аллаховиот пат, тогаш, причекајте додека не дојде наредбата Аллахова! Аллах не го упатува народот расипнички!"

قُلْ إِن كَانَ ءَابَآؤُكُمْ وَأَبْنَآؤُكُمْ وَإِخْوَٰنُكُمْ
وَأَزْوَٰجُكُمْ وَعَشِيرَتُكُمْ وَأَمْوَٰلٌ ٱقْتَرَفْتُمُوهَا
وَتِجَٰرَةٌ تَخْشَوْنَ كَسَادَهَا وَمَسَٰكِنُ تَرْضَوْنَهَآ
أَحَبَّ إِلَيْكُم مِّنَ ٱللَّهِ وَرَسُولِهِۦ وَجِهَادٍ
فِى سَبِيلِهِۦ فَتَرَبَّصُوا۟ حَتَّىٰ يَأْتِىَ ٱللَّهُ بِأَمْرِهِۦ ۗ وَٱللَّهُ
لَا يَهْدِى ٱلْقَوْمَ ٱلْفَٰسِقِينَ ٢٤

**25.** Аллах, секако, ви помогна на многу места и на денот на Хунејн кога се зачудивте со тоа што бевте мнозинство, и тоа ништо не ви користеше а земјава ви стана претесна и покрај

لَقَدْ نَصَرَكُمُ ٱللَّهُ فِى مَوَاطِنَ كَثِيرَةٍ ۙ وَيَوْمَ
حُنَيْنٍ ۙ إِذْ أَعْجَبَتْكُمْ كَثْرَتُكُمْ فَلَمْ تُغْنِ
عَنكُمْ شَيْـًٔا وَضَاقَتْ عَلَيْكُمُ
ٱلْأَرْضُ بِمَا رَحُبَتْ ثُمَّ وَلَّيْتُم مُّدْبِرِينَ ٢٥

ширичината нејзина, па се свртивте, бегајќи!

**26.** Потоа Аллах по пејгамберот Свој ви спушти смирна, и на верниците; Он ви спушти и војска која не ја видовте, а ги казни оние кои не веруваа. Ете, тоа е казна за неверниците!

ثُمَّ أَنزَلَ ٱللَّهُ سَكِينَتَهُۥ عَلَىٰ رَسُولِهِۦ
وَعَلَى ٱلْمُؤْمِنِينَ وَأَنزَلَ جُنُودًا لَّمْ تَرَوْهَا
وَعَذَّبَ ٱلَّذِينَ كَفَرُوا۟ ۚ وَذَٰلِكَ جَزَآءُ
ٱلْكَٰفِرِينَ ٢٦

**27.** По сето тоа Он прости кому сака. Аллах е Простувач и Сомилосен!

ثُمَّ يَتُوبُ ٱللَّهُ مِنۢ بَعْدِ ذَٰلِكَ عَلَىٰ مَن يَشَآءُ ۗ
وَٱللَّهُ غَفُورٌ رَّحِيمٌ ٢٧

**28.** О верници, многубошците, навистина, се нечист. Па, нека не се приближуваат кон Месџидул Харам по оваа година нивна. А ако се плашите од немаштија па, ако Аллах сака ќе ве снабде со добротијата Своја. Аллах, навистина, е Зналец и Мудар!

يَٰٓأَيُّهَا ٱلَّذِينَ ءَامَنُوٓا۟ إِنَّمَا ٱلْمُشْرِكُونَ
نَجَسٌ فَلَا يَقْرَبُوا۟ ٱلْمَسْجِدَ ٱلْحَرَامَ بَعْدَ عَامِهِمْ
هَٰذَا ۚ وَإِنْ خِفْتُمْ عَيْلَةً فَسَوْفَ يُغْنِيكُمُ ٱللَّهُ
مِن فَضْلِهِۦٓ إِن شَآءَ ۚ إِنَّ ٱللَّهَ عَلِيمٌ
حَكِيمٌ ٢٨

**29.** Борете се против оние кои не веруваат во Аллах и во Денот ахиретски и кои не го забрануваат она што го забранија Аллах и пејгамберот Негов, и кои не ја застапуваат вистинската вера на оние на кои им е дадена Книгата сѐ додека не дадат џизија со рацете, потчинето!

قَٰتِلُوا۟ ٱلَّذِينَ لَا يُؤْمِنُونَ بِٱللَّهِ وَلَا بِٱلْيَوْمِ
ٱلْءَاخِرِ وَلَا يُحَرِّمُونَ مَا حَرَّمَ ٱللَّهُ وَرَسُولُهُۥ
وَلَا يَدِينُونَ دِينَ ٱلْحَقِّ مِنَ ٱلَّذِينَ أُوتُوا۟
ٱلْكِتَٰبَ حَتَّىٰ يُعْطُوا۟ ٱلْجِزْيَةَ عَن يَدٍ
وَهُمْ صَٰغِرُونَ ٢٩

**30.** Евреите зборуваат: "Узеир е син на Аллах", а христијаните зборуваат: "Месих е син на Аллах". Ете, тоа се зборовите нивни на устите нивни: ги

وَقَالَتِ ٱلْيَهُودُ عُزَيْرٌ ٱبْنُ ٱللَّهِ وَقَالَتِ
ٱلنَّصَٰرَى ٱلْمَسِيحُ ٱبْنُ ٱللَّهِ ۖ
ذَٰلِكَ قَوْلُهُم بِأَفْوَٰهِهِمْ ۖ

кажуваат сличните зборови на оние кои не веруваа пред нив. Аллах нека ги отепа! Каде кинисуваат, навистина!

يُضَٰهِـُٔونَ قَوْلَ ٱلَّذِينَ كَفَرُوا۟ مِن قَبْلُ ۚ قَٰتَلَهُمُ ٱللَّهُ ۚ أَنَّىٰ يُؤْفَكُونَ ﴿٣٠﴾

**31.** Ги земаат нивните свештеници и нивните калуѓери за господари покрај Аллах, а и на Иса, синот на Мерјем. Им беше наредено да обожаваат само еден Бог. Нема друг бог освен Него! Славен нека е Он, над она што му го здружуваат,

ٱتَّخَذُوٓا۟ أَحْبَارَهُمْ وَرُهْبَٰنَهُمْ أَرْبَابًا مِّن دُونِ ٱللَّهِ وَٱلْمَسِيحَ ٱبْنَ مَرْيَمَ وَمَآ أُمِرُوٓا۟ إِلَّا لِيَعْبُدُوٓا۟ إِلَٰهًا وَٰحِدًا ۖ لَّآ إِلَٰهَ إِلَّا هُوَ ۚ سُبْحَٰنَهُۥ عَمَّا يُشْرِكُونَ ﴿٣١﴾

**32.** оние посакуваат да ја угаснат светлината Аллахова со устите свои. А Аллах само ја надополнува светлината Своја и покрај тоа што многубошците го мразат тоа!

يُرِيدُونَ أَن يُطْفِـُٔوا۟ نُورَ ٱللَّهِ بِأَفْوَٰهِهِمْ وَيَأْبَى ٱللَّهُ إِلَّآ أَن يُتِمَّ نُورَهُۥ وَلَوْ كَرِهَ ٱلْكَٰفِرُونَ ﴿٣٢﴾

**33.** Он е Оној кој го испрати пејгамбереот Свој со Патоказ и со вера вистинска за да ја обелодени повеќе од сите други вери и покрај тоа што многубошците го мразат тоа!

هُوَ ٱلَّذِىٓ أَرْسَلَ رَسُولَهُۥ بِٱلْهُدَىٰ وَدِينِ ٱلْحَقِّ لِيُظْهِرَهُۥ عَلَى ٱلدِّينِ كُلِّهِۦ وَلَوْ كَرِهَ ٱلْمُشْرِكُونَ ﴿٣٣﴾

**34.** О верници, голем број меѓу свештениците и калуѓерите неисправно го трошат имотот на луѓето и одвраќаат од Аллаховиот пат. А на оние кои натрупуваат злато и сребро и кои не делат на Аллаховиот пат, тогаш, зарадувај ги со казна болна

۞ يَٰٓأَيُّهَا ٱلَّذِينَ ءَامَنُوٓا۟ إِنَّ كَثِيرًا مِّنَ ٱلْأَحْبَارِ وَٱلرُّهْبَانِ لَيَأْكُلُونَ أَمْوَٰلَ ٱلنَّاسِ بِٱلْبَٰطِلِ وَيَصُدُّونَ عَن سَبِيلِ ٱللَّهِ ۗ وَٱلَّذِينَ يَكْنِزُونَ ٱلذَّهَبَ وَٱلْفِضَّةَ وَلَا يُنفِقُونَهَا فِى سَبِيلِ ٱللَّهِ فَبَشِّرْهُم بِعَذَابٍ أَلِيمٍ ﴿٣٤﴾

**35.** на Денот кога тоа во огнот ќе се вжари па со него ќе се жигосаат и челата нивни и слабините нивни, и плеќите нивни. “Ова е она што за себе го направивте - та, вкусете го она што го натрупувавте!”

يَوْمَ يُحْمَىٰ عَلَيْهَا فِي نَارِ جَهَنَّمَ فَتُكْوَىٰ بِهَا
جِبَاهُهُمْ وَجُنُوبُهُمْ وَظُهُورُهُمْ ۖ
هَٰذَا مَا كَنَزْتُمْ لِأَنفُسِكُمْ فَذُوقُوا مَا كُنتُمْ
تَكْنِزُونَ ٣٥

**36.** Да, бројот на месеците кај Аллах е дванаесет, сметан по Книгата Аллахова од денот кога ги создаде небесата и Земјата. Четири месеци од нив се посветени. Ете, тоа е вера постојана! Па, во тие четири месеци не нанесувајте си зло самите себеси. Борете се против многубошците заедно онака како што многубошците се борат заедно против вас. Знајте дека Аллах, навистина, е со богобојазливите!

إِنَّ عِدَّةَ الشُّهُورِ عِندَ اللَّهِ اثْنَا عَشَرَ شَهْرًا
فِي كِتَابِ اللَّهِ يَوْمَ خَلَقَ السَّمَاوَاتِ
وَالْأَرْضَ مِنْهَا أَرْبَعَةٌ حُرُمٌ ۚ ذَٰلِكَ الدِّينُ
الْقَيِّمُ ۚ فَلَا تَظْلِمُوا فِيهِنَّ أَنفُسَكُمْ ۚ وَقَاتِلُوا
الْمُشْرِكِينَ كَافَّةً كَمَا يُقَاتِلُونَكُمْ
كَافَّةً ۚ وَاعْلَمُوا أَنَّ اللَّهَ مَعَ الْمُتَّقِينَ ٣٦

**37.** Со преместувањето на месеците, навистина, се зголемува неверувањето. Со тоа оние кои не веруваат во заблуда скршнуваат: една година го сметаат дозволено, а друга година го сметаат забрането за да го надополнат бројот на она што го забрани Аллах па да го дозволат она што го забрани Аллах. Ним им се разубавуваат постапките нивни. А Аллах не го упатува народот неврнички!

إِنَّمَا النَّسِيءُ زِيَادَةٌ فِي الْكُفْرِ ۖ يُضَلُّ بِهِ
الَّذِينَ كَفَرُوا يُحِلُّونَهُ عَامًا وَيُحَرِّمُونَهُ عَامًا
لِّيُوَاطِئُوا عِدَّةَ مَا حَرَّمَ اللَّهُ فَيُحِلُّوا مَا حَرَّمَ اللَّهُ ۚ
زُيِّنَ لَهُمْ سُوءُ أَعْمَالِهِمْ ۗ وَاللَّهُ
لَا يَهْدِي الْقَوْمَ الْكَافِرِينَ ٣٧

**38.** О верници, што ви беше кога ви беше речено: “Појдете во борба на Аллаховиот пат” -

يَا أَيُّهَا الَّذِينَ آمَنُوا مَا لَكُمْ إِذَا قِيلَ لَكُمُ

како да сте на земјата заковани? Повеќе ли сте задоволни со животот на овој свет од животот на Ахирет? Па, уживањето во животот на овој свет е ништо во однос на уживањето на Ахирет!

ٱنفِرُواْ فِي سَبِيلِ ٱللَّهِ ٱثَّاقَلْتُمْ إِلَى ٱلْأَرْضِۚ
أَرَضِيتُم بِٱلْحَيَوٰةِ ٱلدُّنْيَا مِنَ ٱلْآخِرَةِۚ
فَمَا مَتَٰعُ ٱلْحَيَوٰةِ ٱلدُّنْيَا فِي ٱلْآخِرَةِ
إِلَّا قَلِيلٌ ﴿٣٨﴾

**39.** Ако не појдете во борба Он ќе ве казни со казна болна и ќе ве замени со друг народ, а вие во ништо не ќе Му наштетите. Аллах е Кадар за сѐ!

إِلَّا تَنفِرُواْ يُعَذِّبْكُمْ عَذَابًا أَلِيمًا
وَيَسْتَبْدِلْ قَوْمًا غَيْرَكُمْ وَلَا تَضُرُّوهُ شَيْـًٔاۗ
وَٱللَّهُ عَلَىٰ كُلِّ شَيْءٍ قَدِيرٌ ﴿٣٩﴾

**40.** Ако го помогнете пејгамберот... па, Аллах нему му помогна кога го истераа оние кои не веруваа, кога двајцата беа во пештера, кога му рече на неговиот другар: “Не плаши се! Аллах е со нас, навистина!” И Аллах спушти смирна Своја и го поддржа со војска која не ја видовте, и го направи зборот на оние кои не веруваа да биде долу, а Зборот на Аллах, токму, горе. Аллах е Силен и Мудар!

إِلَّا تَنصُرُوهُ فَقَدْ نَصَرَهُ ٱللَّهُ إِذْ أَخْرَجَهُ
ٱلَّذِينَ كَفَرُواْ ثَانِيَ ٱثْنَيْنِ إِذْ هُمَا
فِي ٱلْغَارِ إِذْ يَقُولُ لِصَٰحِبِهِۦ لَا تَحْزَنْ
إِنَّ ٱللَّهَ مَعَنَاۖ فَأَنزَلَ ٱللَّهُ سَكِينَتَهُۥ
عَلَيْهِ وَأَيَّدَهُۥ بِجُنُودٍ لَّمْ تَرَوْهَا وَجَعَلَ
كَلِمَةَ ٱلَّذِينَ كَفَرُواْ ٱلسُّفْلَىٰۗ
وَكَلِمَةُ ٱللَّهِ هِيَ ٱلْعُلْيَاۗ وَٱللَّهُ عَزِيزٌ
حَكِيمٌ ﴿٤٠﴾

**41.** Појдете во борба, било да сте слаби или јаки, и борете се на патот Аллахов и со имотите ваши и со животите ваши. Ете, тоа ви е подобро само да знаете!

ٱنفِرُواْ خِفَافًا وَثِقَالًا وَجَٰهِدُواْ بِأَمْوَٰلِكُمْ
وَأَنفُسِكُمْ فِي سَبِيلِ ٱللَّهِۚ ذَٰلِكُمْ خَيْرٌ لَّكُمْ إِن كُنتُمْ
تَعْلَمُونَ ﴿٤١﴾

**42.** А кога пленот би бил блиску а одењето во војна со таа цел - оние ќе те следеа, сигурно! Но, патот ним им изгледа тежок. Ќе се колнат во Аллах: “Да

لَوْ كَانَ عَرَضًا قَرِيبًا وَسَفَرًا قَاصِدًا لَّٱتَّبَعُوكَ
وَلَٰكِنۢ بَعُدَتْ عَلَيْهِمُ ٱلشُّقَّةُۚ وَسَيَحْلِفُونَ
بِٱللَّهِ لَوِ ٱسْتَطَعْنَا لَخَرَجْنَا مَعَكُمْ يُهْلِكُونَ

беше во наша моќ ќе излезевме со вас" - самите себеси упропастувајќи се. Аллах знае дека тие, навистина, лажат!

أَنفُسَهُمْ وَٱللَّهُ يَعْلَمُ إِنَّهُمْ لَكَٰذِبُونَ ﴿٤٢﴾

**43.** Аллах ти прости! Зошто им дозволи да отсаствуваат додека не ти стана јасно дека она што го зборуваат е невистина и додека не ти стана јасно дека се лашковци?

عَفَا ٱللَّهُ عَنكَ لِمَ أَذِنتَ لَهُمْ حَتَّىٰ يَتَبَيَّنَ لَكَ
ٱلَّذِينَ صَدَقُوا۟ وَتَعْلَمَ ٱلْكَٰذِبِينَ ﴿٤٣﴾

**44.** Оние кои веруваат во Аллах и во Денот ахиретски не бараат од тебе дозвола да се борат и со имотот свој и со животот свој. А Аллах ги знае богобојазливите!

لَا يَسْتَـْٔذِنُكَ ٱلَّذِينَ يُؤْمِنُونَ بِٱللَّهِ وَٱلْيَوْمِ
ٱلْءَاخِرِ أَن يُجَٰهِدُوا۟ بِأَمْوَٰلِهِمْ وَأَنفُسِهِمْ
وَٱللَّهُ عَلِيمٌۢ بِٱلْمُتَّقِينَ ﴿٤٤﴾

**45.** Да, ќе бараат дозвола оние кои не веруваат ни во Аллах ни во Денот ахиретски, и чии срца се сомневаат и оние се во сомневањето нивно, двоумејќи се!

إِنَّمَا يَسْتَـْٔذِنُكَ ٱلَّذِينَ لَا يُؤْمِنُونَ بِٱللَّهِ وَٱلْيَوْمِ
ٱلْءَاخِرِ وَٱرْتَابَتْ قُلُوبُهُمْ فَهُمْ
فِى رَيْبِهِمْ يَتَرَدَّدُونَ ﴿٤٥﴾

**46.** А да сакаа да одат ќе подготвеа подготовка, но Аллах го презре будењето нивно па ги задржа и им беше речено: "Останете со оние кои остануваат!"

۞ وَلَوْ أَرَادُوا۟ ٱلْخُرُوجَ لَأَعَدُّوا۟ لَهُۥ عُدَّةً
وَلَٰكِن كَرِهَ ٱللَّهُ ٱنۢبِعَاثَهُمْ فَثَبَّطَهُمْ
وَقِيلَ ٱقْعُدُوا۟ مَعَ ٱلْقَٰعِدِينَ ﴿٤٦﴾

**47.** Да излезеа со вас постојано ќе ви пречеа и меѓу вас ќе внесеа збрка сакајќи само сплетка, и, меѓу вас, секако, има доушници. Аллах ги знае зулумќарите!

لَوْ خَرَجُوا۟ فِيكُم مَّا زَادُوكُمْ إِلَّا خَبَالًا
وَلَأَوْضَعُوا۟ خِلَٰلَكُمْ يَبْغُونَكُمُ ٱلْفِتْنَةَ
وَفِيكُمْ سَمَّٰعُونَ لَهُمْ ۗ وَٱللَّهُ عَلِيمٌۢ بِٱلظَّٰلِمِينَ ﴿٤٧﴾

**48.** Посакуваа, секако, сплетки и од порано, и ги испревртуваа работите твои сѐ додека не дојде

لَقَدِ ٱبْتَغَوُا۟ ٱلْفِتْنَةَ مِن قَبْلُ وَقَلَّبُوا۟ لَكَ

работите твои сè додека не дојде вистината и сè додека не се обелодени наредбата Аллахова, а оние тоа го мразеа.

الْأُمُورَ حَتَّىٰ جَاءَ الْحَقُّ وَظَهَرَ أَمْرُ اللَّهِ وَهُمْ
كَارِهُونَ ﴿٤٨﴾

**49.** Меѓу нив има кои зборуваат: “Дозволи ни и не фрлај нè во искушение!” И не паднаа ли токму во искушение? Џехеннемот, навистина, ќе ги опфати неверниците!

وَمِنْهُم مَّن يَقُولُ ائْذَن لِّي وَلَا تَفْتِنِّي
أَلَا فِي الْفِتْنَةِ سَقَطُوا وَإِنَّ جَهَنَّمَ
لَمُحِيطَةٌ بِالْكَافِرِينَ ﴿٤٩﴾

**50.** Ако те снајде добро, тоа ги разочарува, а ако те снајде зло, зборуваат: “И од порано работата беше во рацете ваши,” и ги вртеа плеќите, радувајќи се.

إِن تُصِبْكَ حَسَنَةٌ تَسُؤْهُمْ
وَإِن تُصِبْكَ مُصِيبَةٌ يَقُولُوا قَدْ أَخَذْنَا
أَمْرَنَا مِن قَبْلُ وَيَتَوَلَّوا وَّهُمْ فَرِحُونَ ﴿٥٠﴾

**51.** Кажи: “Ќе не снајде само она што го запиша Аллах за нас. Он е Заштитник наш.” Па, врз Аллах се потпираат верниците!

قُل لَّن يُصِيبَنَا إِلَّا مَا كَتَبَ
اللَّهُ لَنَا هُوَ مَوْلَانَا وَعَلَى اللَّهِ
فَلْيَتَوَكَّلِ الْمُؤْمِنُونَ ﴿٥١﴾

**52.** Кажи: “Очекувате ли од нас само едно од две добра. Ние очекуваме од вас да ве снајде казна од Аллах или од рацете наши. Па, очекувајте и ние заедно со вас ќе очекуваме!”

قُلْ هَلْ تَرَبَّصُونَ بِنَا إِلَّا إِحْدَى الْحُسْنَيَيْنِ
وَنَحْنُ نَتَرَبَّصُ بِكُمْ أَن يُصِيبَكُمُ اللَّهُ بِعَذَابٍ
مِّنْ عِندِهِ أَوْ بِأَيْدِينَا فَتَرَبَّصُوا
إِنَّا مَعَكُم مُّتَرَبِّصُونَ ﴿٥٢﴾

**53.** Кажи: “Било да трошите доброволно или, пак, присилно, нема да ви се прими.” Вие бевте, навистина, народ расипнички!

قُلْ أَنفِقُوا طَوْعًا أَوْ كَرْهًا لَّن يُتَقَبَّلَ مِنكُمْ
إِنَّكُمْ كُنتُمْ قَوْمًا فَاسِقِينَ ﴿٥٣﴾

**54.** Садаките нивни не им беа примени зашто оние, навистина,

وَمَا مَنَعَهُمْ أَن تُقْبَلَ مِنْهُمْ نَفَقَاتُهُمْ إِلَّا أَنَّهُمْ

не веруваа ни во Аллах ни во пејгамберот Негов, а кога кон намаз пристапуваа беа мрзливи и делеа само со презир.

كَفَرُوا۟ بِٱللَّهِ وَبِرَسُولِهِۦ وَلَا يَأْتُونَ ٱلصَّلَوٰةَ
إِلَّا وَهُمْ كُسَالَىٰ وَلَا يُنفِقُونَ إِلَّا وَهُمْ
كَٰرِهُونَ ٥٤

**55.** Тогаш нека богатствата нивни не те чудат а ниту децата нивни! Аллах посакува, навистина, да ги казни во животот на овој свет и душите нивни да излезат како невернички.

فَلَا تُعْجِبْكَ أَمْوَٰلُهُمْ وَلَآ أَوْلَٰدُهُمْ إِنَّمَا يُرِيدُ ٱللَّهُ
لِيُعَذِّبَهُم بِهَا فِى ٱلْحَيَوٰةِ ٱلدُّنْيَا وَتَزْهَقَ أَنفُسُهُمْ
وَهُمْ كَٰفِرُونَ ٥٥

**56.** Да, оние се колнат во Аллах дека се со вас, но, всушност, не се со вас, туку се народ разединувачки.

وَيَحْلِفُونَ بِٱللَّهِ إِنَّهُمْ لَمِنكُمْ وَمَا هُم مِّنكُمْ
وَلَٰكِنَّهُمْ قَوْمٌ يَفْرَقُونَ ٥٦

**57.** Кога би имале некакво засолниште или пештера или јама би се свртиле кон тоа, брзајќи да појдат!

لَوْ يَجِدُونَ مَلْجَـًٔا أَوْ مَغَٰرَٰتٍ أَوْ مُدَّخَلًا
لَّوَلَّوْا۟ إِلَيْهِ وَهُمْ يَجْمَحُونَ ٥٧

**58.** Меѓу нив има и такви кои те грдат за садаката: па, ако ти дадеш, задоволни се, а ако не им дадеш, ете ги, се лутат!

وَمِنْهُم مَّن يَلْمِزُكَ فِى ٱلصَّدَقَٰتِ فَإِنْ أُعْطُوا۟ مِنْهَا
رَضُوا۟ وَإِن لَّمْ يُعْطَوْا۟ مِنْهَآ إِذَا هُمْ يَسْخَطُونَ ٥٨

**59.** Кога оние би биле задоволни, навистина, со она што им го даде Аллах и пејгамберот Негов и да речеа: "Аллах ни е доста. Он ќе ни даде од добрината Своја и пејгамберот Негов. Ние, навистина, кон Аллах стремиме!"

وَلَوْ أَنَّهُمْ رَضُوا۟ مَآ ءَاتَىٰهُمُ ٱللَّهُ
وَرَسُولُهُۥ وَقَالُوا۟ حَسْبُنَا ٱللَّهُ سَيُؤْتِينَا ٱللَّهُ
مِن فَضْلِهِۦ وَرَسُولُهُۥٓ إِنَّآ إِلَى ٱللَّهِ رَٰغِبُونَ ٥٩

**60.** Да, садаките им припаѓаат на сиромашните и на јетимите и на оние кои ги собираат, на оние

۞ إِنَّمَا ٱلصَّدَقَٰتُ لِلْفُقَرَآءِ وَٱلْمَسَٰكِينِ
وَٱلْعَٰمِلِينَ عَلَيْهَا وَٱلْمُؤَلَّفَةِ قُلُوبُهُمْ وَفِى ٱلرِّقَابِ

чии срца треба да се придобијат, и за откуп на робови, и на должниците, и на Аллаховиот пат, и на патниците. Ова е обврска од Аллах. Аллах е Зналец и Мудар!

وَٱلْغَٰرِمِينَ وَفِى سَبِيلِ ٱللَّهِ وَٱبْنِ ٱلسَّبِيلِ
فَرِيضَةً مِّنَ ٱللَّهِ وَٱللَّهُ عَلِيمٌ حَكِيمٌ ٦٠

**61.** Меѓу нив има и такви кои го вознемируваат пејгамберот и кои зборуваат: “Тој само слуша.” Кажи: “Она што го слуша е подобро за вас; верува во Аллах, и има доверба во верниците и тој е милостив кон оние меѓу вас кои веруваат.” А оние кои го вознемируваат пејгамберот Аллахов ќе имаат казна болна!

وَمِنْهُمُ ٱلَّذِينَ يُؤْذُونَ ٱلنَّبِىَّ وَيَقُولُونَ
هُوَ أُذُنٌ قُلْ أُذُنُ خَيْرٍ لَّكُمْ يُؤْمِنُ بِٱللَّهِ
وَيُؤْمِنُ لِلْمُؤْمِنِينَ وَرَحْمَةٌ لِّلَّذِينَ
ءَامَنُوا۟ مِنكُمْ وَٱلَّذِينَ يُؤْذُونَ رَسُولَ ٱللَّهِ
لَهُمْ عَذَابٌ أَلِيمٌ ٦١

**62.** Ви се колнат во Аллах дека ќе ве задоволат, но Аллах и пејгамберот Негов имаат повеќе право, ако се верници, да бидат задоволни.

يَحْلِفُونَ بِٱللَّهِ لَكُمْ لِيُرْضُوكُمْ وَٱللَّهُ
وَرَسُولُهُۥٓ أَحَقُّ أَن يُرْضُوهُ إِن كَانُوا۟
مُؤْمِنِينَ ٦٢

**63.** Не знаат ли дека за оние кои се спротиставуваат на Аллах и на пејгамберите Негови има оган џехеннемски во кој за навек ќе останат. Ете, тоа е казна голема!

أَلَمْ يَعْلَمُوٓا۟ أَنَّهُۥ مَن يُحَادِدِ ٱللَّهَ
وَرَسُولَهُۥ فَأَنَّ لَهُۥ نَارَ جَهَنَّمَ خَٰلِدًا فِيهَا
ذَٰلِكَ ٱلْخِزْىُ ٱلْعَظِيمُ ٦٣

**64.** Дволичните се плашат да не им се објави суре кое ќе ги извести за она што е во срцата нивни. Кажи: “Исмевајте се, но знајте дека Аллах, навистина, ќе го изнесе на виделина она од што се плашите!”

يَحْذَرُ ٱلْمُنَٰفِقُونَ أَن تُنَزَّلَ عَلَيْهِمْ سُورَةٌ
تُنَبِّئُهُم بِمَا فِى قُلُوبِهِمْ قُلِ ٱسْتَهْزِءُوٓا۟
إِنَّ ٱللَّهَ مُخْرِجٌ مَّا تَحْذَرُونَ ٦٤

**65.** А кога, пак, би ги прашал сигурно би ти рекле: “Да, ние само разговараме и се играме.” Кажи: “Со Аллах ли се исмевате и со ајетите Негови и со пејгамберот?”

وَلَئِن سَأَلْتَهُمْ لَيَقُولُنَّ إِنَّمَا كُنَّا
نَخُوضُ وَنَلْعَبُ قُلْ أَبِاللَّهِ وَءَايَٰتِهِۦ وَرَسُولِهِۦ
كُنتُمْ تَسْتَهْزِءُونَ ٦٥

**66.** Не оправдувајте се! По верувањето ваше не верувавте. Ако ѝ простиме на една ваша дружина, друга дружина Ние ќе казниме затоа што се овие, навистина, силници!

لَا تَعْتَذِرُوا۟ قَدْ كَفَرْتُم بَعْدَ إِيمَٰنِكُمْ إِن نَّعْفُ
عَن طَآئِفَةٍ مِّنكُمْ نُعَذِّبْ طَآئِفَةًۢ
بِأَنَّهُمْ كَانُوا۟ مُجْرِمِينَ ٦٦

**67.** Мажите дволични и жените дволични, еднисодруги се: наредуваат зло и одвраќаат од добро, а рацете им се стегнати. Забораваат на Аллах па и Он заборава на нив. Дволичните, навистина, се расипани!

ٱلْمُنَٰفِقُونَ وَٱلْمُنَٰفِقَٰتُ بَعْضُهُم مِّنۢ بَعْضٍ
يَأْمُرُونَ بِٱلْمُنكَرِ وَيَنْهَوْنَ
عَنِ ٱلْمَعْرُوفِ وَيَقْبِضُونَ أَيْدِيَهُمْ نَسُوا۟ ٱللَّهَ
فَنَسِيَهُمْ إِنَّ ٱلْمُنَٰفِقِينَ
هُمُ ٱلْفَٰسِقُونَ ٦٧

**68.** За жените дволични и за мажите дволични и за неверниците Аллах има ветено оган џехеннемски во кој за навек ќе останат. Тоа за нив е доволно. Аллах нив ги проколни и за нив има казна постојана!

وَعَدَ ٱللَّهُ ٱلْمُنَٰفِقِينَ وَٱلْمُنَٰفِقَٰتِ وَٱلْكُفَّارَ
نَارَ جَهَنَّمَ خَٰلِدِينَ فِيهَا هِىَ حَسْبُهُمْ وَلَعَنَهُمُ
ٱللَّهُ وَلَهُمْ عَذَابٌ مُّقِيمٌ ٦٨

**69.** Како што беше со оние пред вас кои поседуваа поголема моќ, и кои имаа повеќе имот, и кои имаа повеќе синови. Посакуваа, тогаш, уживање во делот свој, па и вие посакувате да уживате во делот ваш како што посакуваа да уживаат во делот

كَٱلَّذِينَ مِن قَبْلِكُمْ كَانُوٓا۟ أَشَدَّ مِنكُمْ قُوَّةً
وَأَكْثَرَ أَمْوَٰلًا وَأَوْلَٰدًا فَٱسْتَمْتَعُوا۟ بِخَلَٰقِهِمْ
فَٱسْتَمْتَعْتُم بِخَلَٰقِكُمْ كَمَا ٱسْتَمْتَعَ ٱلَّذِينَ
مِن قَبْلِكُمْ بِخَلَٰقِهِمْ وَخُضْتُمْ كَٱلَّذِى خَاضُوٓا۟
أُو۟لَٰٓئِكَ حَبِطَتْ أَعْمَٰلُهُمْ فِى ٱلدُّنْيَا وَٱلْءَاخِرَةِ
وَأُو۟لَٰٓئِكَ هُمُ ٱلْخَٰسِرُونَ ٦٩

свој оние кои беа пред вас. Вие се спуштате во расправија онака како што се спуштаа и оние. Делата нивни ќе пропаднат и на овој свет и на Ахирет. Оние, токму, се поразените!

**70.** Нели им дојде кажување за оние пред нив - за народот на Нух, за Ад, за Семуд, за народот на Ибрахим и за жителите на Медјен и за оние од населбите испревртени? Им доаѓаа пејгамберите нивни со јаснотии. Аллах никаков зулум не им направи, туку оние самите себеси зулум си направија!

أَلَمْ يَأْتِهِمْ نَبَأُ ٱلَّذِينَ مِن قَبْلِهِمْ قَوْمِ نُوحٍ
وَعَادٍ وَثَمُودَ وَقَوْمِ إِبْرَٰهِيمَ وَأَصْحَٰبِ
مَدْيَنَ وَٱلْمُؤْتَفِكَٰتِ أَتَتْهُمْ رُسُلُهُم
بِٱلْبَيِّنَٰتِ فَمَا كَانَ ٱللَّهُ لِيَظْلِمَهُمْ وَلَٰكِن
كَانُوٓا۟ أَنفُسَهُمْ يَظْلِمُونَ ﴿٧٠﴾

**71.** Верниците и верничките се заштитници еднисодруги: наредуваат добро и одвраќаат од зло, клањаат намаз и даваат зекат и послушни се и на Аллах и на пејгамберот Негов. Аллах ним ќе им се смилува. Аллах, навистина, е Силен и Мудар!

وَٱلْمُؤْمِنُونَ وَٱلْمُؤْمِنَٰتُ بَعْضُهُمْ أَوْلِيَآءُ بَعْضٍ
يَأْمُرُونَ بِٱلْمَعْرُوفِ وَيَنْهَوْنَ عَنِ ٱلْمُنكَرِ
وَيُقِيمُونَ ٱلصَّلَوٰةَ وَيُؤْتُونَ ٱلزَّكَوٰةَ
وَيُطِيعُونَ ٱللَّهَ وَرَسُولَهُۥٓ أُو۟لَٰٓئِكَ سَيَرْحَمُهُمُ ٱللَّهُ
إِنَّ ٱللَّهَ عَزِيزٌ حَكِيمٌ ﴿٧١﴾

مَن كَفَرَ فَعَلَيْهِ كُفْرُهُ وَمَنْ عَمِلَ صَالِحًا
فَلِأَنفُسِهِمْ يَمْهَدُونَ ٤٤

**45.** за да ги награди Он оние кои веруваа и кои работеа добри дела заради задоволството Негово. Он, навистина, не ги љуби неверниците!

لِيَجْزِيَ ٱلَّذِينَ ءَامَنُوا۟ وَعَمِلُوا۟ ٱلصَّٰلِحَٰتِ
مِن فَضْلِهِۦٓ ۚ إِنَّهُۥ لَا يُحِبُّ ٱلْكَٰفِرِينَ ﴿٤٥﴾

**46.** А од знаменијата Негови е и тоа што Он го испраќа ветрот како радосница за да искусите нешто од милоста Негова, и за да плови бродот со наредбата Негова, за да тежнеете кон добрината Негова и за да се заблагодарувате.

وَمِنْ ءَايَٰتِهِۦٓ أَن يُرْسِلَ ٱلرِّيَاحَ مُبَشِّرَٰتٍ وَلِيُذِيقَكُم
مِّن رَّحْمَتِهِۦ وَلِتَجْرِيَ ٱلْفُلْكُ بِأَمْرِهِۦ
وَلِتَبْتَغُوا۟ مِن فَضْلِهِۦ وَلَعَلَّكُمْ تَشْكُرُونَ ﴿٤٦﴾

**47.** И пред тебе, секако, Ние испраќавме пејгамбери до народите нивни. Па, им доаѓаа со јаснотии. Потоа Ние ги казнивме оние кои се силеа во зло, а верниците, пак, ни беше обврска да ги потпомогнеме.

وَلَقَدْ أَرْسَلْنَا مِن قَبْلِكَ رُسُلًا إِلَىٰ قَوْمِهِمْ فَجَآءُوهُم
بِٱلْبَيِّنَٰتِ فَٱنتَقَمْنَا مِنَ ٱلَّذِينَ أَجْرَمُوا۟ ۖ وَكَانَ حَقًّا
عَلَيْنَا نَصْرُ ٱلْمُؤْمِنِينَ ﴿٤٧﴾

**48.** Аллах е Оној кој ги испраќа ветровите кои, ете, ги гонат облаците по небото па, со посак Негов, ги растегнуваат и на парчиња ги дробат. Па, така гледаш како дождот излегува од нив кој, кога ќе падне кому Он сака од робовите Негови, тие му се радуваат,

ٱللَّهُ ٱلَّذِى يُرْسِلُ ٱلرِّيَٰحَ فَتُثِيرُ سَحَابًا فَيَبْسُطُهُۥ
فِى ٱلسَّمَآءِ كَيْفَ يَشَآءُ وَيَجْعَلُهُۥ كِسَفًا فَتَرَى
ٱلْوَدْقَ يَخْرُجُ مِنْ خِلَٰلِهِۦ ۖ فَإِذَآ أَصَابَ بِهِۦ مَن يَشَآءُ
مِنْ عِبَادِهِۦٓ إِذَا هُمْ يَسْتَبْشِرُونَ ﴿٤٨﴾

**49.** и покрај тоа што, навистина, беа очајни пред да падне врз нив.

وَإِن كَانُوا۟ مِن قَبْلِ أَن يُنَزَّلَ عَلَيْهِم مِّن قَبْلِهِۦ
لَمُبْلِسِينَ ﴿٤٩﴾

**50.** Погледни ги, тогаш, трагите на милоста Аллахова: како ја оживува земјата по мртвилото

فَٱنظُرْ إِلَىٰٓ ءَاثَٰرِ رَحْمَتِ ٱللَّهِ كَيْفَ يُحْىِ ٱلْأَرْضَ
بَعْدَ مَوْتِهَآ ۚ إِنَّ ذَٰلِكَ لَمُحْىِ ٱلْمَوْتَىٰ

нејзино. Он, навистина, ќе ги оживи мртвите. Он е Кадар за сè!

وَهُوَ عَلَىٰ كُلِّ شَيْءٍ قَدِيرٌ ٥٠

51. А кога Ние би им испратиле ветар кој сè ќе пожолти и потоа тие, секако, зулум ќе прават и нема да веруваат.

وَلَئِنْ أَرْسَلْنَا رِيحًا فَرَأَوْهُ مُصْفَرًّا لَّظَلُّوا۟ مِنۢ بَعْدِهِۦ
يَكْفُرُونَ ٥١

52. Ти, навистина, не можеш да ги натераш да те слушнат мртвите, ниту, пак, можеш да го натераш глувиот да го слушне повикот кога е свртен од тебе,

فَإِنَّكَ لَا تُسْمِعُ ٱلْمَوْتَىٰ وَلَا تُسْمِعُ ٱلصُّمَّ ٱلدُّعَآءَ
إِذَا وَلَّوْا۟ مُدْبِرِينَ ٥٢

53. а ниту, пак, можеш да ги упатиш слепите од нивното скршнување во заблуда; можеш да ги слушнеш само оние кои веруваат во знаменијата Наши - овие се Послушните!

وَمَآ أَنتَ بِهَٰدِ ٱلْعُمْىِ عَن ضَلَٰلَتِهِمْ ۖ إِن تُسْمِعُ
إِلَّا مَن يُؤْمِنُ بِـَٔايَٰتِنَا فَهُم مُّسْلِمُونَ ٥٣

54. Аллах е Оној кој ве создаде слаби, а по слабоста моќ ви дава, а по моќта, пак, слабост ви дава и, секако, старост. И Он го создава она што го сака. Он е Зналец и Кадар!

۞ ٱللَّهُ ٱلَّذِى خَلَقَكُم مِّن ضَعْفٍ ثُمَّ جَعَلَ مِنۢ بَعْدِ
ضَعْفٍ قُوَّةً ثُمَّ جَعَلَ مِنۢ بَعْدِ قُوَّةٍ ضَعْفًا وَشَيْبَةً ۚ
يَخْلُقُ مَا يَشَآءُ ۖ وَهُوَ ٱلْعَلِيمُ ٱلْقَدِيرُ ٥٤

55. А на Денот кога ќе се случи Часот, силниците ќе се колнат дека само еден час останале. Ете, така оние и порано кинисуваа.

وَيَوْمَ تَقُومُ ٱلسَّاعَةُ يُقْسِمُ ٱلْمُجْرِمُونَ مَا لَبِثُوا۟
غَيْرَ سَاعَةٍ ۚ كَذَٰلِكَ كَانُوا۟ يُؤْفَكُونَ ٥٥

56. А оние со даденото им знаење и иман ќе речат: “Вие останавте, секако, како што е

وَقَالَ ٱلَّذِينَ أُوتُوا۟ ٱلْعِلْمَ وَٱلْإِيمَٰنَ لَقَدْ لَبِثْتُمْ فِى كِتَٰبِ
ٱللَّهِ إِلَىٰ يَوْمِ ٱلْبَعْثِ ۖ فَهَٰذَا يَوْمُ ٱلْبَعْثِ

тоа означено во Книгата Аллахова, до Денот на оживувањето. А ова е Денот на оживувањето, но вие, ете, тоа не го знаевте.”

وَلَٰكِنَّكُمْ كُنتُمْ لَا تَعْلَمُونَ ٥٦

**57.** Па, на Денот тој оправдувањата на оние кои зулум направија не ќе им користат и од нив не ќе се бара ни да се оправдуваат.

فَيَوْمَئِذٍ لَّا يَنفَعُ الَّذِينَ ظَلَمُوا مَعْذِرَتُهُمْ
وَلَا هُمْ يُسْتَعْتَبُونَ ٥٧

**58.** Во овој Кур’ан Ние, веќе, им изнесовме пример од сè по нешто. И кога би им дошол со знамение некакво оние кои не веруваат сигурно ќе речат: “Вие само невистини изнесувате!”

وَلَقَدْ ضَرَبْنَا لِلنَّاسِ فِي هَٰذَا الْقُرْآنِ مِن كُلِّ مَثَلٍ ۚ
وَلَئِن جِئْتَهُم بِآيَةٍ لَّيَقُولَنَّ الَّذِينَ كَفَرُوا
إِنْ أَنتُمْ إِلَّا مُبْطِلُونَ ٥٨

**59.** Ете, така Аллах ги запечатува срцата на оние кои не знаат.

كَذَٰلِكَ يَطْبَعُ اللَّهُ عَلَىٰ قُلُوبِ الَّذِينَ
لَا يَعْلَمُونَ ٥٩

**60.** Па, стрпи се! Ветувањето Аллахово, навистина, е вистина. И никако нека не те вознемируваат оние кои не се уверени!

فَاصْبِرْ إِنَّ وَعْدَ اللَّهِ حَقٌّ ۖ وَلَا يَسْتَخِفَّنَّكَ
الَّذِينَ لَا يُوقِنُونَ ٦٠

## *ЛУКМАН* (Лукман) XXXI

سُورَةُ لُقْمَانَ

**Во името на Аллах, Милостивиот Сомилосен!**

بِسْمِ اللَّهِ الرَّحْمَٰنِ الرَّحِيمِ

**1.** Елиф, лам, мим!

الم ١

**2.** Еве ајети од Книгата мудра:

تِلْكَ آيَاتُ الْكِتَابِ الْحَكِيمِ ٢

**3.** Патоказ и Милост за доброчинителите -

هُدًى وَرَحْمَةً لِّلْمُحْسِنِينَ ٣

**4.** кои намаз клањаат и кои зекат даваат, и кои се уверени во Ахирет;

ٱلَّذِينَ يُقِيمُونَ ٱلصَّلَوٰةَ وَيُؤْتُونَ ٱلزَّكَوٰةَ وَهُم
بِٱلْـَٔاخِرَةِ هُمْ يُوقِنُونَ ٤

**5.** онаквите се по Патот на Господарот свој и оние се, токму, спасените!

أُو۟لَـٰٓئِكَ عَلَىٰ هُدًى مِّن رَّبِّهِمْ ۖ وَأُو۟لَـٰٓئِكَ
هُمُ ٱلْمُفْلِحُونَ ٥

**6.** Меѓу луѓето има и такви кои купуваат празен говор за забава за да се скршнуваат во заблуда, незнаејќи, од Аллаховиот пат, и кои го прифаќаат за да се исмеваат. За нив има казна срамна.

وَمِنَ ٱلنَّاسِ مَن يَشْتَرِى لَهْوَ ٱلْحَدِيثِ
لِيُضِلَّ عَن سَبِيلِ ٱللَّهِ بِغَيْرِ عِلْمٍ وَيَتَّخِذَهَا
هُزُوًا ۚ أُو۟لَـٰٓئِكَ لَهُمْ عَذَابٌ مُّهِينٌ ٦

**7.** И кога му се кажуваат ајетите Наши ја врти главата надуено, како да не ги слуша, како во ушите негови да има тежина. Па, зарадувај го со казната болна!

وَإِذَا تُتْلَىٰ عَلَيْهِ ءَايَـٰتُنَا وَلَّىٰ مُسْتَكْبِرًا
كَأَن لَّمْ يَسْمَعْهَا كَأَنَّ فِىٓ أُذُنَيْهِ وَقْرًا ۖ فَبَشِّرْهُ
بِعَذَابٍ أَلِيمٍ ٧

**8.** За оние кои веруваат и кои добри дела работат има, навистина, благословени бавчи џеннетски,

إِنَّ ٱلَّذِينَ ءَامَنُوا۟ وَعَمِلُوا۟ ٱلصَّـٰلِحَـٰتِ
لَهُمْ جَنَّـٰتُ ٱلنَّعِيمِ ٨

**9.** во нив за навек ќе останат. Ветувањето Аллахово е - вистина. Он е и Силен и Мудар!

خَـٰلِدِينَ فِيهَا ۖ وَعْدَ ٱللَّهِ حَقًّا ۚ وَهُوَ ٱلْعَزِيزُ ٱلْحَكِيمُ ٩

**10.** Гледате како Он ги создаде небесата без столбови, а по земјата брдата ги расфрла за да не се тресете, и по неа, исто така, растури животни секакви... И од небесата Ние вода ви спуштаме и од земјата овозможивме

خَلَقَ ٱلسَّمَـٰوَٰتِ بِغَيْرِ عَمَدٍ تَرَوْنَهَا ۖ وَأَلْقَىٰ فِى ٱلْأَرْضِ
رَوَٰسِىَ أَن تَمِيدَ بِكُمْ وَبَثَّ فِيهَا مِن كُلِّ دَآبَّةٍ ۚ وَأَنزَلْنَا
مِنَ ٱلسَّمَآءِ مَآءً فَأَنۢبَتْنَا فِيهَا مِن كُلِّ زَوْجٍ
كَرِيمٍ ١٠

да никнат од сè парови благородни.

**11.** Ова е создавањето Аллахово. Па, тогаш, покажете ми го она што го создадоа оние, освен Него. Но, зулумќарите сигурно се скршнати во заблуда јасна.

هَٰذَا خَلۡقُ ٱللَّهِ فَأَرُونِي مَاذَا خَلَقَ ٱلَّذِينَ
مِن دُونِهِۦۚ بَلِ ٱلظَّٰلِمُونَ فِي ضَلَٰلٖ مُّبِينٖ ١١

**12.** И на Лукман, секако, Ние му дадовме мудрост: "Биди благодарен на Аллах!" А оној кој е благодарен та, за себеси е благодарен, а оној кој не верува, та, Аллах, навистина, е Богат и за благодарност Достоен!

وَلَقَدۡ ءَاتَيۡنَا لُقۡمَٰنَ ٱلۡحِكۡمَةَ أَنِ ٱشۡكُرۡ لِلَّهِۚ
وَمَن يَشۡكُرۡ فَإِنَّمَا يَشۡكُرُ لِنَفۡسِهِۦۖ
وَمَن كَفَرَ فَإِنَّ ٱللَّهَ غَنِيٌّ حَمِيدٞ ١٢

**13.** И кога Лукман му рече на син му, советувајќи го: "О синко, не здружувај Му на Аллах здруженик. Здружувањето здруженик, навистина, е зулум голем!"

وَإِذۡ قَالَ لُقۡمَٰنُ لِٱبۡنِهِۦ وَهُوَ يَعِظُهُۥ يَٰبُنَيَّ لَا تُشۡرِكۡ
بِٱللَّهِۖ إِنَّ ٱلشِّرۡكَ لَظُلۡمٌ عَظِيمٞ ١٣

**14.** И на човекот Ние му одредивме да се однесува добро кон родителите свои. Мајката го носеше, слабејќи од ден во ден, и го доеше две години: "Биди благодарен, и Мене и на родителите твои. Свратилиштето е - кон Мене!

وَوَصَّيۡنَا ٱلۡإِنسَٰنَ بِوَٰلِدَيۡهِ حَمَلَتۡهُ أُمُّهُۥ
وَهۡنًا عَلَىٰ وَهۡنٖ وَفِصَٰلُهُۥ فِي عَامَيۡنِ
أَنِ ٱشۡكُرۡ لِي وَلِوَٰلِدَيۡكَ إِلَيَّ ٱلۡمَصِيرُ ١٤

**15.** А ако родителите се трудат да те наговорат да Ми припишуваш здруженик за што, всушност, не знаеш ништо, немој да им бидеш послушен, но

وَإِن جَٰهَدَاكَ عَلَىٰٓ أَن تُشۡرِكَ بِي مَا لَيۡسَ لَكَ بِهِۦ عِلۡمٞ
فَلَا تُطِعۡهُمَاۖ وَصَاحِبۡهُمَا فِي ٱلدُّنۡيَا مَعۡرُوفٗاۖ
وَٱتَّبِعۡ سَبِيلَ مَنۡ أَنَابَ إِلَيَّۚ ثُمَّ إِلَيَّ مَرۡجِعُكُمۡ

примерно однесувај се кон нив на овој свет. И следи го патот на оној кој Мене ми е послушен. Потоа враќањето ваше до Мене води, па ќе ве известам за она што го работевте.”

فَأُنَبِّئُكُم بِمَا كُنتُمْ تَعْمَلُونَ ١٥

**16.** “О синко мој, било да е направено нешто колку голушка, па и да е во пустина, на небесата или на Земјата, Аллах ќе го покаже. Аллах, навистина, е Чувствителен и Известен!

يَٰبُنَيَّ إِنَّهَآ إِن تَكُ مِثْقَالَ حَبَّةٍ مِّنْ خَرْدَلٍ فَتَكُن
فِي صَخْرَةٍ أَوْ فِي ٱلسَّمَٰوَٰتِ أَوْ فِي ٱلْأَرْضِ يَأْتِ
بِهَا ٱللَّهُ ۚ إِنَّ ٱللَّهَ لَطِيفٌ خَبِيرٌ ١٦

**17.** О синко мој, клањај намаз, наредувај добро и забранувај зло. И биди трпелив во она што ќе ти се случи. Ете, тоа, навистина, е меѓу решителните работи.

يَٰبُنَيَّ أَقِمِ ٱلصَّلَوٰةَ وَأْمُرْ بِٱلْمَعْرُوفِ وَٱنْهَ
عَنِ ٱلْمُنكَرِ وَٱصْبِرْ عَلَىٰ مَآ أَصَابَكَ ۖ إِنَّ ذَٰلِكَ
مِنْ عَزْمِ ٱلْأُمُورِ ١٧

**18.** И не врти го лицето од луѓето, и не оди по земјата горделиво: Аллах, навистина, не го љуби ни горделивиот ни надуениот.

وَلَا تُصَعِّرْ خَدَّكَ لِلنَّاسِ وَلَا تَمْشِ فِي ٱلْأَرْضِ
مَرَحًا ۖ إِنَّ ٱللَّهَ لَا يُحِبُّ كُلَّ مُخْتَالٍ فَخُورٍ ١٨

**19.** И биди умерен во одот твој а намали го и гласот твој. Од гласовите најлошиот, навистина, е гласот магарешки!

وَٱقْصِدْ فِي مَشْيِكَ وَٱغْضُضْ مِن صَوْتِكَ ۚ
إِنَّ أَنكَرَ ٱلْأَصْوَٰتِ لَصَوْتُ ٱلْحَمِيرِ ١٩

**20.** Не гледаш ли дека Аллах, навистина, ви го потчини и она што е на небесата и она што е на Земјата? И Он ве опсипа со благодатите Свои: и видливи и невидливи. А меѓу луѓето има и

أَلَمْ تَرَوْا۟ أَنَّ ٱللَّهَ سَخَّرَ لَكُم مَّا فِي ٱلسَّمَٰوَٰتِ وَمَا فِي ٱلْأَرْضِ
وَأَسْبَغَ عَلَيْكُمْ نِعَمَهُۥ ظَٰهِرَةً وَبَاطِنَةً ۗ وَمِنَ ٱلنَّاسِ
مَن يُجَٰدِلُ فِي ٱللَّهِ بِغَيْرِ عِلْمٍ وَلَا هُدًى
وَلَا كِتَٰبٍ مُّنِيرٍ ٢٠

такви кои расправаат за Аллах и без знаење и без Патоказ и без Книга светла.

**21.** И кога им беше речено: “Следете го она што Аллах го објави!” Рекоа: “Не, ќе го следиме она што го најдовме кај предците наши.” И тогаш ли кога Шејтанот ги повикува кон казната џехеннемска?

وَإِذَا قِيلَ لَهُمُ ٱتَّبِعُوا۟ مَآ أَنزَلَ ٱللَّهُ قَالُوا۟ بَلْ نَتَّبِعُ
مَا وَجَدْنَا عَلَيْهِ ءَابَآءَنَآ ۚ أَوَلَوْ كَانَ
ٱلشَّيْطَٰنُ يَدْعُوهُمْ إِلَىٰ عَذَابِ ٱلسَّعِيرِ ﴿٢١﴾

**22.** А оној кој ќе го предаде лицето свое на Аллах а доброчинител е... тој веќе се фатил за најцврстото јаже. Аллахова е конечницата на работите!

۞ وَمَن يُسْلِمْ وَجْهَهُۥٓ إِلَى ٱللَّهِ وَهُوَ مُحْسِنٌ
فَقَدِ ٱسْتَمْسَكَ بِٱلْعُرْوَةِ ٱلْوُثْقَىٰ ۗ
وَإِلَى ٱللَّهِ عَٰقِبَةُ ٱلْأُمُورِ ﴿٢٢﴾

**23.** А оној кој не верува... па, нека не те загрижува неверувањето негово. И кон Нас е враќањето нивно и Ние, секако, ќе ги известиме за она што го работеа. Аллах, навистина, го знае она што е во градите.

وَمَن كَفَرَ فَلَا يَحْزُنكَ كُفْرُهُۥٓ ۚ إِلَيْنَا مَرْجِعُهُمْ
فَنُنَبِّئُهُم بِمَا عَمِلُوٓا۟ ۚ إِنَّ ٱللَّهَ عَلِيمٌۢ بِذَاتِ ٱلصُّدُورِ ﴿٢٣﴾

**24.** Ние ќе им дадеме да уживаат едно кратко време, а потоа ќе ги турнеме во тешка казна.

نُمَتِّعُهُمْ قَلِيلًا ثُمَّ نَضْطَرُّهُمْ
إِلَىٰ عَذَابٍ غَلِيظٍ ﴿٢٤﴾

**25.** А ако, пак, ги прашаш: “Кој ги создаде небесата и Земјата?” Сигурно ќе речат: “Аллах!” Но, ете мнозинството од нив не знаат!

وَلَئِن سَأَلْتَهُم مَّنْ خَلَقَ ٱلسَّمَٰوَٰتِ وَٱلْأَرْضَ لَيَقُولُنَّ
ٱللَّهُ ۚ قُلِ ٱلْحَمْدُ لِلَّهِ ۚ بَلْ أَكْثَرُهُمْ لَا يَعْلَمُونَ ﴿٢٥﴾

**26.** Она што е на небесата и на Земјата е - Аллахово. Аллах, навистина, е Богат и за благодарност Достоен!

لِلَّهِ مَا فِي السَّمَٰوَٰتِ وَالْأَرْضِ ۚ إِنَّ اللَّهَ هُوَ الْغَنِيُّ الْحَمِيدُ ﴿٢٦﴾

**27.** А кога сите стебла на земјата би биле перциња а морето мастило, на кое ќе му се придружат уште седум мориња, не би се исушиле зборовите Аллахови. Аллах, навистина, е Силен и Мудар!

وَلَوْ أَنَّمَا فِي الْأَرْضِ مِن شَجَرَةٍ أَقْلَٰمٌ وَالْبَحْرُ يَمُدُّهُۥ مِنۢ بَعْدِهِۦ سَبْعَةُ أَبْحُرٍ مَّا نَفِدَتْ كَلِمَٰتُ اللَّهِ ۗ إِنَّ اللَّهَ عَزِيزٌ حَكِيمٌ ﴿٢٧﴾

**28.** Создавањето ваше и оживувањето ваше е само како создавањето еден човек. Аллах, навистина, е Слушач и Гледач!

مَّا خَلْقُكُمْ وَلَا بَعْثُكُمْ إِلَّا كَنَفْسٍ وَٰحِدَةٍ ۗ إِنَّ اللَّهَ سَمِيعٌۢ بَصِيرٌ ﴿٢٨﴾

**29.** Не гледаш ли дека Аллах, секако, го вовлекува денот во ноќта, а ја вовлекува ноќта во денот и ги потчини и Сонцето и Месечината? И сѐ тече до рок определен. А Аллах е Известен за она што го работите!

أَلَمْ تَرَ أَنَّ اللَّهَ يُولِجُ الَّيْلَ فِي النَّهَارِ وَيُولِجُ النَّهَارَ فِي الَّيْلِ وَسَخَّرَ الشَّمْسَ وَالْقَمَرَ كُلٌّ يَجْرِيٓ إِلَىٰٓ أَجَلٍ مُّسَمًّى وَأَنَّ اللَّهَ بِمَا تَعْمَلُونَ خَبِيرٌ ﴿٢٩﴾

**30.** Ете, тоа, токму, заради она што Аллах е вистина. Аллах, навистина, е Вишен и Голем!

ذَٰلِكَ بِأَنَّ اللَّهَ هُوَ الْحَقُّ وَأَنَّ مَا يَدْعُونَ مِن دُونِهِ الْبَٰطِلُ وَأَنَّ اللَّهَ هُوَ الْعَلِيُّ الْكَبِيرُ ﴿٣٠﴾

**31.** Не гледаш ли дека чамецот плови по морето, секако, со благослов на Аллах за да ви покаже од знаменијата Свои? Во тоа, ете, има, навистина, знаменија за секој трпелив и благодарен.

أَلَمْ تَرَ أَنَّ الْفُلْكَ تَجْرِي فِي الْبَحْرِ بِنِعْمَتِ اللَّهِ لِيُرِيَكُم مِّنْ ءَايَٰتِهِۦٓ ۚ إِنَّ فِي ذَٰلِكَ لَءَايَٰتٍ لِّكُلِّ صَبَّارٍ شَكُورٍ ﴿٣١﴾

**32.** И кога бранот, голем како облак, ќе ги покрие, го молат

وَإِذَا غَشِيَهُم مَّوْجٌ كَالظُّلَلِ دَعَوُا اللَّهَ مُخْلِصِينَ

لَهُ ٱلدِّينَ فَلَمَّا نَجَّىٰهُمْ إِلَى ٱلْبَرِّ فَمِنْهُم مُّقْتَصِدٌ ۚ
وَمَا يَجْحَدُ بِـَٔايَٰتِنَآ إِلَّا كُلُّ خَتَّارٍ كَفُورٍ ﴿٣٢﴾

Аллаха, искрено, искажувајќи ја верата кон Него. И бидејќи ќе ги спаси, доведувајќи ги до копното, само некои од нив покажуваат умереност. Знаменијата Наши не ги признава само силникот и неверникот!

يَٰٓأَيُّهَا ٱلنَّاسُ ٱتَّقُوا۟ رَبَّكُمْ وَٱخْشَوْا۟ يَوْمًا لَّا يَجْزِى
وَالِدٌ عَن وَلَدِهِۦ وَلَا مَوْلُودٌ هُوَ جَازٍ عَن وَالِدِهِۦ شَيْـًٔا ۚ
إِنَّ وَعْدَ ٱللَّهِ حَقٌّ ۖ فَلَا تَغُرَّنَّكُمُ ٱلْحَيَوٰةُ
ٱلدُّنْيَا وَلَا يَغُرَّنَّكُم بِٱللَّهِ ٱلْغَرُورُ ﴿٣٣﴾

**33.** О луѓе, плашете се од Господарот ваш и плашете се од Денот во кој ни родителот на своето дете не ќе му помогне, а ниту, пак, детето во нешто ќе му помогне на својот родител. Ветувањето Аллахово, навистина, е вистина. Животот на овој свет, тогаш, никако нека не ве понесе и Шејтанот, исто така, нека не ве оддалечи од Аллах!

إِنَّ ٱللَّهَ عِندَهُۥ عِلْمُ ٱلسَّاعَةِ وَيُنَزِّلُ ٱلْغَيْثَ
وَيَعْلَمُ مَا فِى ٱلْأَرْحَامِ ۖ وَمَا تَدْرِى نَفْسٌ
مَّاذَا تَكْسِبُ غَدًا ۖ وَمَا تَدْرِى نَفْسٌۢ بِأَىِّ أَرْضٍ
تَمُوتُ ۚ إِنَّ ٱللَّهَ عَلِيمٌ خَبِيرٌۢ ﴿٣٤﴾

**34.** Знаењто за Часот, секако, е само кај Аллах. И Он спушта дожд и Он го знае она што е во утробите. Човекот не знае утре што ќе заработи; човекот не знае и во која земја ќе умре. Аллах, навистина, е Знаалец и Известен!

## سُورَةُ ٱلسَّجْدَةِ

## *ЕС-СЕЏДЕ* (Сеџде) XXXII

بِسْمِ ٱللَّهِ ٱلرَّحْمَٰنِ ٱلرَّحِيمِ

**Во името на Аллах, Милостивиот Сомилосен!**

الٓمٓ ﴿١﴾

**1.** Елиф, лам, мим!

2. Објавувањето на Книгата, во која нема сомнение, е од Господарот на световите.

تَنزِيلُ ٱلْكِتَٰبِ لَا رَيْبَ فِيهِ مِن رَّبِّ ٱلْعَٰلَمِينَ ﴿٢﴾

3. Или зборуваат: "Тој го измислува." Но, не! Тоа е вистина од Господарот твој за да го опомениш народот кому не му е дадена опомена, пред тебе, за да се упатат.

أَمْ يَقُولُونَ ٱفْتَرَىٰهُ ۚ بَلْ هُوَ ٱلْحَقُّ مِن رَّبِّكَ لِتُنذِرَ قَوْمًا مَّآ أَتَىٰهُم مِّن نَّذِيرٍ مِّن قَبْلِكَ لَعَلَّهُمْ يَهْتَدُونَ ﴿٣﴾

4. Аллах е Оној кој ги создаде и Земјата и небесата и она што е меѓу нив за шест дена, а потоа се утврди на Аршот. Вие, освен Него, немате ни поддржник ни посредник. Па, нема ли да се присетите?

ٱللَّهُ ٱلَّذِى خَلَقَ ٱلسَّمَٰوَٰتِ وَٱلْأَرْضَ وَمَا بَيْنَهُمَا فِى سِتَّةِ أَيَّامٍ ثُمَّ ٱسْتَوَىٰ عَلَى ٱلْعَرْشِ ۖ مَا لَكُم مِّن دُونِهِۦ مِن وَلِىٍّ وَلَا شَفِيعٍ ۚ أَفَلَا تَتَذَكَّرُونَ ﴿٤﴾

5. И Он управува со сè она што е меѓу небесата и Земјата, а потоа, во Денот определен, кон Него ќе се извиши: на Денот кој трае илјада години, според она како што вие броите!

يُدَبِّرُ ٱلْأَمْرَ مِنَ ٱلسَّمَآءِ إِلَى ٱلْأَرْضِ ثُمَّ يَعْرُجُ إِلَيْهِ فِى يَوْمٍ كَانَ مِقْدَارُهُۥٓ أَلْفَ سَنَةٍ مِّمَّا تَعُدُّونَ ﴿٥﴾

6. Ете, Он е Зналец на јавното и тајното, Силен и Сомилосен!

ذَٰلِكَ عَٰلِمُ ٱلْغَيْبِ وَٱلشَّهَٰدَةِ ٱلْعَزِيزُ ٱلرَّحِيمُ ﴿٦﴾

7. Кој ја создаде секоја ствар во најдобар облик, и Кој, создавањето на човекот, го започна од глина.

ٱلَّذِىٓ أَحْسَنَ كُلَّ شَىْءٍ خَلَقَهُۥ ۖ وَبَدَأَ خَلْقَ ٱلْإِنسَٰنِ مِن طِينٍ ﴿٧﴾

8. А потоа, породот негов, го создава од избрана капка вода.

ثُمَّ جَعَلَ نَسْلَهُۥ مِن سُلَٰلَةٍ مِّن مَّآءٍ مَّهِينٍ ﴿٨﴾

9. А потоа Он го обликува и му вдахнува од духот Свој, и ви

ثُمَّ سَوَّىٰهُ وَنَفَخَ فِيهِ مِن رُّوحِهِۦ ۖ وَجَعَلَ لَكُمُ

дава и слух, и вид и срца. Малкумина заблагодарувате.

ٱلسَّمْعَ وَٱلْأَبْصَٰرَ وَٱلْأَفْـِٔدَةَ قَلِيلًا
مَّا تَشْكُرُونَ ﴿٩﴾

**10.** И зборуваат: “Кога ќе исчезнеме на земјата па повторно ли ќе бидеме создадени?” Но, оние во средбата со Господарот нивни не веруваат.

وَقَالُوٓا۟ أَءِذَا ضَلَلْنَا فِى ٱلْأَرْضِ أَءِنَّا لَفِى خَلْقٍ جَدِيدٍۭ
بَلْ هُم بِلِقَآءِ رَبِّهِمْ كَٰفِرُونَ ﴿١٠﴾

**11.** Кажи: “Мелекот на смртта, кој ви е за тоа одреден, ќе ве усмрти, а потоа кон Господарот ваш ќе се вратите.”

۞ قُلْ يَتَوَفَّىٰكُم مَّلَكُ ٱلْمَوْتِ ٱلَّذِى وُكِّلَ بِكُمْ
ثُمَّ إِلَىٰ رَبِّكُمْ تُرْجَعُونَ ﴿١١﴾

**12.** Е, кога би ги видел силниците наведнати со главите нивни пред Господарот свој: “Господаре наш, и видовме и слушнавме, врати нè повторно назад; ќе работиме добро. Ние сме, секако, уверени!”

وَلَوْ تَرَىٰٓ إِذِ ٱلْمُجْرِمُونَ نَاكِسُوا۟ رُءُوسِهِمْ
عِندَ رَبِّهِمْ رَبَّنَآ أَبْصَرْنَا وَسَمِعْنَا فَٱرْجِعْنَا
نَعْمَلْ صَٰلِحًا إِنَّا مُوقِنُونَ ﴿١٢﴾

**13.** Е, кога би сакале на секоја душа би ѝ го дале упатството нејзино, но зборот вистински е - Мој. Џехеннемот, секако, ќе го исполнам и со џинови и со луѓе, заедно!

وَلَوْ شِئْنَا لَءَاتَيْنَا كُلَّ نَفْسٍ هُدَىٰهَا
وَلَٰكِنْ حَقَّ ٱلْقَوْلُ مِنِّى لَأَمْلَأَنَّ جَهَنَّمَ
مِنَ ٱلْجِنَّةِ وَٱلنَّاسِ أَجْمَعِينَ ﴿١٣﴾

**14.** Па, вкусете го Џехеннемот, зашто заборавивте на средбата на овој Ден ваш. И Ние заборавивме на вас, и вкусете ја казната на вечноста за она што, токму, го работевте!

فَذُوقُوا۟ بِمَا نَسِيتُمْ لِقَآءَ يَوْمِكُمْ هَٰذَآ
إِنَّا نَسِينَٰكُمْ ۖ وَذُوقُوا۟ عَذَابَ
ٱلْخُلْدِ بِمَا كُنتُمْ تَعْمَلُونَ ﴿١٤﴾

**15.** Во ајетите Наши, навистина, веруваат оние кои, кога ќе се споменат, паѓаат на сеџде, и

إِنَّمَا يُؤْمِنُ بِـَٔايَٰتِنَا ٱلَّذِينَ إِذَا ذُكِّرُوا۟ بِهَا
خَرُّوا۟ سُجَّدًا وَسَبَّحُوا۟ بِحَمْدِ رَبِّهِمْ

кои Го слават, величајќи Го, Господарот свој, и кои не се дујат!

وَهُمْ لَا يَسْتَكْبِرُونَ ۩ ١٥

**16.** Страните нивни од постела се накривуваат, повикувајќи го Господарот свој, и од страв и од желба, и кои делат од ‘рскот Наш што им го дадовме.

تَتَجَافَىٰ جُنُوبُهُمْ عَنِ ٱلْمَضَاجِعِ يَدْعُونَ رَبَّهُمْ خَوْفًا
وَطَمَعًا وَمِمَّا رَزَقْنَٰهُمْ يُنفِقُونَ ١٦

**17.** Па, ниедна душа не знае какви радости им се кријат... награда за она што го работеа.

فَلَا تَعْلَمُ نَفْسٌ مَّآ أُخْفِيَ لَهُم مِّن قُرَّةِ أَعْيُنٍ جَزَآءًۢ
بِمَا كَانُوا۟ يَعْمَلُونَ ١٧

**18.** Еднаков ли е верникот со расипникот? Не можат да се изедначат!

أَفَمَن كَانَ مُؤْمِنًا كَمَن كَانَ فَاسِقًا ۚ
لَّا يَسْتَوُۥنَ ١٨

**19.** А што се однесува до оние кои веруваат и кои добри дела работат...та, за нив има престојувалиште од бавчи џеннетски, подготвени за она што го работеа.

أَمَّا ٱلَّذِينَ ءَامَنُوا۟ وَعَمِلُوا۟ ٱلصَّٰلِحَٰتِ فَلَهُمْ
جَنَّٰتُ ٱلْمَأْوَىٰ نُزُلًۢا بِمَا كَانُوا۟ يَعْمَلُونَ ١٩

**20.** А што се однесува, пак, до расипаните...та, огнот е престојувалиштето нивно. Секојпат кога ќе посакаат да излезат од него ќе бидат вратени во него, и ќе им се вели: “Искусете ја казната огнена за која сметавте дека е лажна!”

وَأَمَّا ٱلَّذِينَ فَسَقُوا۟ فَمَأْوَىٰهُمُ ٱلنَّارُ ۖ كُلَّمَآ أَرَادُوٓا۟
أَن يَخْرُجُوا۟ مِنْهَآ أُعِيدُوا۟ فِيهَا وَقِيلَ لَهُمْ ذُوقُوا۟
عَذَابَ ٱلنَّارِ ٱلَّذِي كُنتُم بِهِۦ تُكَذِّبُونَ ٢٠

**21.** И Ние ќе дадеме сигурно да искусат казна помала покрај казната голема за да се покајат.

وَلَنُذِيقَنَّهُم مِّنَ ٱلْعَذَابِ ٱلْأَدْنَىٰ دُونَ
ٱلْعَذَابِ ٱلْأَكْبَرِ لَعَلَّهُمْ يَرْجِعُونَ ٢١

**22.** А кој е поголем зулумќар од оној кој, кога ќе му се

وَمَنْ أَظْلَمُ مِمَّن ذُكِّرَ بِـَٔايَٰتِ رَبِّهِۦ ثُمَّ أَعْرَضَ عَنْهَآ ۚ

إِنَّا مِنَ ٱلْمُجْرِمِينَ مُنتَقِمُونَ ﴿٢٢﴾

споменат знаменијата на Господарот негов - а тој, ете, е рамнодушен кон нив? Ќе ги казниме, секако, силниците!

وَلَقَدْ ءَاتَيْنَا مُوسَى ٱلْكِتَـٰبَ فَلَا تَكُن فِى مِرْيَةٍ
مِّن لِّقَآئِهِۦ وَجَعَلْنَـٰهُ هُدًى لِّبَنِىٓ إِسْرَٰٓءِيلَ ﴿٢٣﴾

**23.** И на Муса, навистина, Ние му дадовме Книга: не сомневај се во средбата со Него. Ние него го одредивме да биде патоказ за синовите Израилови.

وَجَعَلْنَا مِنْهُمْ أَئِمَّةً يَهْدُونَ بِأَمْرِنَا لَمَّا صَبَرُوا۟
وَكَانُوا۟ بِـَٔايَـٰتِنَا يُوقِنُونَ ﴿٢٤﴾

**24.** И меѓу нив Ние одредивме водачи кои упатуваа со наредбата Наша, по стрпливоста нивна, и кои беа уверени во знаменијата Наши.

إِنَّ رَبَّكَ هُوَ يَفْصِلُ بَيْنَهُمْ يَوْمَ ٱلْقِيَـٰمَةِ
فِيمَا كَانُوا۟ فِيهِ يَخْتَلِفُونَ ﴿٢٥﴾

**25.** Господарот твој, навистина, ќе ги раздвои на Денот суден заради она за што, токму, станаа деленици.

أَوَلَمْ يَهْدِ لَهُمْ كَمْ أَهْلَكْنَا مِن قَبْلِهِم
مِّنَ ٱلْقُرُونِ يَمْشُونَ فِى مَسَـٰكِنِهِمْ إِنَّ فِى ذَٰلِكَ
لَءَايَـٰتٍ أَفَلَا يَسْمَعُونَ ﴿٢٦﴾

**26.** Нели им се укажува дека колку поколенија Ние пред нив уништивме преку чии живеалишта одат? Ете, во тоа, навистина, има знаменија. Не слушаат ли?

أَوَلَمْ يَرَوْا۟ أَنَّا نَسُوقُ ٱلْمَآءَ إِلَى ٱلْأَرْضِ ٱلْجُرُزِ
فَنُخْرِجُ بِهِۦ زَرْعًا تَأْكُلُ مِنْهُ أَنْعَـٰمُهُمْ
وَأَنفُسُهُمْ أَفَلَا يُبْصِرُونَ ﴿٢٧﴾

**27.** Не гледаат ли како Ние ја тераме водата кон сувата земја и како со неа вадиме растение со кое се хранат и добитокот нивни и тие самите. Не гледаат ли?

وَيَقُولُونَ مَتَىٰ هَـٰذَا ٱلْفَتْحُ إِن كُنتُمْ
صَـٰدِقِينَ ﴿٢٨﴾

**28.** И зборуваат: “Кога ќе дојде Победата ако сте искрени?”

**29.** Кажи:“На Денот на Победата верувањето на оние кои не веруваа не ќе им користи, и не ќе им се даде рок.”

قُلْ يَوْمَ ٱلْفَتْحِ لَا يَنفَعُ ٱلَّذِينَ كَفَرُوٓا۟ إِيمَٰنُهُمْ وَلَا هُمْ يُنظَرُونَ ٢٩

**30.** Та, сврти се од нив и чекај! Тие, секако, чекаат!

فَأَعْرِضْ عَنْهُمْ وَٱنتَظِرْ إِنَّهُم مُّنتَظِرُونَ ٣٠

## *ЕЛ-АХЗАБ* (Сојузници )XXXIII

سُورَةُ الأَحْزَابِ

**Во името на Аллах, Милостивиот Сомилосен!**

بِسْمِ ٱللَّهِ ٱلرَّحْمَٰنِ ٱلرَّحِيمِ

**1.** О пејгамберу, плаши се од Аллах и немој да им бидеш послушен на неверниците и дволичните. Аллах, навистина, е Зналец и Мудар!

يَٰٓأَيُّهَا ٱلنَّبِىُّ ٱتَّقِ ٱللَّهَ وَلَا تُطِعِ ٱلْكَٰفِرِينَ وَٱلْمُنَٰفِقِينَ ۗ إِنَّ ٱللَّهَ كَانَ عَلِيمًا حَكِيمًا ١

**2.** И следи го она што ти се објавува од Господарот твој! Аллах, навистина, е Известен за она што го работите!

وَٱتَّبِعْ مَا يُوحَىٰٓ إِلَيْكَ مِن رَّبِّكَ ۚ إِنَّ ٱللَّهَ كَانَ بِمَا تَعْمَلُونَ خَبِيرًا ٢

**3.** И потпри се врз Аллах; Аллах е Доволен Поддржник!

وَتَوَكَّلْ عَلَى ٱللَّهِ ۚ وَكَفَىٰ بِٱللَّهِ وَكِيلًا ٣

**4.** Аллах на ниеден човек не му даде две срца во градите негови. И не ви ги одреди жените ваши од кои со зихар се разделувате да бидат мајки ваши, а ниту, пак, посинетите, да бидат синови ваши. Тоа се само зборови со устите ваши. Аллах ја зборува вистината и Он упатува по патот вистински!

مَّا جَعَلَ ٱللَّهُ لِرَجُلٍ مِّن قَلْبَيْنِ فِى جَوْفِهِۦ ۚ وَمَا جَعَلَ أَزْوَٰجَكُمُ ٱلَّٰٓـِٔى تُظَٰهِرُونَ مِنْهُنَّ أُمَّهَٰتِكُمْ ۚ وَمَا جَعَلَ أَدْعِيَآءَكُمْ أَبْنَآءَكُمْ ۚ ذَٰلِكُمْ قَوْلُكُم بِأَفْوَٰهِكُمْ ۖ وَٱللَّهُ يَقُولُ ٱلْحَقَّ وَهُوَ يَهْدِى ٱلسَّبِيلَ ٤

**5.** Викајте ги по бабовците нивни; тоа е поисправно кај

ٱدْعُوهُمْ لِءَابَآئِهِمْ هُوَ أَقْسَطُ عِندَ ٱللَّهِ ۚ

Аллах. Но, ако вие не ги познавате бабовците нивни... па, тоа се браќа ваши по вера и заштитници ваши. А ако во тоа, пак, некако згрешите, немате грев. Но, грев е она што го намеруваат срцата ваши. Аллах е Простувач и Сомилосен!

فَإِن لَّمْ تَعْلَمُوٓا۟ ءَابَآءَهُمْ فَإِخْوَٰنُكُمْ
فِى ٱلدِّينِ وَمَوَٰلِيكُمْ ۚ وَلَيْسَ عَلَيْكُمْ جُنَاحٌ
فِيمَآ أَخْطَأْتُم بِهِۦ وَلَٰكِن مَّا تَعَمَّدَتْ قُلُوبُكُمْ ۚ
وَكَانَ ٱللَّهُ غَفُورًا رَّحِيمًا ٥

**6.** Пејгамберот, за верниците, е поблиску од нив самите; а жените негови се мајки нивни. А сродниците, според Книгата Аллахова, се поблиску едни-содруги и од верниците и од мухаџирите, освен ако не им направите некакво добро на заштитниците ваши што, секако, е наведено во Книгата.

ٱلنَّبِىُّ أَوْلَىٰ بِٱلْمُؤْمِنِينَ مِنْ أَنفُسِهِمْ ۖ وَأَزْوَٰجُهُۥٓ
أُمَّهَٰتُهُمْ ۗ وَأُو۟لُوا۟ ٱلْأَرْحَامِ بَعْضُهُمْ أَوْلَىٰ بِبَعْضٍ
فِى كِتَٰبِ ٱللَّهِ مِنَ ٱلْمُؤْمِنِينَ وَٱلْمُهَٰجِرِينَ
إِلَّآ أَن تَفْعَلُوٓا۟ إِلَىٰٓ أَوْلِيَآئِكُم مَّعْرُوفًا ۚ
كَانَ ذَٰلِكَ فِى ٱلْكِتَٰبِ مَسْطُورًا ٦

**7.** И кога Ние го прифативме договорот од пејгамберите нивни, и од тебе, и од Нух, и од Ибрахим, и од Муса, и од Иса, синот на Мерјем...од нив прифативме договор цврст!

وَإِذْ أَخَذْنَا مِنَ ٱلنَّبِيِّۦنَ مِيثَٰقَهُمْ وَمِنكَ وَمِن نُّوحٍ
وَإِبْرَٰهِيمَ وَمُوسَىٰ وَعِيسَى ٱبْنِ مَرْيَمَ ۖ وَأَخَذْنَا مِنْهُم
مِّيثَٰقًا غَلِيظًا ٧

**8.** За да ги земе на одговорност искрените заради искреноста нивна; а за неверниците Он им подготви казна болна.

لِّيَسْـَٔلَ ٱلصَّٰدِقِينَ عَن صِدْقِهِمْ ۚ وَأَعَدَّ لِلْكَٰفِرِينَ
عَذَابًا أَلِيمًا ٨

**9.** О верници, сетете се на благодатот Аллахов кон вас: кога ви дојдоа војски, па против нив испративме ветар и војски

يَٰٓأَيُّهَا ٱلَّذِينَ ءَامَنُوا۟ ٱذْكُرُوا۟ نِعْمَةَ ٱللَّهِ عَلَيْكُمْ
إِذْ جَآءَتْكُمْ جُنُودٌ فَأَرْسَلْنَا عَلَيْهِمْ رِيحًا وَجُنُودًا
لَّمْ تَرَوْهَا ۚ وَكَانَ ٱللَّهُ بِمَا تَعْمَلُونَ بَصِيرًا ٩

кои не ги видовте. Аллах го гледа она што го работите;

**10.** кога ви дојдоа и над вас и под вас, и кога погледите ви се скаменија, и кога срцата во градите ви застанаа, и кога за Аллах секакви помисли имавте.

إِذْ جَاءُوكُم مِّن فَوْقِكُمْ وَمِنْ أَسْفَلَ مِنكُمْ
وَإِذْ زَاغَتِ الْأَبْصَارُ وَبَلَغَتِ الْقُلُوبُ
الْحَنَاجِرَ وَتَظُنُّونَ بِاللَّهِ الظُّنُونَا ﴿١٠﴾

**11.** Тука верниците беа ставени во искушение и беа потресени со потрес жесток.

هُنَالِكَ ابْتُلِيَ الْمُؤْمِنُونَ وَزُلْزِلُوا زِلْزَالًا شَدِيدًا ﴿١١﴾

**12.** И кога дволичните и оние со заболените срца зборуваа: “Аллах и пејгамберот Негов ништо не ни ветија освен измама!”

وَإِذْ يَقُولُ الْمُنَافِقُونَ وَالَّذِينَ فِي قُلُوبِهِم
مَّرَضٌ مَّا وَعَدَنَا اللَّهُ وَرَسُولُهُ إِلَّا غُرُورًا ﴿١٢﴾

**13.** И кога една дружина од нив рече: “О жители на Јасриб, тука немате опстанок. Вратете се!” И една заедница меѓу нив побара одобрение од пејгамберот, зборувајќи: “Домовите наши се незаштитени” - а не беа незаштитени. Посакаа само да се дадат во бегство.

وَإِذْ قَالَت طَّائِفَةٌ مِّنْهُمْ يَا أَهْلَ يَثْرِبَ لَا مُقَامَ لَكُمْ
فَارْجِعُوا وَيَسْتَأْذِنُ فَرِيقٌ مِّنْهُمُ النَّبِيَّ يَقُولُونَ
إِنَّ بُيُوتَنَا عَوْرَةٌ وَمَا هِيَ بِعَوْرَةٍ إِن يُرِيدُونَ إِلَّا فِرَارًا ﴿١٣﴾

**14.** А да им се влезеше од предградијата негови и да се побараше од нив да направат сплетки тоа сигурно ќе го направеа; во нив ќе се задржеа само малку,

وَلَوْ دُخِلَتْ عَلَيْهِم مِّنْ أَقْطَارِهَا ثُمَّ سُئِلُوا الْفِتْنَةَ
لَآتَوْهَا وَمَا تَلَبَّثُوا بِهَا إِلَّا يَسِيرًا ﴿١٤﴾

**15.** оние веќе и порано му ветија на Аллах дека нема да се

وَلَقَدْ كَانُوا عَاهَدُوا اللَّهَ مِن قَبْلُ لَا يُوَلُّونَ

вратат назад. А за ветувањето кон Аллах се одговара.

ٱلْأَدْبَٰرَ ۚ وَكَانَ عَهْدُ ٱللَّهِ مَسْـُٔولًا ﴿١٥﴾

**16.** Кажи:“Ако бегате од смртта бегството никогаш не ќе ви користи, или, пак, гинењето: само кратко време ќе уживате.”

قُل لَّن يَنفَعَكُمُ ٱلْفِرَارُ إِن فَرَرْتُم مِّنَ ٱلْمَوْتِ
أَوِ ٱلْقَتْلِ وَإِذًا لَّا تُمَتَّعُونَ إِلَّا قَلِيلًا ﴿١٦﴾

**17.** Кажи:“Кој е тој кој ќе ве сочува од Аллах? Ако Он посака да ви нанесе зло или ако Он посака да ви подари милост.” Оние, освен Аллах, немаат ни заштитник ни поддржник!

قُلْ مَن ذَا ٱلَّذِى يَعْصِمُكُم مِّنَ ٱللَّهِ إِنْ أَرَادَ بِكُمْ سُوٓءًا
أَوْ أَرَادَ بِكُمْ رَحْمَةً ۚ وَلَا يَجِدُونَ لَهُم مِّن دُونِ ٱللَّهِ
وَلِيًّا وَلَا نَصِيرًا ﴿١٧﴾

**18.** Аллах, секако, ги знае оние меѓу вас кои прекоруваа и кои им зборуваа на браќата свои: “Дојдете со нас!” И малкумина од нив тргнаа во војна,

۞ قَدْ يَعْلَمُ ٱللَّهُ ٱلْمُعَوِّقِينَ مِنكُمْ وَٱلْقَآئِلِينَ لِإِخْوَٰنِهِمْ
هَلُمَّ إِلَيْنَا ۖ وَلَا يَأْتُونَ ٱلْبَأْسَ إِلَّا قَلِيلًا ﴿١٨﴾

**19.** шкржави во помошта кон вас. А кога ќе настапи стравот ги гледаш како гледаат во тебе, играјќи со очите свои како да се во пресрет на смртта. А кога стравот ќе помине ве вознемируваат со јазиците остри, шкржави да направат некакво добро. Таквите не веруваат па, Аллах, ќе ги упропасти делата нивни. Тоа за Аллах, секако, е лесно.

أَشِحَّةً عَلَيْكُمْ ۖ فَإِذَا جَآءَ ٱلْخَوْفُ رَأَيْتَهُمْ يَنظُرُونَ
إِلَيْكَ تَدُورُ أَعْيُنُهُمْ كَٱلَّذِى يُغْشَىٰ عَلَيْهِ مِنَ ٱلْمَوْتِ ۖ
فَإِذَا ذَهَبَ ٱلْخَوْفُ سَلَقُوكُم بِأَلْسِنَةٍ حِدَادٍ
أَشِحَّةً عَلَى ٱلْخَيْرِ ۚ أُو۟لَٰٓئِكَ لَمْ يُؤْمِنُوا۟ فَأَحْبَطَ
ٱللَّهُ أَعْمَٰلَهُمْ ۚ وَكَانَ ذَٰلِكَ عَلَى ٱللَّهِ يَسِيرًا ﴿١٩﴾

**20.** Сметаат дека сојузниците не отидоа. Или ако сојузниците се вратат оние би сакале повеќе да бидат со бедуините в пустина, и да се распрашуваат за вестите

يَحْسَبُونَ ٱلْأَحْزَابَ لَمْ يَذْهَبُوا۟ ۖ وَإِن يَأْتِ ٱلْأَحْزَابُ
يَوَدُّوا۟ لَوْ أَنَّهُم بَادُونَ فِى ٱلْأَعْرَابِ يَسْـَٔلُونَ
عَنْ أَنۢبَآئِكُمْ ۖ وَلَوْ كَانُوا۟ فِيكُم

за вас. А да беа, пак, меѓу вас, само малкумина ќе се бореа!

مَّا قَٰتَلُوٓاْ إِلَّا قَلِيلٗا ٢٠

**21.** Во пејгамберот, навистина, имате убав пример, за оној кој се надева и во Аллах и во Денот суден и кој Го споменува Аллаха многу!

لَّقَدۡ كَانَ لَكُمۡ فِي رَسُولِ ٱللَّهِ أُسۡوَةٌ حَسَنَةٞ لِّمَن كَانَ
يَرۡجُواْ ٱللَّهَ وَٱلۡيَوۡمَ ٱلۡأٓخِرَ وَذَكَرَ ٱللَّهَ كَثِيرٗا ٢١

**22.** И бидејќи верниците ги здогледаа сојузниците, рекоа: “Ова е она што ни го ветија и Аллах и пејгамберот Негов.” И Аллах и пејгамберот Негов вистината ја зборуваа; и иманот и послушноста само им се зголемуваа.

وَلَمَّا رَءَا ٱلۡمُؤۡمِنُونَ ٱلۡأَحۡزَابَ قَالُواْ هَٰذَا مَا وَعَدَنَا
ٱللَّهُ وَرَسُولُهُۥ وَصَدَقَ ٱللَّهُ وَرَسُولُهُۥۚ وَمَا زَادَهُمۡ
إِلَّآ إِيمَٰنٗا وَتَسۡلِيمٗا ٢٢

**23.** Меѓу верниците има луѓе кои го исполнија ветувањето што му го дадоа на Аллах. Едни од нив го положија животот, а други, пак, тоа го очекуваат; не направија никаква промена, во ништо,

مِّنَ ٱلۡمُؤۡمِنِينَ رِجَالٞ صَدَقُواْ مَا عَٰهَدُواْ ٱللَّهَ عَلَيۡهِۖ
فَمِنۡهُم مَّن قَضَىٰ نَحۡبَهُۥ وَمِنۡهُم مَّن يَنتَظِرُۖ
وَمَا بَدَّلُواْ تَبۡدِيلٗا ٢٣

**24.** за Он да ги награди искрените, заради искреноста нивна, и за да ги казни лицемерните. Ако, пак, посака, Он ќе им прости. Аллах, навистина, е Простувач и Сомилосен!

لِّيَجۡزِيَ ٱللَّهُ ٱلصَّٰدِقِينَ بِصِدۡقِهِمۡ وَيُعَذِّبَ
ٱلۡمُنَٰفِقِينَ إِن شَآءَ أَوۡ يَتُوبَ عَلَيۡهِمۡۚ إِنَّ ٱللَّهَ كَانَ
غَفُورٗا رَّحِيمٗا ٢٤

**25.** Аллах ги одврати оние кои не веруваа со лутината нивна; не постигнаа никакво добро. Аллах за верниците е Доволен во борба. Аллах е Јак и Силен!

وَرَدَّ ٱللَّهُ ٱلَّذِينَ كَفَرُواْ بِغَيۡظِهِمۡ لَمۡ يَنَالُواْ خَيۡرٗاۚ وَكَفَى
ٱللَّهُ ٱلۡمُؤۡمِنِينَ ٱلۡقِتَالَۚ وَكَانَ ٱللَّهُ قَوِيًّا عَزِيزٗا ٢٥

**26.** И Он ги изведе Следбениците на Книгата од тврдините нивни кои ги помагаа и им влеа страв во срцата нивни: една дружина од нив ја отепавте а една, пак, ја заробивте.

وَأَنزَلَ ٱلَّذِينَ ظَٰهَرُوهُم مِّنْ أَهْلِ ٱلْكِتَٰبِ
مِن صَيَاصِيهِمْ وَقَذَفَ فِى قُلُوبِهِمُ ٱلرُّعْبَ
فَرِيقًا تَقْتُلُونَ وَتَأْسِرُونَ فَرِيقًا ٢٦

**27.** И Он ви даде да ја наследите земјата нивна, и домовите нивни, и имотот нивни и земјата по која не одевте. Аллах, навистина, е Кадар за сè!

وَأَوْرَثَكُمْ أَرْضَهُمْ وَدِيَٰرَهُمْ وَأَمْوَٰلَهُمْ وَأَرْضًا
لَّمْ تَطَـُٔوهَا وَكَانَ ٱللَّهُ عَلَىٰ كُلِّ شَىْءٍ قَدِيرًا ٢٧

**28.** О пејгамберу, кажи им на жените твои: "Ако го сакате животот на овој свет и украсот негов...па, дојдете, ќе ви го дадам доброто и ќе се разведам на добар начин.

يَٰٓأَيُّهَا ٱلنَّبِىُّ قُل لِّأَزْوَٰجِكَ إِن كُنتُنَّ تُرِدْنَ
ٱلْحَيَوٰةَ ٱلدُّنْيَا وَزِينَتَهَا فَتَعَالَيْنَ
أُمَتِّعْكُنَّ وَأُسَرِّحْكُنَّ سَرَاحًا جَمِيلًا ٢٨

**29.** А ако, пак, го сакате Аллах, и пејгамберот Негов и Куќата ахиретска...па, Аллах, навистина, на доброчинителите им подготви награда голема!"

وَإِن كُنتُنَّ تُرِدْنَ ٱللَّهَ وَرَسُولَهُۥ وَٱلدَّارَ ٱلْـَٔاخِرَةَ
فَإِنَّ ٱللَّهَ أَعَدَّ لِلْمُحْسِنَٰتِ مِنكُنَّ أَجْرًا عَظِيمًا ٢٩

**30.** О жени пејгамберови, таа меѓу вас која ќе направи некое отворено срамно дело, казната ќе ѝ биде удвоена. Ете, тоа за Аллах е едноставно!

يَٰنِسَآءَ ٱلنَّبِىِّ مَن يَأْتِ مِنكُنَّ بِفَٰحِشَةٍ مُّبَيِّنَةٍ
يُضَٰعَفْ لَهَا ٱلْعَذَابُ ضِعْفَيْنِ وَكَانَ ذَٰلِكَ
عَلَى ٱللَّهِ يَسِيرًا ٣٠

**31.** А на таа од вас, која е оддадена на Аллах и на пејгамберот Негов, и која работи добро дело, Ние ќе ѝ ја дадеме наградата нејзина во два наврата, и ќе и подготвиме 'рск благороден!

۞ وَمَن يَقْنُتْ مِنكُنَّ لِلَّهِ وَرَسُولِهِۦ وَتَعْمَلْ
صَٰلِحًا نُّؤْتِهَآ أَجْرَهَا مَرَّتَيْنِ وَأَعْتَدْنَا لَهَا رِزْقًا
كَرِيمًا ٣١

**32.** О жени пејгамберови, вие не сте како другите жени. Ако сте богобојазливи... па, немојте да го дигате гласот зашто, тогаш, може да се предизвика желбата на оној во чие срце има болештина, и зборувајте убави зборови!

يَٰنِسَآءَ ٱلنَّبِيِّ لَسۡتُنَّ كَأَحَدٖ مِّنَ ٱلنِّسَآءِۚ
إِنِ ٱتَّقَيۡتُنَّ فَلَا تَخۡضَعۡنَ بِٱلۡقَوۡلِ فَيَطۡمَعَ
ٱلَّذِي فِي قَلۡبِهِۦ مَرَضٞ وَقُلۡنَ قَوۡلٗا مَّعۡرُوفٗا ٣٢

**33.** И останете во домовите ваши; и не покажувајте ја убавината онака како што се покажуваше убавината во џахилиетот одамнешен. И намаз извршувајте и зекат давајте, и на Аллах и на пејгамберот Негов бидете послушни. Аллах, навитина, посакува да го отстрани срамното дело од вас, о Ехлул Бејт, за да ве очисти, потполно!

وَقَرۡنَ فِي بُيُوتِكُنَّ وَلَا تَبَرَّجۡنَ تَبَرُّجَ ٱلۡجَٰهِلِيَّةِ
ٱلۡأُولَىٰۖ وَأَقِمۡنَ ٱلصَّلَوٰةَ وَءَاتِينَ ٱلزَّكَوٰةَ
وَأَطِعۡنَ ٱللَّهَ وَرَسُولَهُۥٓۚ إِنَّمَا يُرِيدُ ٱللَّهُ لِيُذۡهِبَ
عَنكُمُ ٱلرِّجۡسَ أَهۡلَ ٱلۡبَيۡتِ وَيُطَهِّرَكُمۡ
تَطۡهِيرٗا ٣٣

**34.** И паметете го она што се кажува во домовите ваши: од ајетите Аллахови и мудроста. Аллах, навистина, е Сочувствителен и Известен!

وَٱذۡكُرۡنَ مَا يُتۡلَىٰ فِي بُيُوتِكُنَّ مِنۡ ءَايَٰتِ
ٱللَّهِ وَٱلۡحِكۡمَةِۚ إِنَّ ٱللَّهَ كَانَ لَطِيفًا خَبِيرًا ٣٤

**35.** И за послушните мажи и за послушните жени, и за верниците и за верничките, и за потчинетите мажи и за потчинетите жени, и за искрените мажи и за искрените жени, и за трпеливите мажи и за трпеливите жени, и за понизните мажи и за понизните жени, и за

إِنَّ ٱلۡمُسۡلِمِينَ وَٱلۡمُسۡلِمَٰتِ وَٱلۡمُؤۡمِنِينَ
وَٱلۡمُؤۡمِنَٰتِ وَٱلۡقَٰنِتِينَ وَٱلۡقَٰنِتَٰتِ وَٱلصَّٰدِقِينَ
وَٱلصَّٰدِقَٰتِ وَٱلصَّٰبِرِينَ وَٱلصَّٰبِرَٰتِ وَٱلۡخَٰشِعِينَ
وَٱلۡخَٰشِعَٰتِ وَٱلۡمُتَصَدِّقِينَ وَٱلۡمُتَصَدِّقَٰتِ
وَٱلصَّٰٓئِمِينَ وَٱلصَّٰٓئِمَٰتِ وَٱلۡحَٰفِظِينَ
فُرُوجَهُمۡ وَٱلۡحَٰفِظَٰتِ وَٱلذَّٰكِرِينَ
ٱللَّهَ كَثِيرٗا وَٱلذَّٰكِرَٰتِ أَعَدَّ ٱللَّهُ لَهُم
مَّغۡفِرَةٗ وَأَجۡرًا عَظِيمٗا ٣٥

мажите кои даваат милосрдие и за жените кои даваат милосрдие, и за мажите кои постат и за жените кои постат, и за мажите кои ги чуваат срамните места и за жените кои ги чуваат срамните места, и за мажите кои го споменуваат Аллаха многу, и за жените кои го споменуваат Аллаха многу... за сите нив Аллах подготви и прошка и награда голема, навистина!

**36.** Не е на верникот и на верничката, кога Аллах ќе одреди нешто а и пејгамберот Негов, да донесат избор за работите нивни. А оној кој е непослушен и кон Аллах и кон пејгамберот Негов... тој веќе скршнал во заблуда очигледна!

وَمَا كَانَ لِمُؤۡمِنٖ وَلَا مُؤۡمِنَةٍ إِذَا قَضَى ٱللَّهُ وَرَسُولُهُۥٓ
أَمۡرًا أَن يَكُونَ لَهُمُ ٱلۡخِيَرَةُ مِنۡ أَمۡرِهِمۡۗ وَمَن يَعۡصِ
ٱللَّهَ وَرَسُولَهُۥ فَقَدۡ ضَلَّ ضَلَٰلٗا مُّبِينٗا ٣٦

**37.** И кога му рече на оној кого Аллах го благослови и кого ти го благослови: “Задржи ја за себе жената твоја, и плаши се од Аллах;” во душата твоја го криеш она што ќе го обелодени Аллах, и од луѓето се плашиш. А Аллах има право повеќе да се плашиш од Него. И бидејќи Зејд реши да се разведе од неа, Ние те оженивме со неа за да нема тешкотија за верниците при женењето со жените на посинетите кога овие ќе решат да се разведат од нив. Наредбата Аллахова, секако, е делотворна!

وَإِذۡ تَقُولُ لِلَّذِيٓ أَنۡعَمَ ٱللَّهُ عَلَيۡهِ وَأَنۡعَمۡتَ عَلَيۡهِ
أَمۡسِكۡ عَلَيۡكَ زَوۡجَكَ وَٱتَّقِ ٱللَّهَ وَتُخۡفِي
فِي نَفۡسِكَ مَا ٱللَّهُ مُبۡدِيهِ وَتَخۡشَى ٱلنَّاسَ وَٱللَّهُ
أَحَقُّ أَن تَخۡشَىٰهُۖ فَلَمَّا قَضَىٰ زَيۡدٞ مِّنۡهَا وَطَرٗا
زَوَّجۡنَٰكَهَا لِكَيۡ لَا يَكُونَ عَلَى ٱلۡمُؤۡمِنِينَ حَرَجٞ
فِيٓ أَزۡوَٰجِ أَدۡعِيَآئِهِمۡ إِذَا قَضَوۡاْ مِنۡهُنَّ وَطَرٗاۚ
وَكَانَ أَمۡرُ ٱللَّهِ مَفۡعُولٗا ٣٧

**38.** И за пејгамберот не е тешко да го работи она што Аллах му го наредува: таква беше одредбата Аллахова и кон оние порано; а наредбата Аллахова, секако, е премногу моќна,

مَّا كَانَ عَلَى ٱلنَّبِيِّ مِنْ حَرَجٍ فِيمَا فَرَضَ
ٱللَّهُ لَهُۥ سُنَّةَ ٱللَّهِ فِى ٱلَّذِينَ خَلَوْا۟ مِن قَبْلُ
وَكَانَ أَمْرُ ٱللَّهِ قَدَرًا مَّقْدُورًا ﴿٣٨﴾

**39.** за оние кои ги доставуваат посланијата Аллахови и кои од Него стравуваат, и кои од никого, освен од Аллах, не стравуваа... а Аллах е Доволен за полагање сметка.

ٱلَّذِينَ يُبَلِّغُونَ رِسَٰلَٰتِ ٱللَّهِ وَيَخْشَوْنَهُۥ
وَلَا يَخْشَوْنَ أَحَدًا إِلَّا ٱللَّهَ وَكَفَىٰ بِٱللَّهِ حَسِيبًا ﴿٣٩﴾

**40.** Мухаммед, секако, не е ничии бабо од мажите ваши, но тој е само пејгамбер Аллахов и печат на пејгамберите. Аллах, навистина, знае сѐ!

مَّا كَانَ مُحَمَّدٌ أَبَآ أَحَدٍ مِّن رِّجَالِكُمْ وَلَٰكِن رَّسُولَ
ٱللَّهِ وَخَاتَمَ ٱلنَّبِيِّـۧنَ وَكَانَ ٱللَّهُ بِكُلِّ شَىْءٍ عَلِيمًا ﴿٤٠﴾

**41.** О верници, споменувајте Го Аллаха, со споменување често!

يَٰٓأَيُّهَا ٱلَّذِينَ ءَامَنُوا۟ ٱذْكُرُوا۟ ٱللَّهَ ذِكْرًا كَثِيرًا ﴿٤١﴾

**42.** И славете Го и наутро и навечер!

وَسَبِّحُوهُ بُكْرَةً وَأَصِيلًا ﴿٤٢﴾

**43.** Он, токму, ве слави, а и мелеките Негови ве слават: за да ве избави од темнини во светлина. Он, навистина, е кон верниците Сомилосен!

هُوَ ٱلَّذِى يُصَلِّى عَلَيْكُمْ وَمَلَٰٓئِكَتُهُۥ لِيُخْرِجَكُم
مِّنَ ٱلظُّلُمَٰتِ إِلَى ٱلنُّورِ وَكَانَ بِٱلْمُؤْمِنِينَ
رَحِيمًا ﴿٤٣﴾

**44.** На денот, кога со Него ќе се сретнат, поздравот нивни ќе биде: Селам! И за нив Он подготви награда благородна!

تَحِيَّتُهُمْ يَوْمَ يَلْقَوْنَهُۥ سَلَٰمٌ وَأَعَدَّ لَهُمْ أَجْرًا كَرِيمًا ﴿٤٤﴾

**45.** О пејгамберу, Ние, навистина, те испративме и како сведок, и како радосник и како опоменувач,

يَٰٓأَيُّهَا ٱلنَّبِىُّ إِنَّآ أَرْسَلْنَٰكَ شَٰهِدًا
وَمُبَشِّرًا وَنَذِيرًا ﴿٤٥﴾

**46.** и како повикувач, со одобрението Негово и кон Аллах и кон светилката што свети.

وَدَاعِيًا إِلَى ٱللَّهِ بِإِذْنِهِۦ وَسِرَاجًا مُّنِيرًا ﴿٤٦﴾

**47.** И зарадувај ги верниците дека за нив од Аллах, навистина, има добротија голема.

وَبَشِّرِ ٱلْمُؤْمِنِينَ بِأَنَّ لَهُم مِّنَ ٱللَّهِ فَضْلًا كَبِيرًا ﴿٤٧﴾

**48.** И не слушај ги неверниците и дволичните, и отфрли ги навредите нивни, и потпри се врз Аллах. Аллах е Доволен Закрилник!

وَلَا تُطِعِ ٱلْكَٰفِرِينَ وَٱلْمُنَٰفِقِينَ وَدَعْ أَذَىٰهُمْ
وَتَوَكَّلْ عَلَى ٱللَّهِ ۚ وَكَفَىٰ بِٱللَّهِ وَكِيلًا ﴿٤٨﴾

**49.** О верници, кога ќе ги венчате верничките со кои, пред да ги допрете, ќе се разделите, тие немаат обврска да го чекаат рокот определен, чии денови, токму, ги броите. Па, дајте им подарок венчан и убаво разделете се!

يَٰٓأَيُّهَا ٱلَّذِينَ ءَامَنُوٓا۟ إِذَا نَكَحْتُمُ ٱلْمُؤْمِنَٰتِ
ثُمَّ طَلَّقْتُمُوهُنَّ مِن قَبْلِ أَن تَمَسُّوهُنَّ فَمَا لَكُمْ
عَلَيْهِنَّ مِنْ عِدَّةٍ تَعْتَدُّونَهَا ۖ فَمَتِّعُوهُنَّ وَسَرِّحُوهُنَّ
سَرَاحًا جَمِيلًا ﴿٤٩﴾

**50.** О пејгамберу, Ние, навистина, ти ги дозволивме жените твои на кои им ги даде венчаните подароци, и оние кои се во посед твој, кои Аллах ти ги даде со пленот, и ќерките на мицовците твои, и ќерките на халите твои, и ќерките на даіџовците твои, и ќерките на тезите твои кои се иселија со тебе; и жената верничка ако самата ќе му се подари на пејгамберот, а тој ќе посака да ја венча: ова се однесува само на тебе, а не и на верниците останати. Ние го знаеме, секако,

يَٰٓأَيُّهَا ٱلنَّبِىُّ إِنَّآ أَحْلَلْنَا لَكَ أَزْوَٰجَكَ ٱلَّٰتِىٓ ءَاتَيْتَ
أُجُورَهُنَّ وَمَا مَلَكَتْ يَمِينُكَ مِمَّآ أَفَآءَ ٱللَّهُ
عَلَيْكَ وَبَنَاتِ عَمِّكَ وَبَنَاتِ عَمَّٰتِكَ
وَبَنَاتِ خَالِكَ وَبَنَاتِ خَٰلَٰتِكَ ٱلَّٰتِى هَاجَرْنَ
مَعَكَ وَٱمْرَأَةً مُّؤْمِنَةً إِن وَهَبَتْ نَفْسَهَا لِلنَّبِىِّ
إِنْ أَرَادَ ٱلنَّبِىُّ أَن يَسْتَنكِحَهَا خَالِصَةً لَّكَ
مِن دُونِ ٱلْمُؤْمِنِينَ ۗ قَدْ عَلِمْنَا مَا فَرَضْنَا
عَلَيْهِمْ فِىٓ أَزْوَٰجِهِمْ وَمَا مَلَكَتْ
أَيْمَٰنُهُمْ لِكَيْلَا يَكُونَ عَلَيْكَ حَرَجٌ ۗ
وَكَانَ ٱللَّهُ غَفُورًا رَّحِيمًا ﴿٥٠﴾

она со што ги задолживме во врска со жените нивни, и со оние кои се во посед нивни за да немаш никаква тешкотија. Аллах е Простувач и Сомилосен!

**51**. Некои од нив со посак Твој ги оддалечуваш, а некои, пак, со посак Твој ги повикуваш. А ако ја посакаш некоја меѓу оние кои ги оддалечи немаш грев. Ете, тоа е најлесно со радост да се исполнат очите нивни, и да не тагуваат, и да се задоволат со она што им го даде. Аллах го знае она што е во срцата ваши. Аллах е Зналец и Благ!

۞ تُرْجِي مَن تَشَاءُ مِنْهُنَّ وَتُؤْوِي إِلَيْكَ مَن تَشَاءُ ۖ
وَمَنِ ابْتَغَيْتَ مِمَّنْ عَزَلْتَ فَلَا جُنَاحَ عَلَيْكَ ۚ ذَٰلِكَ
أَدْنَىٰ أَن تَقَرَّ أَعْيُنُهُنَّ وَلَا يَحْزَنَّ وَيَرْضَيْنَ
بِمَا آتَيْتَهُنَّ كُلُّهُنَّ ۚ وَاللَّهُ يَعْلَمُ مَا فِي قُلُوبِكُمْ ۚ
وَكَانَ اللَّهُ عَلِيمًا حَلِيمًا ﴿٥١﴾

**52**. По ова не ти се дозволени жени, ниту тоа нив да ги заменуваш со други жени, па и покрај тоа што те вчудоневидува убавината нивна, освен оние кои се во посед твој. Аллах, навистина, бдее врз секоја работа!

لَّا يَحِلُّ لَكَ النِّسَاءُ مِن بَعْدُ وَلَا أَن تَبَدَّلَ بِهِنَّ
مِنْ أَزْوَاجٍ وَلَوْ أَعْجَبَكَ حُسْنُهُنَّ إِلَّا مَا مَلَكَتْ
يَمِينُكَ ۗ وَكَانَ اللَّهُ عَلَىٰ كُلِّ شَيْءٍ رَّقِيبًا ﴿٥٢﴾

**53.** О верници, не влегувајте во собите на пејгамберот, освен ако ви се дозволи заради храна. Но, не да чекате додека се зготви. Па, кога ќе бидете повикани, влезете! И кога ќе јадете, растурете се, без да се впуштате во разговор. Тоа, секако, го вознемирува пејгамберот, а тој се срами вам да ви

يَا أَيُّهَا الَّذِينَ آمَنُوا لَا تَدْخُلُوا بُيُوتَ النَّبِيِّ
إِلَّا أَن يُؤْذَنَ لَكُمْ إِلَىٰ طَعَامٍ غَيْرَ نَاظِرِينَ إِنَاهُ
وَلَٰكِنْ إِذَا دُعِيتُمْ فَادْخُلُوا فَإِذَا طَعِمْتُمْ فَانتَشِرُوا
وَلَا مُسْتَأْنِسِينَ لِحَدِيثٍ ۚ إِنَّ ذَٰلِكُمْ كَانَ يُؤْذِي
النَّبِيَّ فَيَسْتَحْيِي مِنكُمْ ۖ وَاللَّهُ لَا يَسْتَحْيِي
مِنَ الْحَقِّ ۚ وَإِذَا سَأَلْتُمُوهُنَّ مَتَاعًا فَاسْأَلُوهُنَّ
مِن وَرَاءِ حِجَابٍ ۚ ذَٰلِكُمْ أَطْهَرُ لِقُلُوبِكُمْ

рече, а Аллах, пак, не се срами од вистината! А кога ќе барате од жените нешто, барајте од нив, тогаш, зад завеса. Тоа е почисто и за срцата ваши и за срцата нивни. Не ви е дозволено да го вознемирувате пејгамберот, а ниту пак, по него, да ги венчавате жените негови. Ете, тоа кај Аллах од вас, навистина, не е мала работа.

وَقُلُوبِهِنَّ وَمَا كَانَ لَكُمْ أَن تُؤْذُوا رَسُولَ
اللَّهِ وَلَا أَن تَنكِحُوا أَزْوَاجَهُ مِن بَعْدِهِ أَبَدًا
إِنَّ ذَٰلِكُمْ كَانَ عِندَ اللَّهِ عَظِيمًا ٥٣

**54.** Дали нешто ќе криете или ќе обелоденувате... па, Аллах, навистина, знае сè!

إِن تُبْدُوا شَيْئًا أَوْ تُخْفُوهُ فَإِنَّ اللَّهَ كَانَ بِكُلِّ
شَيْءٍ عَلِيمًا ٥٤

**55.** За нив нема грев да бидат откриени што се однесува до бабовците нивни, и синовите нивни, и браќата нивни, и синовите од браќата нивни, и синовите од сестрите нивни, и жените нивни и оние кои се во посед нивни. И плашете се од Аллах. Аллах, навистина, е Сведок за сè!

لَّا جُنَاحَ عَلَيْهِنَّ فِي آبَائِهِنَّ وَلَا أَبْنَائِهِنَّ
وَلَا إِخْوَانِهِنَّ وَلَا أَبْنَاءِ إِخْوَانِهِنَّ وَلَا أَبْنَاءِ أَخَوَاتِهِنَّ
وَلَا نِسَائِهِنَّ وَلَا مَا مَلَكَتْ أَيْمَانُهُنَّ وَاتَّقِينَ اللَّهَ
إِنَّ اللَّهَ كَانَ عَلَىٰ كُلِّ شَيْءٍ شَهِيدًا ٥٥

**56.** Аллах и мелеките Негови, секако, го слават пејгамберот. О верници, славете го и вие и поздравете го со селам!

إِنَّ اللَّهَ وَمَلَائِكَتَهُ يُصَلُّونَ عَلَى النَّبِيِّ يَا أَيُّهَا
الَّذِينَ آمَنُوا صَلُّوا عَلَيْهِ وَسَلِّمُوا تَسْلِيمًا ٥٦

**57.** Оние кои Го вознемируваат Аллаха и пејгамберот Негов... Аллах, секако, ги проколни и на овој свет и на Ахирет, и Он им подготви казна срамна.

إِنَّ الَّذِينَ يُؤْذُونَ اللَّهَ وَرَسُولَهُ لَعَنَهُمُ اللَّهُ فِي الدُّنْيَا
وَالْآخِرَةِ وَأَعَدَّ لَهُمْ عَذَابًا مُّهِينًا ٥٧

**58.** А оние кои ги вознемируваат верниците и верничките со она што тие не го заслужуваат, понесуваат, навистина, товар и грев јасен.

وَٱلَّذِينَ يُؤْذُونَ ٱلْمُؤْمِنِينَ وَٱلْمُؤْمِنَٰتِ
بِغَيْرِ مَا ٱكْتَسَبُوا۟ فَقَدِ ٱحْتَمَلُوا۟ بُهْتَٰنًا
وَإِثْمًا مُّبِينًا ﴿٥٨﴾

**59.** О пејгамберу, кажи им на жените твои и ќерките твои, и на жените од верниците да ги спуштат облеките. Ете, тоа е најлесно да се препознаат и да не се вознемируваат. А Аллах е Простувач и Сомилосен!

يَٰٓأَيُّهَا ٱلنَّبِىُّ قُل لِّأَزْوَٰجِكَ وَبَنَاتِكَ وَنِسَآءِ ٱلْمُؤْمِنِينَ
يُدْنِينَ عَلَيْهِنَّ مِن جَلَٰبِيبِهِنَّ ۚ ذَٰلِكَ أَدْنَىٰٓ أَن يُعْرَفْنَ
فَلَا يُؤْذَيْنَ ۗ وَكَانَ ٱللَّهُ غَفُورًا رَّحِيمًا ﴿٥٩﴾

**60.** Ако дволичните, и оние во чии срца има болештина, и оние кои низ Медина лаги шират не престанат... сигурно Ние ќе ти ја дадеме власта врз нив, и само за кратко време ќе останат соседи твои,-

۞ لَّئِن لَّمْ يَنتَهِ ٱلْمُنَٰفِقُونَ وَٱلَّذِينَ فِى قُلُوبِهِم
مَّرَضٌ وَٱلْمُرْجِفُونَ فِى ٱلْمَدِينَةِ لَنُغْرِيَنَّكَ
بِهِمْ ثُمَّ لَا يُجَاوِرُونَكَ فِيهَآ إِلَّا قَلِيلًا ﴿٦٠﴾

**61.** проколнети се тие; и каде било да се најдат, нека се притворат и нека се убијат!

مَّلْعُونِينَ ۖ أَيْنَمَا ثُقِفُوٓا۟ أُخِذُوا۟ وَقُتِّلُوا۟
تَقْتِيلًا ﴿٦١﴾

**62.** Таква беше праксата Аллахова кон оние кои поминаа пред нив. А ти никако не ќе најдеш измена во праксата Аллахова!

سُنَّةَ ٱللَّهِ فِى ٱلَّذِينَ خَلَوْا۟ مِن قَبْلُ ۖ
وَلَن تَجِدَ لِسُنَّةِ ٱللَّهِ تَبْدِيلًا ﴿٦٢﴾

**63.** Те прашуваат луѓето за Часот. Кажи: “Знаењето за него е при Аллах, навистина! Ти за него не знаеш; Часот, можеби, е сосема блиску!”

يَسْـَٔلُكَ ٱلنَّاسُ عَنِ ٱلسَّاعَةِ ۖ قُلْ إِنَّمَا عِلْمُهَا عِندَ ٱللَّهِ ۚ
وَمَا يُدْرِيكَ لَعَلَّ ٱلسَّاعَةَ تَكُونُ قَرِيبًا ﴿٦٣﴾

**64.** Аллах, секако, ги проколна неверниците и им подготви оган,

إِنَّ ٱللَّهَ لَعَنَ ٱلْكَٰفِرِينَ وَأَعَدَّ لَهُمْ سَعِيرًا ﴿٦٤﴾

**65.** и во него за навек ќе останат; не ќе најдат ни заштитник ни поддржник!

خَٰلِدِينَ فِيهَآ أَبَدًا ۖ لَّا يَجِدُونَ وَلِيًّا وَلَا نَصِيرًا ٦٥

**66.** На Денот кога лицата нивни ќе се гнетат во огнот, ќе речат: “О тешко нам! Само да бевме послушни и на Аллах и на пејгамберот!”

يَوْمَ تُقَلَّبُ وُجُوهُهُمْ فِى ٱلنَّارِ يَقُولُونَ
يَٰلَيْتَنَآ أَطَعْنَا ٱللَّهَ وَأَطَعْنَا ٱلرَّسُولَا۠ ٦٦

**67.** И ќе зборуваат: “Господаре наш, бевме послушни и на предводниците наши и на големците наши, па нè скршнаа по патот на заблудата!

وَقَالُوا۟ رَبَّنَآ إِنَّآ أَطَعْنَا سَادَتَنَا وَكُبَرَآءَنَا
فَأَضَلُّونَا ٱلسَّبِيلَا۠ ٦٧

**68.** О Господару наш, дај им казна двојна и проколни ги со клетвата голема!”

رَبَّنَآ ءَاتِهِمْ ضِعْفَيْنِ مِنَ ٱلْعَذَابِ
وَٱلْعَنْهُمْ لَعْنًا كَبِيرًا ٦٨

**69.** О верници, не бидете како оние кои го вознемируваа Муса! Па, Аллах го оддалечи од она што го зборуваа. Кај Аллах тој беше угледен!

يَٰٓأَيُّهَا ٱلَّذِينَ ءَامَنُوا۟ لَا تَكُونُوا۟ كَٱلَّذِينَ ءَاذَوْا۟ مُوسَىٰ
فَبَرَّأَهُ ٱللَّهُ مِمَّا قَالُوا۟ ۚ وَكَانَ عِندَ ٱللَّهِ وَجِيهًا ٦٩

**70.** О верници, плашете се од Аллах и зборувајте само вистина!

يَٰٓأَيُّهَا ٱلَّذِينَ ءَامَنُوا۟ ٱتَّقُوا۟ ٱللَّهَ وَقُولُوا۟
قَوْلًا سَدِيدًا ٧٠

**71.** Он ќе ви ги поправи делата ваши и Он ќе ви ги прости гревовите ваши. А оној кој е послушен и на Аллах и на пејгамберот Негов... тој ќе однесе, секако, победа голема!

يُصْلِحْ لَكُمْ أَعْمَٰلَكُمْ وَيَغْفِرْ لَكُمْ ذُنُوبَكُمْ ۗ
وَمَن يُطِعِ ٱللَّهَ وَرَسُولَهُۥ فَقَدْ فَازَ فَوْزًا عَظِيمًا ٧١

**72.** И Ние, навистина, го изнесовме аманетот и пред небесата и пред Земјата, и пред

إِنَّا عَرَضْنَا ٱلْأَمَانَةَ عَلَى ٱلسَّمَٰوَٰتِ وَٱلْأَرْضِ
وَٱلْجِبَالِ فَأَبَيْنَ أَن يَحْمِلْنَهَا وَأَشْفَقْنَ مِنْهَا وَحَمَلَهَا

планините... и одбија да го понесат, плашејḱи се од него, но ете, го понесе човекот. Човекот, навистина, е зулумḱар и незнајко!

ٱلْإِنسَٰنُ إِنَّهُۥ كَانَ ظَلُومًا جَهُولًا ﴿٧٢﴾

**73.** За Аллах да ги казни мажите дволични и жените дволични, и многубошците и многубошките, и Аллах да им прости на верниците и на верничките. Аллах, навистина, е Простувач и Сомилосен!

لِّيُعَذِّبَ ٱللَّهُ ٱلْمُنَٰفِقِينَ وَٱلْمُنَٰفِقَٰتِ وَٱلْمُشْرِكِينَ وَٱلْمُشْرِكَٰتِ وَيَتُوبَ ٱللَّهُ عَلَى ٱلْمُؤْمِنِينَ وَٱلْمُؤْمِنَٰتِ ۗ وَكَانَ ٱللَّهُ غَفُورًا رَّحِيمًۢا ﴿٧٣﴾

## СЕБЕ (Себе) XXXIV

سُورَةُ سَبَإٍ

**Во името на Аллах, Милостивиот Сомилосен!**

بِسْمِ ٱللَّهِ ٱلرَّحْمَٰنِ ٱلرَّحِيمِ

**1.** Благодарение на Аллах! Сѐ што е на небесата и на Земјата е - Негово! Благодарноста му припаѓа и на Ахирет. Он е Мудар и Известен!

ٱلْحَمْدُ لِلَّهِ ٱلَّذِى لَهُۥ مَا فِى ٱلسَّمَٰوَٰتِ وَمَا فِى ٱلْأَرْضِ وَلَهُ ٱلْحَمْدُ فِى ٱلْءَاخِرَةِ ۚ وَهُوَ ٱلْحَكِيمُ ٱلْخَبِيرُ ﴿١﴾

**2.** Он го знае и она што влегува во земјата и она што излегува од земјата, и она што се спушта од небо и она што се извишува кон небо. Он е Сомилосен и Простувач!

يَعْلَمُ مَا يَلِجُ فِى ٱلْأَرْضِ وَمَا يَخْرُجُ مِنْهَا وَمَا يَنزِلُ مِنَ ٱلسَّمَآءِ وَمَا يَعْرُجُ فِيهَا ۚ وَهُوَ ٱلرَّحِيمُ ٱلْغَفُورُ ﴿٢﴾

**3.** Неверниците зборуваат: “Нема да ни дојде Часот!” Кажи: “Да, се колнам во Господарот мој, дека ḱе ви дојде, сигурно!” Он е Зналец на тајната. Ни на небесата ни на Земјата ништо,

10. Кажи: “Што мислите?” Ако Кур’анот е од Аллах, а вие не верувате во него, а за него, пак, сведочеше еден сведок од синовите Израилови дека тој е сличен на претходната Книга - та, поверува - а вие се надувте.” Аллах, навистина, не го упатува народот зулумќарски!

قُلْ أَرَأَيْتُمْ إِن كَانَ مِنْ عِندِ اللَّهِ وَكَفَرْتُم بِهِ
وَشَهِدَ شَاهِدٌ مِّن بَنِي إِسْرَائِيلَ عَلَىٰ مِثْلِهِ فَآمَنَ
وَاسْتَكْبَرْتُمْ إِنَّ اللَّهَ لَا يَهْدِي الْقَوْمَ الظَّالِمِينَ ﴿١٠﴾

11. Неверниците им зборуваат на верниците: “Ако е тоа некое добро не ќе нѐ престигнеа во тоа.” И бидејќи не се упатија по него, уште зборуваат: “Ова е лага одамнешна!”

وَقَالَ الَّذِينَ كَفَرُوا لِلَّذِينَ آمَنُوا لَوْ كَانَ خَيْرًا
مَّا سَبَقُونَا إِلَيْهِ وَإِذْ لَمْ يَهْتَدُوا بِهِ
فَسَيَقُولُونَ هَٰذَا إِفْكٌ قَدِيمٌ ﴿١١﴾

12. А пред него беше Книгата на Муса, како водач и милост. Ова е Книга потврда на арапски

وَمِن قَبْلِهِ كِتَابُ مُوسَىٰ إِمَامًا وَرَحْمَةً
وَهَٰذَا كِتَابٌ مُّصَدِّقٌ لِّسَانًا عَرَبِيًّا لِّيُنذِرَ

јазик за да ги опомене оние кои зулум направија, и радосница за доброчинителите.

الذين ظلموا وبشرى للمحسنين ﴿١٢﴾

**13.** Оние кои, навистина, велат: “Аллах е Господарот наш“; потоа кои се истрајни... оние не ќе стравуваат и не ќе тагуваат!

إن الذين قالوا ربنا الله ثم استقاموا فلا خوف
عليهم ولا هم يحزنون ﴿١٣﴾

**14.** Оние се жители џеннетски и во него за навек ќе останат; тоа им е награда за она што го работеа.

أولئك أصحاب الجنة خالدين فيها
جزاء بما كانوا يعملون ﴿١٤﴾

**15.** А и на човекот Ние во васиет му оставивме убаво да се однесува кон родителите свои. Мајката негова со мака го носеше и со мака го роди; го носеше и го доеше триесет месеци. А кога ќе сјакне и ќе наполни четириесет години, вели: “Господаре мој, овозможи ми да ти се заблагодарам на благодатот Твој со кој ме опсипа, мене и родителите мои, и да работам добро со што ќе бидеш задоволен и одреди потомството мое да биде добро. Јас, навистина, се кајам и јас сум меѓу муслиманите!”

ووصينا الإنسان بوالديه إحسانا حملته أمه كرها
ووضعته كرها وحمله وفصاله ثلاثون شهرا
حتى إذا بلغ أشده وبلغ أربعين سنة قال رب
أوزعني أن أشكر نعمتك التي أنعمت علي
وعلى والدي وأن أعمل صالحا ترضاه وأصلح لي
في ذريتي إني تبت إليك وإني من المسلمين ﴿١٥﴾

**16.** Од таквите Ние ќе го примиме она што го работеа, најдоброто, а ќе ги занемариме пропустите нивни, меѓу жителите на Џеннетот - ова е ветување вистинско со што им беше ветено!

أولئك الذين نتقبل عنهم أحسن ما عملوا
ونتجاوز عن سيئاتهم في أصحاب الجنة
وعد الصدق الذي كانوا يوعدون ﴿١٦﴾

**17.** Оној што ќе им рече на родителите свои"Уф", од вас двајца, ми ветувате ли дека ќе бидам оживеан. Пред мене, секако, пропаднаа поколенија многу, а родителите, барајќи помош од Аллах, велат: "Тешко тебе, верувај! Ветувањето Аллахово, навистина, е вистина," а тој, пак, вели: "Ова се само приказни одамнешни!"

وَالَّذِي قَالَ لِوَالِدَيْهِ أُفٍّ لَّكُمَا أَتَعِدَانِنِي أَنْ أُخْرَجَ
وَقَدْ خَلَتِ الْقُرُونُ مِن قَبْلِي وَهُمَا يَسْتَغِيثَانِ اللَّهَ
وَيْلَكَ آمِنْ إِنَّ وَعْدَ اللَّهِ حَقٌّ فَيَقُولُ
مَا هَٰذَا إِلَّا أَسَاطِيرُ الْأَوَّلِينَ ﴿١٧﴾

**18.** Тоа се оние врз кои се овистини Зборот што беше кажан меѓу народите кои веќе поминаа пред нив - и џинови и луѓе - и кои, секако, беа поразени!

أُولَٰئِكَ الَّذِينَ حَقَّ عَلَيْهِمُ الْقَوْلُ فِي أُمَمٍ قَدْ خَلَتْ
مِن قَبْلِهِم مِّنَ الْجِنِّ وَالْإِنسِ إِنَّهُمْ كَانُوا
خَاسِرِينَ ﴿١٨﴾

**19.** И за секого имаат степени за она што го работеа. Аллах луѓето ќе ги награди за делата нивни; неправда не ќе им се направи.

وَلِكُلٍّ دَرَجَاتٌ مِّمَّا عَمِلُوا وَلِيُوَفِّيَهُمْ أَعْمَالَهُمْ وَهُمْ
لَا يُظْلَمُونَ ﴿١٩﴾

**20.** А Денот во кој неверниците ќе бидат изложени на огнот: "Ги потрошивте вашите добра во животот ваш на овој свет и посакувате да уживате во нив. Па, денес ќе се казните со казната понижувачка затоа што се надувте на земјата бесправно и затоа што грешевте."

وَيَوْمَ يُعْرَضُ الَّذِينَ كَفَرُوا عَلَى النَّارِ أَذْهَبْتُمْ طَيِّبَاتِكُمْ
فِي حَيَاتِكُمُ الدُّنْيَا وَاسْتَمْتَعْتُم بِهَا فَالْيَوْمَ تُجْزَوْنَ
عَذَابَ الْهُونِ بِمَا كُنتُمْ تَسْتَكْبِرُونَ فِي الْأَرْضِ
بِغَيْرِ الْحَقِّ وَبِمَا كُنتُمْ تَفْسُقُونَ ﴿٢٠﴾

**21.** И спомни го братот на Ад, кога го опомена народот свој во Ахкаф. Опоменувачи имаше и пред него и по него: "Обожавајте го само Аллаха. Јас, на-

۞ وَاذْكُرْ أَخَا عَادٍ إِذْ أَنذَرَ قَوْمَهُ بِالْأَحْقَافِ
وَقَدْ خَلَتِ النُّذُرُ مِن بَيْنِ يَدَيْهِ وَمِنْ خَلْفِهِ
أَلَّا تَعْبُدُوا إِلَّا اللَّهَ إِنِّي أَخَافُ عَلَيْكُمْ

вистина, се плашам од казната на Денот голем!”

عَذَابَ يَوْمٍ عَظِيمٍ ﴿٢١﴾

**22.** Зборуваа: “Дојде ли да нè одвратиш од божествата наши... па, донеси ни нешто од она што ни го вети ако си меѓу искрените! “

قَالُوٓا۟ أَجِئْتَنَا لِتَأْفِكَنَا عَنْ ءَالِهَتِنَا فَأْتِنَا
بِمَا تَعِدُنَآ إِن كُنتَ مِنَ ٱلصَّٰدِقِينَ ﴿٢٢﴾

**23.** Рече: “Знаењето за тоа, навистина, е кај Аллах, и ќе ве известам за она со што сум испратен, но ве гледам дека сте луѓе што не знаете.”

قَالَ إِنَّمَا ٱلْعِلْمُ عِندَ ٱللَّهِ وَأُبَلِّغُكُم مَّآ أُرْسِلْتُ بِهِۦ
وَلَٰكِنِّىٓ أَرَىٰكُمْ قَوْمًا تَجْهَلُونَ ﴿٢٣﴾

**24.** И бидејќи видоа како се појави еден облак, кој одеше кон нивните долини, рекоа: “Овој облак ќе ни донесе дожд.” Не, тоа е она што вие брзате да дојде: ветар кој носи казна болна,

فَلَمَّا رَأَوْهُ عَارِضًا مُّسْتَقْبِلَ أَوْدِيَتِهِمْ قَالُوا۟
هَٰذَا عَارِضٌ مُّمْطِرُنَا ۚ بَلْ هُوَ مَا ٱسْتَعْجَلْتُم
بِهِۦ ۖ رِيحٌ فِيهَا عَذَابٌ أَلِيمٌ ﴿٢٤﴾

**25.** кој ќе потресе сè, со наредбата на Господарот негов, па ќе останат само живеалиштата нивни. Ете, така Ние го казнивме народот насилнички.

تُدَمِّرُ كُلَّ شَىْءٍۭ بِأَمْرِ رَبِّهَا فَأَصْبَحُوا۟ لَا يُرَىٰٓ
إِلَّا مَسَٰكِنُهُمْ ۚ كَذَٰلِكَ نَجْزِى ٱلْقَوْمَ ٱلْمُجْرِمِينَ ﴿٢٥﴾

**26.** Да, Ние ги населивме во тие места во кои вас не ве населивме, и им дадовме и уши, и очи и срца... А нема да им користат ни ушите нивни, ни очите нивни, ни срцата нивни во ништо! Зашто не ги признаваа знаменијата Аллахови и им се овистини она за што се исмеваа.

وَلَقَدْ مَكَّنَّٰهُمْ فِيمَآ إِن مَّكَّنَّٰكُمْ فِيهِ وَجَعَلْنَا لَهُمْ
سَمْعًا وَأَبْصَٰرًا وَأَفْـِٔدَةً فَمَآ أَغْنَىٰ عَنْهُمْ سَمْعُهُمْ
وَلَآ أَبْصَٰرُهُمْ وَلَآ أَفْـِٔدَتُهُم مِّن شَىْءٍ
إِذْ كَانُوا۟ يَجْحَدُونَ بِـَٔايَٰتِ ٱللَّهِ
وَحَاقَ بِهِم مَّا كَانُوا۟ بِهِۦ يَسْتَهْزِءُونَ ﴿٢٦﴾

**27.** И Ние веќе го уништивме, секако, она што беше околу вас - градовите - и ги распоредивме ајетите за да се вратат по Патот.

وَلَقَدْ أَهْلَكْنَا مَا حَوْلَكُم مِّنَ ٱلْقُرَىٰ وَصَرَّفْنَا
ٱلْءَايَٰتِ لَعَلَّهُمْ يَرْجِعُونَ ﴿٢٧﴾

**28.** Па, зошто не им помогнаа оние кои ги прифатија, освен Аллах, за блиски и богови? Но, скршнаа далеку од нив. Ете, тоа беа лагите нивни и измислиците што ги коваа.

فَلَوْلَا نَصَرَهُمُ ٱلَّذِينَ ٱتَّخَذُوا۟ مِن دُونِ ٱللَّهِ قُرْبَانًا
ءَالِهَةًۢ ۖ بَلْ ضَلُّوا۟ عَنْهُمْ ۚ وَذَٰلِكَ إِفْكُهُمْ
وَمَا كَانُوا۟ يَفْتَرُونَ ﴿٢٨﴾

**29.** И кога Ние ти испративме неколку џинови кои го прислушкуваа Кур'анот - а бидејќи беа присутни - рекоа: "Молчете!" И бидејќи заврши кажувањето негово се вратија кај народот свој како опоменувачи!

وَإِذْ صَرَفْنَآ إِلَيْكَ نَفَرًا مِّنَ ٱلْجِنِّ يَسْتَمِعُونَ
ٱلْقُرْءَانَ فَلَمَّا حَضَرُوهُ قَالُوٓا۟ أَنصِتُوا۟ ۖ
فَلَمَّا قُضِىَ وَلَّوْا۟ إِلَىٰ قَوْمِهِم مُّنذِرِينَ ﴿٢٩﴾

**30.** Рекоа: "О народе наш, ние навистина слушнавме Книга која е објавена по Муса како Потврда за она што е веќе меѓу нив, што упатува кон вистината и кон патот вистински."

قَالُوا۟ يَٰقَوْمَنَآ إِنَّا سَمِعْنَا كِتَٰبًا أُنزِلَ
مِنۢ بَعْدِ مُوسَىٰ مُصَدِّقًا لِّمَا بَيْنَ يَدَيْهِ
يَهْدِىٓ إِلَى ٱلْحَقِّ وَإِلَىٰ طَرِيقٍ مُّسْتَقِيمٍ ﴿٣٠﴾

**31.** О народе наш, одѕвете му се на повикувачот Аллахов и верувајте му, зашто Он ќе ви прости од гревовите ваши и ќе ве извлече од казната болна.

يَٰقَوْمَنَآ أَجِيبُوا۟ دَاعِىَ ٱللَّهِ وَءَامِنُوا۟ بِهِۦ يَغْفِرْ لَكُم
مِّن ذُنُوبِكُمْ وَيُجِرْكُم مِّنْ عَذَابٍ أَلِيمٍ ﴿٣١﴾

**32.** А оној кој не ќе се одѕвие на повикувачот Аллахов не ќе може да се скрие на земјата и ќе нема, освен Него, пријатели. Онаквите се во заблуда очигледна!

وَمَن لَّا يُجِبْ دَاعِىَ ٱللَّهِ فَلَيْسَ بِمُعْجِزٍ فِى ٱلْأَرْضِ
وَلَيْسَ لَهُۥ مِن دُونِهِۦٓ أَوْلِيَآءُ ۚ أُو۟لَٰٓئِكَ
فِى ضَلَٰلٍ مُّبِينٍ ﴿٣٢﴾

**33.** Не гледаат ли дека Аллах, навистина, ги создаде небесата и Земјата, кој не се замори со создавањето нивно, дека е Кадар да ги оживи мртвите. Секако! Он,навистина, е Кадар за сè!

أَوَلَمْ يَرَوْا أَنَّ ٱللَّهَ ٱلَّذِى خَلَقَ ٱلسَّمَٰوَٰتِ وَٱلْأَرْضَ
وَلَمْ يَعْىَ بِخَلْقِهِنَّ بِقَٰدِرٍ عَلَىٰٓ أَن يُحْۦِىَ ٱلْمَوْتَىٰ ۚ بَلَىٰٓ
إِنَّهُۥ عَلَىٰ كُلِّ شَىْءٍ قَدِيرٌ ﴿٣٣﴾

**34.** А Денот во кој неверниците ќе бидат изложени на огнот - " Нели е ова вистина?" Ќе речат: "Па, вкусете ја казната затоа што не верувавте."

وَيَوْمَ يُعْرَضُ ٱلَّذِينَ كَفَرُوا۟ عَلَى ٱلنَّارِ أَلَيْسَ هَٰذَا بِٱلْحَقِّ ۖ
قَالُوا۟ بَلَىٰ وَرَبِّنَا ۚ قَالَ فَذُوقُوا۟ ٱلْعَذَابَ بِمَا كُنتُمْ
تَكْفُرُونَ ﴿٣٤﴾

**35.** Па, стрпи се онака како што се стрпија оние меѓу пејгамберите, со дадената им одлучност. И не барај побрзо да им дојде казната! Ним ќе им се причини, на Денот кога ќе го видат ветеното им, дека останаа само еден час од денот - ова е само известување - па, ќе биде уништен само народот расипнички!

فَٱصْبِرْ كَمَا صَبَرَ أُو۟لُوا۟ ٱلْعَزْمِ مِنَ ٱلرُّسُلِ
وَلَا تَسْتَعْجِل لَّهُمْ ۚ كَأَنَّهُمْ يَوْمَ يَرَوْنَ مَا يُوعَدُونَ
لَمْ يَلْبَثُوٓا۟ إِلَّا سَاعَةً مِّن نَّهَارٍ ۚ بَلَٰغٌ ۚ فَهَلْ يُهْلَكُ
إِلَّا ٱلْقَوْمُ ٱلْفَٰسِقُونَ ﴿٣٥﴾

## *МУХАММЕД* (Мухаммед) XLVII

سُورَةُ مُحَمَّدٍ

**Во името на Аллах, Милостивиот Сомилосен!**

بِسْمِ ٱللَّهِ ٱلرَّحْمَٰنِ ٱلرَّحِيمِ

**1.** Залудни се делата на оние кои не веруваат и кои оддалечуваат од Аллаховиот пат.

ٱلَّذِينَ كَفَرُوا۟ وَصَدُّوا۟ عَن سَبِيلِ ٱللَّهِ أَضَلَّ أَعْمَٰلَهُمْ ﴿١﴾

**2.** А на оние кои веруваат и кои добри дела работат и кои веруваат во она што му е

وَٱلَّذِينَ ءَامَنُوا۟ وَعَمِلُوا۟ ٱلصَّٰلِحَٰتِ وَءَامَنُوا۟ بِمَا نُزِّلَ
عَلَىٰ مُحَمَّدٍ وَهُوَ ٱلْحَقُّ مِن رَّبِّهِمْ ۙ كَفَّرَ عَنْهُمْ سَيِّـَٔاتِهِمْ

објавено на Мухаммед - а тоа е вистината од Господарот нивни - ќе им бидат отстранети злоделата нивни, и Он ќе ја подобри состојбата нивна.

وَأَصْلَحَ بَالَهُمْ ٢

**3.** Ете, тоа е, секако, заради тоа што неверниците ја следат невистината, а верниците, пак, вистината од Господарот свој. Ете, така Аллах им ги донесува примерите на луѓето!

ذَٰلِكَ بِأَنَّ ٱلَّذِينَ كَفَرُوا۟ ٱتَّبَعُوا۟ ٱلْبَٰطِلَ وَأَنَّ ٱلَّذِينَ ءَامَنُوا۟
ٱتَّبَعُوا۟ ٱلْحَقَّ مِن رَّبِّهِمْ ۚ كَذَٰلِكَ يَضْرِبُ ٱللَّهُ لِلنَّاسِ
أَمْثَٰلَهُمْ ٣

**4.** Па, кога ќе се сретнете со оние кои не веруваат ... та, удрете ги по вратовите сè додека не ги совладате, а штом тоа ќе го направите, тогаш, врзете ги. Потоа или нека следи ослободување без надоместок или, пак, побарајте откупнина, додека војната не ги исцрпи тежините свои. Ете, тоа е! Ако Аллах посака, меѓутоа, Он ќе им се одмазди, но Он посакува само да ги испроба еднисодруги. А оние кои погинаа на Аллаховиот пат... та, никојпат нема да бидат залудни делата нивни!

فَإِذَا لَقِيتُمُ ٱلَّذِينَ كَفَرُوا۟ فَضَرْبَ ٱلرِّقَابِ حَتَّىٰٓ إِذَآ أَثْخَنتُمُوهُمْ
فَشُدُّوا۟ ٱلْوَثَاقَ فَإِمَّا مَنًّۢا بَعْدُ وَإِمَّا فِدَآءً حَتَّىٰ تَضَعَ ٱلْحَرْبُ
أَوْزَارَهَا ۚ ذَٰلِكَ وَلَوْ يَشَآءُ ٱللَّهُ لَٱنتَصَرَ مِنْهُمْ وَلَٰكِن لِّيَبْلُوَا۟
بَعْضَكُم بِبَعْضٍ ۗ وَٱلَّذِينَ قُتِلُوا۟ فِى سَبِيلِ ٱللَّهِ
فَلَن يُضِلَّ أَعْمَٰلَهُمْ ٤

**5.** Он ќе ги упати и не ќе им ја подобри состојбата нивна;

سَيَهْدِيهِمْ وَيُصْلِحُ بَالَهُمْ ٥

**6.** ќе ги воведе во Џеннетот со што, токму, Он ги запозна!

وَيُدْخِلُهُمُ ٱلْجَنَّةَ عَرَّفَهَا لَهُمْ ٦

**7.** О верници, ако Аллаха го поддржувате и Он вас ќе ве поддржува и ќе ги зацврсти стапалките ваши.

يَٰٓأَيُّهَا ٱلَّذِينَ ءَامَنُوٓا۟ إِن تَنصُرُوا۟ ٱللَّهَ يَنصُرْكُمْ
وَيُثَبِّتْ أَقْدَامَكُمْ ﴿٧﴾

**8.** А оние кои не веруваат... та, тоа е пропаст за нив. И залудни се делата нивни!

وَٱلَّذِينَ كَفَرُوا۟ فَتَعْسًا لَّهُمْ وَأَضَلَّ أَعْمَٰلَهُمْ ﴿٨﴾

**9.** Ете, тоа е поради тоа што го презираат она што го објави Аллах... та, ќе пропаднат делата нивни!

ذَٰلِكَ بِأَنَّهُمْ كَرِهُوا۟ مَآ أَنزَلَ ٱللَّهُ فَأَحْبَطَ أَعْمَٰلَهُمْ ﴿٩﴾

**10.** Не патуваат ли по земјата па да видат каква беше казната на оние пред нив. Аллах ги поништи! И за неверниците има таков пример.

۞ أَفَلَمْ يَسِيرُوا۟ فِى ٱلْأَرْضِ فَيَنظُرُوا۟ كَيْفَ كَانَ عَٰقِبَةُ
ٱلَّذِينَ مِن قَبْلِهِمْ ۚ دَمَّرَ ٱللَّهُ عَلَيْهِمْ ۖ وَلِلْكَٰفِرِينَ أَمْثَٰلُهَا ﴿١٠﴾

**11.** Ете, тоа е поради тоа што Аллах, навистина, е пријател на оние кои веруваат и поради што неверниците, навистина, немаат заштитници!

ذَٰلِكَ بِأَنَّ ٱللَّهَ مَوْلَى ٱلَّذِينَ ءَامَنُوا۟ وَأَنَّ ٱلْكَٰفِرِينَ
لَا مَوْلَىٰ لَهُمْ ﴿١١﴾

**12.** А оние кои, секако, веруваат и кои добри дела работат... Аллах ќе ги воведе во бавчите џеннетски низ кои реки течат. А оние кои не веруваат и кои уживаат и кои јадат како што јаде добитокот... па, огнот е престојувалиштето нивно!

إِنَّ ٱللَّهَ يُدْخِلُ ٱلَّذِينَ ءَامَنُوا۟ وَعَمِلُوا۟ ٱلصَّٰلِحَٰتِ جَنَّٰتٍ
تَجْرِى مِن تَحْتِهَا ٱلْأَنْهَٰرُ ۖ وَٱلَّذِينَ كَفَرُوا۟ يَتَمَتَّعُونَ وَيَأْكُلُونَ
كَمَا تَأْكُلُ ٱلْأَنْعَٰمُ وَٱلنَّارُ مَثْوًى لَّهُمْ ﴿١٢﴾

**13.** И колку градови - посилни и помоќни од градот твој од кој си прогонет - Ние уништивме; па, немаше никаков поддржник за нив.

وَكَأَيِّن مِّن قَرْيَةٍ هِىَ أَشَدُّ قُوَّةً مِّن قَرْيَتِكَ
ٱلَّتِىٓ أَخْرَجَتْكَ أَهْلَكْنَٰهُمْ فَلَا نَاصِرَ لَهُمْ ﴿١٣﴾

**14.** Еднаков ли е оној кој има јасна претстава за Господарот свој со оној кому му се разубавува пакоста на делата негови... и кои ги следат страстите свои?

أَفَمَن كَانَ عَلَىٰ بَيِّنَةٍ مِّن رَّبِّهِۦ كَمَن زُيِّنَ لَهُۥ سُوٓءُ عَمَلِهِۦ
وَٱتَّبَعُوٓا۟ أَهْوَآءَهُم ﴿١٤﴾

**15.** Сличен ли е оној во Џеннетот - кој е ветен за богобојазливите - во кој реки течат непрестано, во кој има и реки со млеко, со вкус непроменет, и реки со вино вкусно за оние што го пијат, и реки со мед исцеден... за нив во Џеннетот има секакви видови овошје и прошка од Господарот нивни... со оној кој е за навек во огнот, и кој пие вода што врие, која цревата ќе им ги попари?

مَّثَلُ ٱلْجَنَّةِ ٱلَّتِى وُعِدَ ٱلْمُتَّقُونَ ۖ فِيهَآ أَنْهَٰرٌ مِّن مَّآءٍ غَيْرِ
ءَاسِنٍ وَأَنْهَٰرٌ مِّن لَّبَنٍ لَّمْ يَتَغَيَّرْ طَعْمُهُۥ وَأَنْهَٰرٌ مِّنْ خَمْرٍ
لَّذَّةٍ لِّلشَّٰرِبِينَ وَأَنْهَٰرٌ مِّنْ عَسَلٍ مُّصَفًّى ۖ وَلَهُمْ فِيهَا مِن كُلِّ
ٱلثَّمَرَٰتِ وَمَغْفِرَةٌ مِّن رَّبِّهِمْ ۖ كَمَنْ هُوَ خَٰلِدٌ فِى ٱلنَّارِ
وَسُقُوا۟ مَآءً حَمِيمًا فَقَطَّعَ أَمْعَآءَهُمْ ﴿١٥﴾

**16.** Од нив доаѓаат кои те слушаат, и штом ќе излезат од тебе, им зборуваат на оние со даденото им знаење: “Што ли рече оној пред малку?” Тоа се оние чии срца Аллах ги запечати и кои ги следат страстите свои.

وَمِنْهُم مَّن يَسْتَمِعُ إِلَيْكَ حَتَّىٰٓ إِذَا خَرَجُوا۟ مِنْ عِندِكَ
قَالُوا۟ لِلَّذِينَ أُوتُوا۟ ٱلْعِلْمَ مَاذَا قَالَ ءَانِفًا ۚ أُو۟لَٰٓئِكَ ٱلَّذِينَ
طَبَعَ ٱللَّهُ عَلَىٰ قُلُوبِهِمْ وَٱتَّبَعُوٓا۟ أَهْوَآءَهُمْ ﴿١٦﴾

**17.** А оние кои се упатуваат... Он им го зголемува Патоказот и им ја сјакнува нивната богобојазливост.

وَٱلَّذِينَ ٱهْتَدَوْا۟ زَادَهُمْ هُدًى وَءَاتَىٰهُمْ تَقْوَىٰهُمْ ﴿١٧﴾

**18.** Очекуваат ли, тогаш, да им дојде Часот одненадеж? Им дојдоа, секако, предзнаците не-

فَهَلْ يَنظُرُونَ إِلَّا ٱلسَّاعَةَ أَن تَأْتِيَهُم بَغْتَةً ۖ فَقَدْ جَآءَ
أَشْرَاطُهَا ۚ فَأَنَّىٰ لَهُمْ إِذَا جَآءَتْهُمْ ذِكْرَىٰهُمْ ﴿١٨﴾

гови. Па, зошто за нив опомена кога веќе тие им дојдоа?

**19.** Тогаш знај дека, навистина, нема друг бог освен Него, и барај прошка за гревовите твои: за верниците и за верничките. Аллах ги знае каде се прибежиштата ваши и престојувалиштата ваши.

فَٱعْلَمْ أَنَّهُۥ لَآ إِلَٰهَ إِلَّا ٱللَّهُ وَٱسْتَغْفِرْ لِذَنۢبِكَ
وَلِلْمُؤْمِنِينَ وَٱلْمُؤْمِنَٰتِ ۗ وَٱللَّهُ يَعْلَمُ مُتَقَلَّبَكُمْ
وَمَثْوَىٰكُمْ ١٩

**20.** Верниците зборуваат: “Зошто не е објавена сура?” Па, кога ќе им се објави една сура потсилена и кога во неа ќе се спомене борба ќе ги здогледаш оние во чии срца има болештина како во тебе гледаат со опул, како пред смрт соборен. А за нив е подобра

وَيَقُولُ ٱلَّذِينَ ءَامَنُوا۟ لَوْلَا نُزِّلَتْ سُورَةٌ ۖ فَإِذَآ أُنزِلَتْ
سُورَةٌ مُّحْكَمَةٌ وَذُكِرَ فِيهَا ٱلْقِتَالُ ۙ رَأَيْتَ ٱلَّذِينَ
فِى قُلُوبِهِم مَّرَضٌ يَنظُرُونَ إِلَيْكَ نَظَرَ
ٱلْمَغْشِىِّ عَلَيْهِ مِنَ ٱلْمَوْتِ ۖ فَأَوْلَىٰ لَهُمْ ٢٠

**21.** послушноста и говорот познат. Па, кога веќе наредбата е донесена за нив ќе биде подобро, навистина, да се искрени кон Аллах.

طَاعَةٌ وَقَوْلٌ مَّعْرُوفٌ ۚ فَإِذَا عَزَمَ ٱلْأَمْرُ
فَلَوْ صَدَقُوا۟ ٱللَّهَ لَكَانَ خَيْرًا لَّهُمْ ٢١

**22.** Ако вие, според тоа, ја дофатите моќта, нема ли да сеете безредие по земјата и нема ли да ги прекинете роднинските врски ваши?

فَهَلْ عَسَيْتُمْ إِن تَوَلَّيْتُمْ أَن تُفْسِدُوا۟
فِى ٱلْأَرْضِ وَتُقَطِّعُوٓا۟ أَرْحَامَكُمْ ٢٢

**23.** Тоа се оние кои Аллах ги проколна, и ги оглувна, и ги онеми и ги ослепи.

أُو۟لَٰٓئِكَ ٱلَّذِينَ لَعَنَهُمُ ٱللَّهُ فَأَصَمَّهُمْ وَأَعْمَىٰٓ
أَبْصَٰرَهُمْ ٢٣

**24.** Не размислуваат ли за Кур’анот или, пак, има катанци врз срцата?

أَفَلَا يَتَدَبَّرُونَ ٱلْقُرْءَانَ أَمْ عَلَىٰ قُلُوبٍ
أَقْفَالُهَآ ٢٤

**25.** Оние кои, навистина, ги свртија плеќите свои од Патоказот, што им беше објаснет, Шејтанот ги обезличуваше и ги обезнадуваше.

إِنَّ ٱلَّذِينَ ٱرۡتَدُّواْ عَلَىٰٓ أَدۡبَٰرِهِم
مِّنۢ بَعۡدِ مَا تَبَيَّنَ لَهُمُ ٱلۡهُدَى
ٱلشَّيۡطَٰنُ سَوَّلَ لَهُمۡ وَأَمۡلَىٰ لَهُمۡ ٢٥

**26.** Ете, тоа, секако, е заради она што им го зборуваа на оние кои го презираа она што Аллах го објави: “Ќе бидеме послушни кон некои наредби ваши!” Аллах ги знае тајните нивни!

ذَٰلِكَ بِأَنَّهُمۡ قَالُواْ لِلَّذِينَ كَرِهُواْ مَا نَزَّلَ
ٱللَّهُ سَنُطِيعُكُمۡ فِي بَعۡضِ ٱلۡأَمۡرِۖ وَٱللَّهُ
يَعۡلَمُ إِسۡرَارَهُمۡ ٢٦

**27.** Па, што ќе биде кога мелеките ќе ги усмртуваат, мавајќи ги по лицата нивни и по плеќите нивни?

فَكَيۡفَ إِذَا تَوَفَّتۡهُمُ ٱلۡمَلَٰٓئِكَةُ يَضۡرِبُونَ
وُجُوهَهُمۡ وَأَدۡبَٰرَهُمۡ ٢٧

**28.** Ете, тоа е поради тоа што го следеа она што ја предизвикува лутината Аллахова, и поради тоа што го презираа задоволството Негово. Па, ете пропаднаа делата нивни!

ذَٰلِكَ بِأَنَّهُمُ ٱتَّبَعُواْ مَآ أَسۡخَطَ ٱللَّهَ
وَكَرِهُواْ رِضۡوَٰنَهُۥ فَأَحۡبَطَ أَعۡمَٰلَهُمۡ ٢٨

**29.** Или: мислат ли оние кои имаат болештина во срцата свои дека Аллах никогаш не ќе ги изнесе одвратностите нивни?

أَمۡ حَسِبَ ٱلَّذِينَ فِي قُلُوبِهِم مَّرَضٌ
أَن لَّن يُخۡرِجَ ٱللَّهُ أَضۡغَٰنَهُمۡ ٢٩

**30.** А да посакавме Ние сигурно ќе ги понижевме, па ќе ги препознаевте по изгледите нивни, и ќе ги препознаевте, сигурно, по гласот на говорот. А Аллах ги знае делата ваши!

وَلَوۡ نَشَآءُ لَأَرَيۡنَٰكَهُمۡ فَلَعَرَفۡتَهُم بِسِيمَٰهُمۡۚ
وَلَتَعۡرِفَنَّهُمۡ فِي لَحۡنِ ٱلۡقَوۡلِۚ وَٱللَّهُ يَعۡلَمُ أَعۡمَٰلَكُمۡ ٣٠

**31.** Ќе ве испробаме, сигурно, сѐ додека ги препознаеме бор-

وَلَنَبۡلُوَنَّكُمۡ حَتَّىٰ نَعۡلَمَ ٱلۡمُجَٰهِدِينَ مِنكُمۡ وَٱلصَّٰبِرِينَ

ците меѓу вас, и трпеливите, и ќе ги провериме вестите за вас!

وَنَبْلُوَا۟ أَخْبَارَكُمْ ٣١

**32.** Да, оние кои не веруваат и кои одвраќаат од Аллаховиот пат, и кои се оддалечуваат од пејгамберот, за нив, по објаснетиот Патоказ... не ќе му наштетат на Аллах во ништо и Он ќе ги поништи делата нивни!

إِنَّ ٱلَّذِينَ كَفَرُوا۟ وَصَدُّوا۟ عَن سَبِيلِ ٱللَّهِ وَشَآقُّوا۟
ٱلرَّسُولَ مِنۢ بَعْدِ مَا تَبَيَّنَ لَهُمُ ٱلْهُدَىٰ لَن يَضُرُّوا۟ ٱللَّهَ
شَيْـًٔا وَسَيُحْبِطُ أَعْمَٰلَهُمْ ٣٢

**33.**О верници, бидете послушни и на Аллах и на пејгамберот Негов и не обезвреднувајте ги делата ваши!

۞ يَٰٓأَيُّهَا ٱلَّذِينَ ءَامَنُوٓا۟ أَطِيعُوا۟ ٱللَّهَ وَأَطِيعُوا۟ ٱلرَّسُولَ
وَلَا تُبْطِلُوٓا۟ أَعْمَٰلَكُمْ ٣٣

**34.** Да, оние кои не веруваат и кои одвраќаат од Аллаховиот пат а потоа ќе умрат, и уште се неверници... Аллах никогаш нема да им прости.

إِنَّ ٱلَّذِينَ كَفَرُوا۟ وَصَدُّوا۟ عَن سَبِيلِ ٱللَّهِ ثُمَّ مَاتُوا۟
وَهُمْ كُفَّارٌ فَلَن يَغْفِرَ ٱللَّهُ لَهُمْ ٣٤

**35.** И не попуштајте, и кон примирје не повикувајте! Па, вие сте посилни: Аллах е со вас; Он не ќе ви наштети за делата ваши!

فَلَا تَهِنُوا۟ وَتَدْعُوٓا۟ إِلَى ٱلسَّلْمِ وَأَنتُمُ ٱلْأَعْلَوْنَ
وَٱللَّهُ مَعَكُمْ وَلَن يَتِرَكُمْ أَعْمَٰلَكُمْ ٣٥

**36.** Животот на овој свет, навистина, е само игра и забава. Ако верувате и ако сте богобојазливи ќе ви дојде наградата ваша и не ќе бидете прашани за имотот ваш.

إِنَّمَا ٱلْحَيَوٰةُ ٱلدُّنْيَا لَعِبٌ وَلَهْوٌ وَإِن تُؤْمِنُوا۟ وَتَتَّقُوا۟
يُؤْتِكُمْ أُجُورَكُمْ وَلَا يَسْـَٔلْكُمْ أَمْوَٰلَكُمْ ٣٦

**37.** А ако, пак, Он од вас ги бара и ако е кон вас настојчив,

إِن يَسْـَٔلْكُمُوهَا فَيُحْفِكُمْ

ќе станете шкржави и Он ќе ги изнесе омразите ваши.

تَبۡخَلُواْ وَيُخۡرِجۡ أَضۡغَٰنَكُمۡ ٣٧

**38.** Ете, вие сте тие кои се повикувате да трошите на Аллаховиот пат. А меѓу вас има и кои скржават. А оној кој скржави... та, против себеси скржави. Аллах е Богат а вие сте сиромашни. А ако ги свртите плеќите Он ќе ве замени со друг народ кој не ќе биде вам сличен!

هَٰٓأَنتُمۡ هَٰٓؤُلَآءِ تُدۡعَوۡنَ لِتُنفِقُواْ فِي سَبِيلِ ٱللَّهِ
فَمِنكُم مَّن يَبۡخَلُۖ وَمَن يَبۡخَلۡ فَإِنَّمَا يَبۡخَلُ
عَن نَّفۡسِهِۦۚ وَٱللَّهُ ٱلۡغَنِيُّ وَأَنتُمُ ٱلۡفُقَرَآءُۚ
وَإِن تَتَوَلَّوۡاْ يَسۡتَبۡدِلۡ قَوۡمًا غَيۡرَكُمۡ
ثُمَّ لَا يَكُونُوٓاْ أَمۡثَٰلَكُم ٣٨

## *ЕЛ-ФЕТХ* (Победа) XLVIII

سُورَةُ الفَتۡحِ

**Во името на Аллах, Милостивиот Сомилосен!**

بِسۡمِ ٱللَّهِ ٱلرَّحۡمَٰنِ ٱلرَّحِيمِ

**1.** Ние, навистина, ќе ти дадеме за да извојуваш победа јасна,

إِنَّا فَتَحۡنَا لَكَ فَتۡحٗا مُّبِينٗا ١

**2.** за Аллах да ти ги прости оние гревови што ги направи и оние што ќе ги направиш, и за да го надополни благодатот негов кон тебе, и за да те упати по патот вистински.

لِّيَغۡفِرَ لَكَ ٱللَّهُ مَا تَقَدَّمَ مِن ذَنۢبِكَ وَمَا تَأَخَّرَ
وَيُتِمَّ نِعۡمَتَهُۥ عَلَيۡكَ وَيَهۡدِيَكَ صِرَٰطٗا مُّسۡتَقِيمٗا ٢

**3.** И Аллах ќе те потпомогне со помошта силна.

وَيَنصُرَكَ ٱللَّهُ نَصۡرًا عَزِيزًا ٣

**4.** Он е Оној кој спушта смирна во срцата на верниците за да го зголемат верувањето со верувањето свое. Војските на небесата и на Земјата се - Аллахови! Аллах, секако, е Зналец и Мудар!

هُوَ ٱلَّذِيٓ أَنزَلَ ٱلسَّكِينَةَ فِي قُلُوبِ ٱلۡمُؤۡمِنِينَ لِيَزۡدَادُوٓاْ
إِيمَٰنٗا مَّعَ إِيمَٰنِهِمۡۗ وَلِلَّهِ جُنُودُ ٱلسَّمَٰوَٰتِ
وَٱلۡأَرۡضِۚ وَكَانَ ٱللَّهُ عَلِيمًا حَكِيمًا ٤

**5.** И за Он да ги воведе верниците и верничките во бавчите џеннетски низ кои реки течат, и во нив за навек да останат, и за да ги отстрани од нив грешките нивни. Тоа кај Аллах, секако, е победа голема!

لِّيُدۡخِلَ ٱلۡمُؤۡمِنِينَ وَٱلۡمُؤۡمِنَٰتِ جَنَّٰتٖ تَجۡرِي مِن تَحۡتِهَا
ٱلۡأَنۡهَٰرُ خَٰلِدِينَ فِيهَا وَيُكَفِّرَ عَنۡهُمۡ سَيِّـَٔاتِهِمۡۚ
وَكَانَ ذَٰلِكَ عِندَ ٱللَّهِ فَوۡزًا عَظِيمٗا ٥

**6.** И за Он да ги казни дволичните, било мажи било жени, многубошците и многубошките, кои за Аллах лошо мислат... Нека им се врати злото! Аллах се налути на нив, ги проколна и им го подготви Џехеннемот. Е, само колку лошо свратилиште е тоа!

وَيُعَذِّبَ ٱلۡمُنَٰفِقِينَ وَٱلۡمُنَٰفِقَٰتِ وَٱلۡمُشۡرِكِينَ
وَٱلۡمُشۡرِكَٰتِ ٱلظَّآنِّينَ بِٱللَّهِ ظَنَّ ٱلسَّوۡءِۚ عَلَيۡهِمۡ
دَآئِرَةُ ٱلسَّوۡءِۖ وَغَضِبَ ٱللَّهُ عَلَيۡهِمۡ وَلَعَنَهُمۡ وَأَعَدَّ
لَهُمۡ جَهَنَّمَۖ وَسَآءَتۡ مَصِيرٗا ٦

**7.** Војските и на небесата и на Земјата се - Аллахови! Аллах, навистина, е Силен и Мудар!

وَلِلَّهِ جُنُودُ ٱلسَّمَٰوَٰتِ وَٱلۡأَرۡضِۚ
وَكَانَ ٱللَّهُ عَزِيزًا حَكِيمًا ٧

**8.** Ние те испративме, навистина, да бидеш и сведок, и радосник и опоменувач,

إِنَّآ أَرۡسَلۡنَٰكَ شَٰهِدٗا وَمُبَشِّرٗا وَنَذِيرٗا ٨

**9.** за да веруваат во Аллах и во пејгамберот Негов, за да го помогнете, за да Го осознаете достоинството Негово, и за да Го величате и наутро и навечер!

لِّتُؤۡمِنُواْ بِٱللَّهِ وَرَسُولِهِۦ وَتُعَزِّرُوهُ وَتُوَقِّرُوهُ
وَتُسَبِّحُوهُ بُكۡرَةٗ وَأَصِيلًا ٩

**10.** Оние кои, секако, ти полагаат заклетва, полагаат заклетва и на Аллах: Раката Аллахова е над рацете нивни. Па, оној кој ќе ја прекрши заклетвата, за себеси ја прекршува. А оној што ќе го исполни она што Му го ветил на

إِنَّ ٱلَّذِينَ يُبَايِعُونَكَ إِنَّمَا يُبَايِعُونَ ٱللَّهَ يَدُ ٱللَّهِ فَوۡقَ
أَيۡدِيهِمۡۚ فَمَن نَّكَثَ فَإِنَّمَا يَنكُثُ عَلَىٰ نَفۡسِهِۦۖ وَمَنۡ
أَوۡفَىٰ بِمَا عَٰهَدَ عَلَيۡهُ ٱللَّهَ فَسَيُؤۡتِيهِ أَجۡرًا عَظِيمٗا ١٠

Аллах... па, ќе му се даде награда голема!

**11.** Бедуините кои изостанаа ќе ти зборуваат: "И имотот наш, и семејствата наши, не обзедоа... па, затоа побарај прошка за нас!" Со јазиците свои го зборуваат она што не е во срцата нивни. Кажи: "Па, кој во нешто ќе ве заштити од Аллах ако Он ви посака штета или ако ви посака корист? Но, Аллах е Известен за она што го работите!

سَيَقُولُ لَكَ الْمُخَلَّفُونَ مِنَ الْأَعْرَابِ شَغَلَتْنَا
أَمْوَالُنَا وَأَهْلُونَا فَاسْتَغْفِرْ لَنَا ۚ يَقُولُونَ بِأَلْسِنَتِهِم
مَّا لَيْسَ فِي قُلُوبِهِمْ ۚ قُلْ فَمَن يَمْلِكُ لَكُم مِّنَ اللَّهِ
شَيْئًا إِنْ أَرَادَ بِكُمْ ضَرًّا أَوْ أَرَادَ بِكُمْ نَفْعًا ۚ بَلْ كَانَ اللَّهُ
بِمَا تَعْمَلُونَ خَبِيرًا ﴿١١﴾

**12.** Но, не! Вие помислувате дека пејгамберот и верниците никогаш не ќе им се вратат на семејствата свои и ете, тоа, ви се разубавуваше во срцата ваши. И замислувавте зли мисли и бевте народ расипнички!

بَلْ ظَنَنتُمْ أَن لَّن يَنقَلِبَ الرَّسُولُ وَالْمُؤْمِنُونَ
إِلَىٰ أَهْلِيهِمْ أَبَدًا وَزُيِّنَ ذَٰلِكَ فِي قُلُوبِكُمْ
وَظَنَنتُمْ ظَنَّ السَّوْءِ وَكُنتُمْ قَوْمًا بُورًا ﴿١٢﴾

**13.** Оној кој не верува во Аллах и во пејгамберот Негов... па, Ние, навистина, за неверниците оган подготвивме!

وَمَن لَّمْ يُؤْمِن بِاللَّهِ وَرَسُولِهِ فَإِنَّا
أَعْتَدْنَا لِلْكَافِرِينَ سَعِيرًا ﴿١٣﴾

**14.** Власта и на небсата и на Земјата е - Аллахова! Он простува кому сака и Он казнува кого сака. Аллах, секако, е Простувач и Сомилосен!

وَلِلَّهِ مُلْكُ السَّمَاوَاتِ وَالْأَرْضِ ۚ يَغْفِرُ لِمَن يَشَاءُ
وَيُعَذِّبُ مَن يَشَاءُ ۚ وَكَانَ اللَّهُ غَفُورًا
رَّحِيمًا ﴿١٤﴾

**15.** Оние што заостанаа, кога ќе тргнете по пленот за да го грабнете, ќе речат: "Оставете нѐ да ве следиме." Сакаат да го изменат Говорот Аллахов. Кажи:

سَيَقُولُ الْمُخَلَّفُونَ إِذَا انطَلَقْتُمْ إِلَىٰ
مَغَانِمَ لِتَأْخُذُوهَا ذَرُونَا نَتَّبِعْكُمْ ۖ يُرِيدُونَ
أَن يُبَدِّلُوا كَلَامَ اللَّهِ ۚ قُل لَّن تَتَّبِعُونَا كَذَٰلِكُمْ

“Никогаш не ќе не следите: тоа порано Аллах ви го кажуваше!” Па, тие ќе речат: “Но, вие ни завидувате.” Но, само малкумина сфаќаат!

قَالَ ٱللَّهُ مِن قَبْلُ فَسَيَقُولُونَ بَلْ تَحْسُدُونَنَا
بَلْ كَانُوا۟ لَا يَفْقَهُونَ إِلَّا قَلِيلًا ﴿١٥﴾

**16.** Кажи им на бедуините што заостанаа: “Ќе бидете повикани против народот кој поседува моќ и сила; ќе се борите ли против нив или, пак, ќе ги потчините? Па, ако бидете послушни... Аллах ќе ви даде награда убава, а ако,пак, ги вртат плеќите, како што вие ги вртевте плеќите порано, Он ќе ве казни со казна болна.

قُل لِّلْمُخَلَّفِينَ مِنَ ٱلْأَعْرَابِ سَتُدْعَوْنَ إِلَىٰ قَوْمٍ أُو۟لِى
بَأْسٍ شَدِيدٍ تُقَٰتِلُونَهُمْ أَوْ يُسْلِمُونَ فَإِن تُطِيعُوا۟
يُؤْتِكُمُ ٱللَّهُ أَجْرًا حَسَنًا وَإِن تَتَوَلَّوْا۟ كَمَا تَوَلَّيْتُم
مِّن قَبْلُ يُعَذِّبْكُمْ عَذَابًا أَلِيمًا ﴿١٦﴾

**17.** Нема грев за слепиот, нема грев ни за бушавиот, нема грев ни за болниот... Оној кој е послушен и на Аллах и на пејгамберот Негов... Он ќе ги воведе во бавчите џеннетски низ кои реки течат... А оној кој ќе ги сврти плеќите... Он ќе го казни со казна болна.

لَّيْسَ عَلَى ٱلْأَعْمَىٰ حَرَجٌ وَلَا عَلَى ٱلْأَعْرَجِ حَرَجٌ
وَلَا عَلَى ٱلْمَرِيضِ حَرَجٌ وَمَن يُطِعِ ٱللَّهَ وَرَسُولَهُۥ يُدْخِلْهُ
جَنَّٰتٍ تَجْرِى مِن تَحْتِهَا ٱلْأَنْهَٰرُ وَمَن يَتَوَلَّ يُعَذِّبْهُ
عَذَابًا أَلِيمًا ﴿١٧﴾

**18.** Аллах, секако, беше задоволен од верниците кога ти положија заклетва под стеблото, и тогаш Он знаеше што е во срцата нивни и им спушти смирна, и Он ги награди со победа блиска,

۞ لَّقَدْ رَضِىَ ٱللَّهُ عَنِ ٱلْمُؤْمِنِينَ إِذْ يُبَايِعُونَكَ
تَحْتَ ٱلشَّجَرَةِ فَعَلِمَ مَا فِى قُلُوبِهِمْ فَأَنزَلَ ٱلسَّكِينَةَ
عَلَيْهِمْ وَأَثَٰبَهُمْ فَتْحًا قَرِيبًا ﴿١٨﴾

**19.** и со разновиден плен што го заробија. Аллах, секако, е Силен и Мудар!

وَمَغَانِمَ كَثِيرَةً يَأْخُذُونَهَا وَكَانَ ٱللَّهُ
عَزِيزًا حَكِيمًا ﴿١٩﴾

**20.** Аллах ви вети разновиден плен што го заробивте. Но, Он побрза со тоа за вас, а рацете на луѓето ги допре во врска со вас, за тоа да биде знамение за верниците и за да ве упати по патот вистински,

وَعَدَكُمُ اللَّهُ مَغَانِمَ كَثِيرَةً تَأْخُذُونَهَا فَعَجَّلَ
لَكُمْ هَٰذِهِ وَكَفَّ أَيْدِيَ النَّاسِ عَنكُمْ وَلِتَكُونَ آيَةً
لِّلْمُؤْمِنِينَ وَيَهْدِيَكُمْ صِرَاطًا مُّسْتَقِيمًا ﴿٢٠﴾

**21.** и други, кои не бевте кадри да го заробете, но, Аллах, секако, го опфати. Аллах, навистина, е Кадар за сѐ!

وَأُخْرَىٰ لَمْ تَقْدِرُوا عَلَيْهَا قَدْ أَحَاطَ اللَّهُ بِهَا ۚ
وَكَانَ اللَّهُ عَلَىٰ كُلِّ شَيْءٍ قَدِيرًا ﴿٢١﴾

**22.** А да се бореа против вас неверниците ќе ги свртеа плеќите, сигурно! Потоа не ќе најдеа ни пријател ни поддржник![1]

وَلَوْ قَاتَلَكُمُ الَّذِينَ كَفَرُوا لَوَلَّوُا الْأَدْبَارَ
ثُمَّ لَا يَجِدُونَ وَلِيًّا وَلَا نَصِيرًا ﴿٢٢﴾

**23.** Праксата Аллахова беше и порано... И ти никогаш не ќе најдеш во праксата Аллахова измена.

سُنَّةَ اللَّهِ الَّتِي قَدْ خَلَتْ مِن قَبْلُ ۖ
وَلَن تَجِدَ لِسُنَّةِ اللَّهِ تَبْدِيلًا ﴿٢٣﴾

**24.** Он е Оној кој ги задржа рацете нивни во врска со вас, и рацете ваши во врска со нив, во срцето на Мекка, по победата ваша врз нив која Он ви ја даде. Аллах, навистина, го гледа она што го работите!

وَهُوَ الَّذِي كَفَّ أَيْدِيَهُمْ عَنكُمْ وَأَيْدِيَكُمْ عَنْهُم بِبَطْنِ
مَكَّةَ مِن بَعْدِ أَنْ أَظْفَرَكُمْ عَلَيْهِمْ ۚ وَكَانَ اللَّهُ
بِمَا تَعْمَلُونَ بَصِيرًا ﴿٢٤﴾

**25.** Оние се, токму, неверниците, и оние кои ве одвраќаа од Месџидул Харам, и ги одвраќаат курбаните жртвувани да стигнат до местата нивни. А да не беа мажи верници и жени вернички,

هُمُ الَّذِينَ كَفَرُوا وَصَدُّوكُمْ عَنِ الْمَسْجِدِ
الْحَرَامِ وَالْهَدْيَ مَعْكُوفًا أَن يَبْلُغَ مَحِلَّهُ ۚ وَلَوْلَا رِجَالٌ
مُّؤْمِنُونَ وَنِسَاءٌ مُّؤْمِنَاتٌ لَّمْ تَعْلَمُوهُمْ أَن تَطَئُوهُمْ
فَتُصِيبَكُم مِّنْهُم مَّعَرَّةٌ بِغَيْرِ عِلْمٍ ۖ لِّيُدْخِلَ اللَّهُ

кои вие не ги познававте... ќе ги потисневте и ќе ви се случеше од нив, без да знаете, злосторство - ете, за Аллах да воведе во милоста Своја кого сака. А тие луѓе да се одделеа Ние сигурно ќе ги казневне со казна болна... оние кои не веруваа.

فِي رَحْمَتِهِۦ مَن يَشَآءُۚ لَوْ تَزَيَّلُوا۟ لَعَذَّبْنَا ٱلَّذِينَ
كَفَرُوا۟ مِنْهُمْ عَذَابًا أَلِيمًا ﴿٢٥﴾

**26.** Кога неверниците ги исполнија срцата свои со ревност, ревност џахилиетска, Аллах, тогаш, ја спушти смирната Своја врз пејгамберот Свој и врз верниците. И го обврза зборот на богобојазливоста, и беа подостојни и поблиски до Зборот Негов. Аллах, секако, знае сè!

إِذْ جَعَلَ ٱلَّذِينَ كَفَرُوا۟ فِى قُلُوبِهِمُ ٱلْحَمِيَّةَ حَمِيَّةَ
ٱلْجَـٰهِلِيَّةِ فَأَنزَلَ ٱللَّهُ سَكِينَتَهُۥ عَلَىٰ رَسُولِهِۦ
وَعَلَى ٱلْمُؤْمِنِينَ وَأَلْزَمَهُمْ كَلِمَةَ ٱلتَّقْوَىٰ
وَكَانُوٓا۟ أَحَقَّ بِهَا وَأَهْلَهَاۚ وَكَانَ ٱللَّهُ
بِكُلِّ شَىْءٍ عَلِيمًا ﴿٢٦﴾

**27.** Аллах, навистина, ќе го оствари вистински сонот на пејгамберот Свој, за да влезете во Месџидул Харам, ако Аллах посака, безбедни, со потстрижени коси и избричани, не плашејќи се . Па, Он го знаеше она што не го знаевте и, освен тоа, одреди победа блиска.

لَّقَدْ صَدَقَ ٱللَّهُ رَسُولَهُ ٱلرُّءْيَا بِٱلْحَقِّۖ لَتَدْخُلُنَّ
ٱلْمَسْجِدَ ٱلْحَرَامَ إِن شَآءَ ٱللَّهُ ءَامِنِينَ مُحَلِّقِينَ
رُءُوسَكُمْ وَمُقَصِّرِينَ لَا تَخَافُونَۖ فَعَلِمَ مَا لَمْ
تَعْلَمُوا۟ فَجَعَلَ مِن دُونِ ذَٰلِكَ
فَتْحًا قَرِيبًا ﴿٢٧﴾

**28.** Он е Оној кој го испрати пејгамберот Свој со Патоказ, и со вера вистинска за да ја изрази над сите вери. Аллах е Доволен за Сведок!

هُوَ ٱلَّذِىٓ أَرْسَلَ رَسُولَهُۥ بِٱلْهُدَىٰ وَدِينِ ٱلْحَقِّ
لِيُظْهِرَهُۥ عَلَى ٱلدِّينِ كُلِّهِۦۚ وَكَفَىٰ بِٱللَّهِ
شَهِيدًا ﴿٢٨﴾

**29.** Мухаммед е Аллахов пејгамбер. А оние кои се со него се строги кон неверниците, а

مُّحَمَّدٌ رَّسُولُ ٱللَّهِۚ وَٱلَّذِينَ مَعَهُۥٓ أَشِدَّآءُ عَلَى ٱلْكُفَّارِ
رُحَمَآءُ بَيْنَهُمْۖ تَرَىٰهُمْ رُكَّعًا سُجَّدًا يَبْتَغُونَ فَضْلًا

милостиви еднисодруги. Ги гледаш и на руку' и на сеџде, како ја бараат добрината и задоволството Аллахово. Има белези на лицата нивни од трагите на сеџдето. Ете, таков беше примерот нивни во Теврат и таков беше примерот нивни во Инџил: како семе што ќе ја исфрли корката негова, ќе се зајакне, а потоа ќе се затврди врз стеблото, вчудоневидувајќи го сејачот за да се разлутат со тоа неверниците. А Аллах им вети на оние кои веруваат и кои добри дела работат прошка и награда голема!

من الله ورضوانا سيماهم في وجوههم
من أثر السجود ذلك مثلهم في التوراة ومثلهم
في الإنجيل كزرع أخرج شطأه فآزره
فاستغلظ فاستوى على سوقه يعجب الزراع
ليغيظ بهم الكفار وعد الله الذين آمنوا وعملوا
الصالحات منهم مغفرة وأجرا عظيما ٢٩

## *ЕЛ-ХУЏУРААТ* (Соби) XLIX

سورة الحجرات

**Во името на Аллах, Милостивиот Сомилосен!**

بسم الله الرحمن الرحيم

1. О верници, не брзајте пред Аллах и пред пејгамберот Негов. Плашете се од Аллах. Аллах, навистина, е Слушач и Знаец!

يا أيها الذين آمنوا لا تقدموا بين يدي الله
ورسوله واتقوا الله إن الله سميع عليم ١

2. О верници, не дигајте ги гласовите ваши пред гласот на пејгамберот и не разговарајте на висок глас пред него како што зборувате на висок глас едни - содруги - зашто ќе се поништат делата ваши а тоа да не го усетите.

يا أيها الذين آمنوا لا ترفعوا أصواتكم فوق صوت
النبي ولا تجهروا له بالقول كجهر بعضكم
لبعض أن تحبط أعمالكم وأنتم لا تشعرون ٢

3. Оние кои, навистина, го смалуваат гласот свој кај пе-

إن الذين يغضون أصواتهم عند رسول الله

أُوْلَٰٓئِكَ ٱلَّذِينَ ٱمۡتَحَنَ ٱللَّهُ قُلُوبَهُمۡ لِلتَّقۡوَىٰۚ
لَهُم مَّغۡفِرَةٞ وَأَجۡرٌ عَظِيمٌ ٣

јгамберот Аллахов... оние се чии срца Аллах ги очисти за богобојазливост: за нив има прошка и награда голема.

إِنَّ ٱلَّذِينَ يُنَادُونَكَ مِن وَرَآءِ ٱلۡحُجُرَٰتِ
أَكۡثَرُهُمۡ لَا يَعۡقِلُونَ ٤

**4.** Оние кои, навистина, те повикуваат зад одаите... мнозинството од нив не сфаќаат.

وَلَوۡ أَنَّهُمۡ صَبَرُواْ حَتَّىٰ تَخۡرُجَ إِلَيۡهِمۡ لَكَانَ خَيۡرٗا لَّهُمۡۚ
وَٱللَّهُ غَفُورٞ رَّحِيمٞ ٥

**5.** А да се стрпат, навистина, сè додека не излезеш пред нив, тоа ќе им биде подобро. Аллах е Простувач и Сомилосен!

يَٰٓأَيُّهَا ٱلَّذِينَ ءَامَنُوٓاْ إِن جَآءَكُمۡ فَاسِقُۢ بِنَبَإٖ فَتَبَيَّنُوٓاْ
أَن تُصِيبُواْ قَوۡمَۢا بِجَهَٰلَةٖ فَتُصۡبِحُواْ عَلَىٰ مَا فَعَلۡتُمۡ
نَٰدِمِينَ ٦

**6.** О верници, ако ви дојде несовесен со вест некаква, па разјаснете ја работата, за да не им нанесете зло на луѓето, незнаејќи, за да не се попишманите за она што го направивте.

وَٱعۡلَمُوٓاْ أَنَّ فِيكُمۡ رَسُولَ ٱللَّهِۚ لَوۡ يُطِيعُكُمۡ فِي كَثِيرٖ
مِّنَ ٱلۡأَمۡرِ لَعَنِتُّمۡ وَلَٰكِنَّ ٱللَّهَ حَبَّبَ إِلَيۡكُمُ ٱلۡإِيمَٰنَ
وَزَيَّنَهُۥ فِي قُلُوبِكُمۡ وَكَرَّهَ إِلَيۡكُمُ ٱلۡكُفۡرَ وَٱلۡفُسُوقَ
وَٱلۡعِصۡيَانَۚ أُوْلَٰٓئِكَ هُمُ ٱلرَّٰشِدُونَ ٧

**7.**Знајте дека меѓу вас, навистина, е Аллаховиот пејгамбер. Кога би ве послушал во многу работи, ќе падневте во пропаст. Но, Аллах ја поттикна љубовта кон верувањето ваше и ви го разубави во срцата ваши, а ви го направи презирно неверувањето, расипаноста и заборавот. Ете, такви се упатените!

فَضۡلٗا مِّنَ ٱللَّهِ وَنِعۡمَةٗۚ وَٱللَّهُ عَلِيمٌ حَكِيمٞ ٨

**8.** Благодат и добрина Аллахова! Аллах е Зналец и Мудар!

وَإِن طَآئِفَتَانِ مِنَ ٱلۡمُؤۡمِنِينَ ٱقۡتَتَلُواْ فَأَصۡلِحُواْ

**9.** Ако две дружини на верници се судрат, помирете ги ед-

нисодруги. Ако едната од нив ѝ направи насилство на другата, па борете се против онаа која направи насилство сѐ додека не пристигне наредбата Аллахова. Па, ако пристане, помирете ги еднисодруги, праведно, и држете ја рамнотежата! Аллах, навистина, ги љуби оние кои судат праведно!

بَيْنَهُمَا فَإِن بَغَتْ إِحْدَىٰهُمَا عَلَى ٱلْأُخْرَىٰ فَقَٰتِلُوا۟
ٱلَّتِى تَبْغِى حَتَّىٰ تَفِىٓءَ إِلَىٰٓ أَمْرِ ٱللَّهِ فَإِن فَآءَتْ
فَأَصْلِحُوا۟ بَيْنَهُمَا بِٱلْعَدْلِ وَأَقْسِطُوٓا۟ إِنَّ ٱللَّهَ
يُحِبُّ ٱلْمُقْسِطِينَ ۝٩

**10.** Верниците, навистина, се браќа... па, тогаш, помирете ги браќата ваши. Плашете се од Аллах за да ви се смилува!

إِنَّمَا ٱلْمُؤْمِنُونَ إِخْوَةٌ فَأَصْلِحُوا۟ بَيْنَ أَخَوَيْكُمْ
وَٱتَّقُوا۟ ٱللَّهَ لَعَلَّكُمْ تُرْحَمُونَ ۝١٠

**11.** О верници, мажите еднисодруги нека не се потценуваат, можеби едните се подобри од другите, а и жените нека не се потценуваат еднисодруги, можеби едните се подобри од другите. Не грдете се самите себеси и не надевајте надимоци лоши еднинадруги. Е, само колку е лоша расипаноста по верувањето! А оние кои не ќе се покајат - та, зулумќари се!

يَٰٓأَيُّهَا ٱلَّذِينَ ءَامَنُوا۟ لَا يَسْخَرْ قَوْمٌ مِّن قَوْمٍ عَسَىٰٓ
أَن يَكُونُوا۟ خَيْرًا مِّنْهُمْ وَلَا نِسَآءٌ مِّن نِّسَآءٍ عَسَىٰٓ
أَن يَكُنَّ خَيْرًا مِّنْهُنَّ وَلَا تَلْمِزُوٓا۟ أَنفُسَكُمْ وَلَا تَنَابَزُوا۟
بِٱلْأَلْقَٰبِ بِئْسَ ٱلِٱسْمُ ٱلْفُسُوقُ بَعْدَ ٱلْإِيمَٰنِ
وَمَن لَّمْ يَتُبْ فَأُو۟لَٰٓئِكَ هُمُ ٱلظَّٰلِمُونَ ۝١١

**12.** О верници, избегнувајте ги сомневањата многу; некои сомневања, навистина, се грев. Не испитувајте се и не озборувајте се еднисодруги. Посакува ли некој од вас да го јаде месото од брат му, мртов! Е, само колку е одбојно тоа! Плашете се од Аллах! Аллах, навистина, е Простувач и Сомилосен!

يَٰٓأَيُّهَا ٱلَّذِينَ ءَامَنُوا۟ ٱجْتَنِبُوا۟ كَثِيرًا مِّنَ ٱلظَّنِّ إِنَّ بَعْضَ
ٱلظَّنِّ إِثْمٌ وَلَا تَجَسَّسُوا۟ وَلَا يَغْتَب بَّعْضُكُم بَعْضًا
أَيُحِبُّ أَحَدُكُمْ أَن يَأْكُلَ لَحْمَ أَخِيهِ مَيْتًا
فَكَرِهْتُمُوهُ وَٱتَّقُوا۟ ٱللَّهَ إِنَّ ٱللَّهَ تَوَّابٌ رَّحِيمٌ ۝١٢

**13.** О луѓе, Ние ве создадовме, навистина, од еден маж и од една жена, и Ние одредивме да бидете народи и племиња за да се запознавате. Најблагородниот кај Аллах, секако, е најбогобојазливиот. Аллах, навистина, е Зналец и Известен!

يَٰٓأَيُّهَا ٱلنَّاسُ إِنَّا خَلَقۡنَٰكُم مِّن ذَكَرٖ وَأُنثَىٰ وَجَعَلۡنَٰكُمۡ
شُعُوبٗا وَقَبَآئِلَ لِتَعَارَفُوٓاْۚ إِنَّ أَكۡرَمَكُمۡ عِندَ ٱللَّهِ
أَتۡقَىٰكُمۡۚ إِنَّ ٱللَّهَ عَلِيمٌ خَبِيرٞ ١٣

**14.** Бедуните велат: “Веруваме!” Кажи: “ Не верувате!” Но, кажете: “Ние сме послушни”, бидејќи иманот не е влезен во срцата ваши. А ако сте послушни и на Аллах и на пејгамберот, Он не ќе ви скрати ништо од делата ваши. Аллах, навистина, е Простувач и Сомилосен!

۞قَالَتِ ٱلۡأَعۡرَابُ ءَامَنَّاۖ قُل لَّمۡ تُؤۡمِنُواْ وَلَٰكِن
قُولُوٓاْ أَسۡلَمۡنَا وَلَمَّا يَدۡخُلِ ٱلۡإِيمَٰنُ فِي قُلُوبِكُمۡۖ
وَإِن تُطِيعُواْ ٱللَّهَ وَرَسُولَهُۥ لَا يَلِتۡكُم مِّنۡ أَعۡمَٰلِكُمۡ
شَيۡـًٔاۚ إِنَّ ٱللَّهَ غَفُورٞ رَّحِيمٌ ١٤

**15.** Верници се, навистина, оние кои веруваат во Аллах и во пејгамберот Негов и кои, потоа, не се сомневаат, и кои се борат на Аллаховиот пат, и со имотите свои, и со животите свои. Оние, токму, се искрените!

إِنَّمَا ٱلۡمُؤۡمِنُونَ ٱلَّذِينَ ءَامَنُواْ بِٱللَّهِ وَرَسُولِهِۦ
ثُمَّ لَمۡ يَرۡتَابُواْ وَجَٰهَدُواْ بِأَمۡوَٰلِهِمۡ وَأَنفُسِهِمۡ
فِي سَبِيلِ ٱللَّهِۚ أُوْلَٰٓئِكَ هُمُ ٱلصَّٰدِقُونَ ١٥

**16.** Кажи: “Вие ли ќе го запознавате Аллаха со верата ваша, а Аллах го знае она што е на небесата и на Земјата. Аллах знае сѐ!”

قُلۡ أَتُعَلِّمُونَ ٱللَّهَ بِدِينِكُمۡ وَٱللَّهُ
يَعۡلَمُ مَا فِي ٱلسَّمَٰوَٰتِ وَمَا فِي ٱلۡأَرۡضِۚ
وَٱللَّهُ بِكُلِّ شَيۡءٍ عَلِيمٞ ١٦

**17.** Покажуваат наклоност кон тебе затоа што станаа муслимани. Кажи: “Не покажувајте наклоност кон мене заради тоа

يَمُنُّونَ عَلَيۡكَ أَنۡ أَسۡلَمُواْۖ قُل لَّا تَمُنُّواْ عَلَيَّ إِسۡلَٰمَكُمۖ
بَلِ ٱللَّهُ يَمُنُّ عَلَيۡكُمۡ أَنۡ هَدَىٰكُمۡ لِلۡإِيمَٰنِ إِن كُنتُمۡ
صَٰدِقِينَ ١٧

што го примивте Исламот. Аллах покажува наклоност кон вас - зашто, ако сте искрени, - ве упати кон иманот.

**18.** Аллах, секако, ја знае тајната на небесата и на Земјата. Аллах го гледа она што го работите!

إِنَّ ٱللَّهَ يَعْلَمُ غَيْبَ ٱلسَّمَٰوَٰتِ وَٱلْأَرْضِ ۚ وَٱللَّهُ
بَصِيرٌۢ بِمَا تَعْمَلُونَ ١٨

## *КАФ* (Каф) L

سُورَةُ قٓ

**Во името на Аллах, Милостивиот Сомилосен!**

بِسْمِ ٱللَّهِ ٱلرَّحْمَٰنِ ٱلرَّحِيمِ

**1.** Каф! Се колнам во Кур'анот славен.

قٓ ۚ وَٱلْقُرْءَانِ ٱلْمَجِيدِ ١

**2.** Но, ете се чудат затоа што им дојде еден опоменувач меѓу нив... па, неверниците велат: "Ова е чудна работа!

بَلْ عَجِبُوٓا۟ أَن جَآءَهُم مُّنذِرٌ مِّنْهُمْ
فَقَالَ ٱلْكَٰفِرُونَ هَٰذَا شَىْءٌ عَجِيبٌ ٢

**3.** Зарем кога ќе умреме и кога ќе станеме земја? Ете, тоа враќање е невозможно."

أَءِذَا مِتْنَا وَكُنَّا تُرَابًا ۖ ذَٰلِكَ رَجْعٌۢ بَعِيدٌ ٣

**4.** Ние знаеме, секако, што ќе им одземе земјата. Кај нас е Книгата што се чува!

قَدْ عَلِمْنَا مَا تَنقُصُ ٱلْأَرْضُ مِنْهُمْ ۖ وَعِندَنَا كِتَٰبٌ
حَفِيظٌۢ ٤

**5.** Но, не! Оние лажат за вистината, бидејќи таа веќе им дојде: токму, сметени се!

بَلْ كَذَّبُوا۟ بِٱلْحَقِّ لَمَّا جَآءَهُمْ فَهُمْ فِىٓ أَمْرٍ مَّرِيجٍ ٥

**6.** Зошто не гледаат кон небото над нив? Како Ние го подигнавме и како го накитивме и како е без недостаток?

أَفَلَمْ يَنظُرُوٓا۟ إِلَى ٱلسَّمَآءِ فَوْقَهُمْ كَيْفَ بَنَيْنَٰهَا
وَزَيَّنَّٰهَا وَمَا لَهَا مِن فُرُوجٍ ٦

**7.** И Земјата како Ние ја раширивме и како по неа брда расфрлавме, и од неа како да никнат секакви плодови убави,

وَٱلۡأَرۡضَ مَدَدۡنَٰهَا وَأَلۡقَيۡنَا فِيهَا رَوَٰسِيَ
وَأَنۢبَتۡنَا فِيهَا مِن كُلِّ زَوۡجِۭ بَهِيجٖ ٧

**8.** како очигледност и опомена за секој роб кој се обраќа.

تَبۡصِرَةٗ وَذِكۡرَىٰ لِكُلِّ عَبۡدٖ مُّنِيبٖ ٨

**9.** И од небото Ние спуштивме вода благородна, па со неа даваме да никнат и зеленчуци и жито што се жнее,

وَنَزَّلۡنَا مِنَ ٱلسَّمَآءِ مَآءٗ مُّبَٰرَكٗا فَأَنۢبَتۡنَا بِهِۦ جَنَّٰتٖ
وَحَبَّ ٱلۡحَصِيدِ ٩

**10.** и урми високи, во листовите збрани,

وَٱلنَّخۡلَ بَاسِقَٰتٖ لَّهَا طَلۡعٞ نَّضِيدٞ ١٠

**11.** како ‘рск за робовите, и со водата, исто така, Ние го оживуваме мртвиот предел. Ете, такво ќе биде проживувањето!

رِّزۡقٗا لِّلۡعِبَادِۖ وَأَحۡيَيۡنَا بِهِۦ بَلۡدَةٗ مَّيۡتٗاۚ كَذَٰلِكَ
ٱلۡخُرُوجُ ١١

**12.** И пред нив лажеа: и народот на Нух, и жителите на Рес, и на Семуд,

كَذَّبَتۡ قَبۡلَهُمۡ قَوۡمُ نُوحٖ وَأَصۡحَٰبُ ٱلرَّسِّ وَثَمُودُ ١٢

**13.** и на Ад, и фараонот и браќата на Лут,

وَعَادٞ وَفِرۡعَوۡنُ وَإِخۡوَٰنُ لُوطٖ ١٣

**14.** и жителите на Ајка и народот на Туб. Сите тие ги сметаа за лажни пејгамберите... па се овистини ветувањето!

وَأَصۡحَٰبُ ٱلۡأَيۡكَةِ وَقَوۡمُ تُبَّعٖۚ كُلّٞ كَذَّبَ
ٱلرُّسُلَ فَحَقَّ وَعِيدِ ١٤

**15.** Па, се уморивме ли со творењето прво? Но, тоа се оние кои не се начисто со новото создавање!

أَفَعَيِينَا بِٱلۡخَلۡقِ ٱلۡأَوَّلِۚ بَلۡ هُمۡ فِي لَبۡسٖ
مِّنۡ خَلۡقٖ جَدِيدٖ ١٥

**16.** Ние, секако, го создадовме човекот и знаеме што му

وَلَقَدۡ خَلَقۡنَا ٱلۡإِنسَٰنَ وَنَعۡلَمُ مَا تُوَسۡوِسُ بِهِۦ نَفۡسُهُۥۖ

шепоти душата. Ние сме му, меѓутоа, поблиску од жилата во гркланот.

وَنَحْنُ أَقْرَبُ إِلَيْهِ مِنْ حَبْلِ الْوَرِيدِ ﴿١٦﴾

**17.** Кога ќе се сретнат двајца, еден од левата а еден од десната страна, и кога ќе седнат,

إِذْ يَتَلَقَّى الْمُتَلَقِّيَانِ عَنِ الْيَمِينِ وَعَنِ الشِّمَالِ قَعِيدٌ ﴿١٧﴾

**18.** не ќе прозборат ниеден збор а да при себе нема бдеец, спремен!

مَا يَلْفِظُ مِنْ قَوْلٍ إِلَّا لَدَيْهِ رَقِيبٌ عَتِيدٌ ﴿١٨﴾

**19.** Маките смртни ќе дојдат, навистина! Од тоа, ете, не можеш да побегнеш!

وَجَاءَتْ سَكْرَةُ الْمَوْتِ بِالْحَقِّ ذَٰلِكَ
مَا كُنْتَ مِنْهُ تَحِيدُ ﴿١٩﴾

**20.** И ќе се дувне во Сурлата! Ете, тоа е Денот ветен!

وَنُفِخَ فِي الصُّورِ ذَٰلِكَ يَوْمُ الْوَعِيدِ ﴿٢٠﴾

**21.** И секоја душа ќе дојде со нејзин надзорник и сведок!

وَجَاءَتْ كُلُّ نَفْسٍ مَعَهَا سَائِقٌ وَشَهِيدٌ ﴿٢١﴾

**22.** Ти беше, секако, невнимателен кон ова, па Ние ја подигнавме завесата пред тебе и опулот твој денес е остар.

لَقَدْ كُنْتَ فِي غَفْلَةٍ مِنْ هَٰذَا فَكَشَفْنَا عَنْكَ غِطَاءَكَ
فَبَصَرُكَ الْيَوْمَ حَدِيدٌ ﴿٢٢﴾

**23.** Другарот негов ќе рече: " Овој до мене е спремен.

وَقَالَ قَرِينُهُ هَٰذَا مَا لَدَيَّ عَتِيدٌ ﴿٢٣﴾

**24.** Фрли го во Џехеннемот секој неверник, инаетчија!

أَلْقِيَا فِي جَهَنَّمَ كُلَّ كَفَّارٍ عَنِيدٍ ﴿٢٤﴾

**25.** Кој добро забрануваше, престапник, сомнителен!

مَنَّاعٍ لِلْخَيْرِ مُعْتَدٍ مُرِيبٍ ﴿٢٥﴾

**26.** Кој, покрај Аллах, друг бог прифаќаше, - та, фрли го во казната жестока!"

الَّذِي جَعَلَ مَعَ اللَّهِ إِلَٰهًا آخَرَ فَأَلْقِيَاهُ
فِي الْعَذَابِ الشَّدِيدِ ﴿٢٦﴾

**27.** Другарот негов ќе рече: “Господаре наш, не е мое да го присилувам, но тој, секако, беше скршнат во заблуда далечна.”

۞ قَالَ قَرِينُهُۥ رَبَّنَا مَآ أَطْغَيْتُهُۥ وَلَٰكِن كَانَ فِى ضَلَٰلٍۭ بَعِيدٍ ﴿٢٧﴾

**28.** Аллах ќе рече: “Не расправајте се при Мене. Јас ве опоменав, секако, уште од порано,

قَالَ لَا تَخْتَصِمُوا۟ لَدَىَّ وَقَدْ قَدَّمْتُ إِلَيْكُم بِٱلْوَعِيدِ ﴿٢٨﴾

**29.** кај Мене зборот не се менува и Јас не сум неправеден кон робовите.”

مَا يُبَدَّلُ ٱلْقَوْلُ لَدَىَّ وَمَآ أَنَا۠ بِظَلَّٰمٍ لِّلْعَبِيدِ ﴿٢٩﴾

**30.** Ден во кој ќе му речеме на Џехеннемот: “Се наполни ли?” - а тој ќе рече: “Има ли уште?”

يَوْمَ نَقُولُ لِجَهَنَّمَ هَلِ ٱمْتَلَأْتِ وَتَقُولُ هَلْ مِن مَّزِيدٍ ﴿٣٠﴾

**31.** И ќе се приближи Џеннетот за богобојазливите, сосем, блиску.

وَأُزْلِفَتِ ٱلْجَنَّةُ لِلْمُتَّقِينَ غَيْرَ بَعِيدٍ ﴿٣١﴾

**32.** “Ова е, токму, она што ви се ветуваше: за секој покајник и заштитник,

هَٰذَا مَا تُوعَدُونَ لِكُلِّ أَوَّابٍ حَفِيظٍ ﴿٣٢﴾

**33.** кој се плаши од Милостивиот и во тајност, и кој ќе дојде со срце оддадено.

مَّنْ خَشِىَ ٱلرَّحْمَٰنَ بِٱلْغَيْبِ وَجَآءَ بِقَلْبٍ مُّنِيبٍ ﴿٣٣﴾

**34.** Влезете во него со селам! Ете, ова е Денот на вечноста!”

ٱدْخُلُوهَا بِسَلَٰمٍ ذَٰلِكَ يَوْمُ ٱلْخُلُودِ ﴿٣٤﴾

**35.** Во него за нив ќе има сè што ќе посакаат. А кај Нас има и повеќе од тоа!

لَهُم مَّا يَشَآءُونَ فِيهَا وَلَدَيْنَا مَزِيدٌ ﴿٣٥﴾

**36.** И колку поколенија Ние пред нив уништивме, кои беа посилни од нив, и кои талкаа по

وَكَمْ أَهْلَكْنَا قَبْلَهُم مِّن قَرْنٍ هُمْ أَشَدُّ مِنْهُم بَطْشًا فَنَقَّبُوا۟ فِى ٱلْبِلَٰدِ هَلْ مِن مَّحِيصٍ ﴿٣٦﴾

земјите! Има ли каде да се скријат?

**37.** Во тоа, навистина, има опомена за оној кој има срце, или кој слуша или кој е присутен!

إِنَّ فِي ذَٰلِكَ لَذِكْرَىٰ لِمَن كَانَ لَهُۥ قَلْبٌ أَوْ أَلْقَى
ٱلسَّمْعَ وَهُوَ شَهِيدٌ ٣٧

**38.** Ние ги создадовме, секако, и небесата и Земјата и она што е меѓу нив за шест дена без да нè обзеде замор!

وَلَقَدْ خَلَقْنَا ٱلسَّمَٰوَٰتِ وَٱلْأَرْضَ وَمَا بَيْنَهُمَا
فِي سِتَّةِ أَيَّامٍ وَمَا مَسَّنَا مِن لُّغُوبٍ ٣٨

**39.** Па, стрпи се за она што го зборуваат и слави Го, заблагодарувајќи се, Господарот твој и пред изгрејсонце и пред зајдисонце.

فَٱصْبِرْ عَلَىٰ مَا يَقُولُونَ وَسَبِّحْ بِحَمْدِ رَبِّكَ
قَبْلَ طُلُوعِ ٱلشَّمْسِ وَقَبْلَ ٱلْغُرُوبِ ٣٩

**40.** И во ноќта величај Го, по паѓањето на сеџде!

وَمِنَ ٱلَّيْلِ فَسَبِّحْهُ وَأَدْبَٰرَ ٱلسُّجُودِ ٤٠

**41.** И слушни, Денот во кој викачот ќе вика од место ближно;

وَٱسْتَمِعْ يَوْمَ يُنَادِ ٱلْمُنَادِ مِن مَّكَانٍ قَرِيبٍ ٤١

**42.** Ден во кој ќе го слушаат страшниот глас, вистински! Ете, тоа е Денот на проживувањето!

يَوْمَ يَسْمَعُونَ ٱلصَّيْحَةَ بِٱلْحَقِّ ذَٰلِكَ يَوْمُ ٱلْخُرُوجِ ٤٢

**43.** Ние, навистина, оживуваме и Ние, навистина, усмртуваме! Свратилиштето е - кон Нас!

إِنَّا نَحْنُ نُحْيِۦ وَنُمِيتُ وَإِلَيْنَا ٱلْمَصِيرُ ٤٣

**44.** Ден во кој земјата ќе испука и оние ќе излезат, брзајќи. Ете, тоа збирање за Нас е лесно.

يَوْمَ تَشَقَّقُ ٱلْأَرْضُ عَنْهُمْ سِرَاعًا ذَٰلِكَ
حَشْرٌ عَلَيْنَا يَسِيرٌ ٤٤

**45.** Ние најдобро го знаеме она што го зборуваат. Не е твое да

نَّحْنُ أَعْلَمُ بِمَا يَقُولُونَ وَمَا أَنتَ عَلَيْهِم بِجَبَّارٍ

ги присилуваш. Па, присети го со Кур'анот оној што стравува од ветувањето Мое!

فَذَكِّرْ بِالْقُرْآنِ مَنْ يَخَافُ وَعِيدِ ﴿٤٥﴾

## *ЕЗ-ЗАРИЈАТ* (Дувачи) LI

سُورَةُ الذَّارِيَاتِ

**Во името на Аллах, Милостивиот Сомилосен!**

بِسْمِ اللَّهِ الرَّحْمَٰنِ الرَّحِيمِ

**1.** Се колнам во дувачите кои дуваат,

وَالذَّارِيَاتِ ذَرْوًا ﴿١﴾

**2.** и во носачите кои носат тешко,

فَالْحَامِلَاتِ وِقْرًا ﴿٢﴾

**3.** и во пливачите кои пливаат лесно,

فَالْجَارِيَاتِ يُسْرًا ﴿٣﴾

**4.** и во споделувачите на наредбата дека

فَالْمُقَسِّمَاتِ أَمْرًا ﴿٤﴾

**5.** она што ти се ветува е - вистина,

إِنَّمَا تُوعَدُونَ لَصَادِقٌ ﴿٥﴾

**6.** дека ветувањето, секако, ќе се случи!

وَإِنَّ الدِّينَ لَوَاقِعٌ ﴿٦﴾

**7.**Се колнам во небото, испресечено со покази,

وَالسَّمَاءِ ذَاتِ الْحُبُكِ ﴿٧﴾

**8.** дека вие, навистина, различно зборувате,

إِنَّكُمْ لَفِي قَوْلٍ مُخْتَلِفٍ ﴿٨﴾

**9.** и од него се одвраќа оној кој веќе се одвратил!

يُؤْفَكُ عَنْهُ مَنْ أُفِكَ ﴿٩﴾

**10.** Нека пропаднат лашковците,

قُتِلَ الْخَرَّاصُونَ ﴿١٠﴾

**11.** кои се вглавени во незнаење, и уште рамнодушни!

ٱلَّذِينَ هُمْ فِى غَمْرَةٍ سَاهُونَ ﴿١١﴾

**12.** Велат: “Кога ќе биде Денот суден?”

يَسْـَٔلُونَ أَيَّانَ يَوْمُ ٱلدِّينِ ﴿١٢﴾

**13.** Оној Ден кога во огнот ќе се пржат.

يَوْمَ هُمْ عَلَى ٱلنَّارِ يُفْتَنُونَ ﴿١٣﴾

**14.** Вкусете го сплеткарењето ваше. Па, кон ова вие, токму, брзавте да дојдете.

ذُوقُوا۟ فِتْنَتَكُمْ هَـٰذَا ٱلَّذِى كُنتُم بِهِۦ تَسْتَعْجِلُونَ ﴿١٤﴾

**15.** Богобојазливите, навистина, ќе бидат во бавчите џеннетски, меѓу изворите,

إِنَّ ٱلْمُتَّقِينَ فِى جَنَّـٰتٍ وَعُيُونٍ ﴿١٥﴾

**16.** и ќе го земаат она што ќе им го рече Господарот нивни. Оние пред тоа беа, навистина, доброчинители,

ءَاخِذِينَ مَآ ءَاتَىٰهُمْ رَبُّهُمْ ۚ إِنَّهُمْ كَانُوا۟ قَبْلَ ذَٰلِكَ مُحْسِنِينَ ﴿١٦﴾

**17.** само малку во ноќта спиеја,

كَانُوا۟ قَلِيلًا مِّنَ ٱلَّيْلِ مَا يَهْجَعُونَ ﴿١٧﴾

**18.** и во мугрите, токму, прошка бараа,

وَبِٱلْأَسْحَارِ هُمْ يَسْتَغْفِرُونَ ﴿١٨﴾

**19.** а во имотите свои, пак, имаше дел и за питачите и за непитачите.

وَفِىٓ أَمْوَٰلِهِمْ حَقٌّ لِّلسَّآئِلِ وَٱلْمَحْرُومِ ﴿١٩﴾

**20.** А на земјата има знаменија за верниците,

وَفِى ٱلْأَرْضِ ءَايَـٰتٌ لِّلْمُوقِنِينَ ﴿٢٠﴾

**21.** а и во вас самите - не гледате ли?

وَفِىٓ أَنفُسِكُمْ ۚ أَفَلَا تُبْصِرُونَ ﴿٢١﴾

**22.** И на небото е ‘рскот ваш и она што ви се ветува.

وَفِى ٱلسَّمَآءِ رِزْقُكُمْ وَمَا تُوعَدُونَ ﴿٢٢﴾

**23.** Па, се колнам во Господарот на небесата и на Земјата дека тоа, сигурно, е вистина слична на она што вие, токму, го зборувате!

فَوَرَبِّ ٱلسَّمَآءِ وَٱلْأَرْضِ إِنَّهُۥ لَحَقٌّ مِّثْلَ مَآ أَنَّكُمْ تَنطِقُونَ ﴿٢٣﴾

**24.** Ти дојде ли кажувањето за почитуваните гости на Ибрахим,

هَلْ أَتَىٰكَ حَدِيثُ ضَيْفِ إِبْرَٰهِيمَ ٱلْمُكْرَمِينَ ﴿٢٤﴾

**25.** кога влегоа кај него и рекоа: “Селам!” - а тој одговори: “Селам! О луѓе, непознати!”

إِذْ دَخَلُوا۟ عَلَيْهِ فَقَالُوا۟ سَلَـٰمًا ۖ قَالَ سَلَـٰمٌ قَوْمٌ مُّنكَرُونَ ﴿٢٥﴾

**26.** Па, скришно појде кај семејството свое и, ете, дојде со теле здебелено;

فَرَاغَ إِلَىٰٓ أَهْلِهِۦ فَجَآءَ بِعِجْلٍ سَمِينٍ ﴿٢٦﴾

**27.** и тогаш го приближи до нив, и рече: “Нема ли да јадете?”

فَقَرَّبَهُۥٓ إِلَيْهِمْ قَالَ أَلَا تَأْكُلُونَ ﴿٢٧﴾

**28.** И почувствува од нив страв. Рекоа: “Не плаши се!” И го зарадуваа со дете учено,

فَأَوْجَسَ مِنْهُمْ خِيفَةً ۖ قَالُوا۟ لَا تَخَفْ ۖ وَبَشَّرُوهُ بِغُلَـٰمٍ عَلِيمٍ ﴿٢٨﴾

